МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018



Број 20 Година XVIII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, декември 2024

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година**

1. Се објавува Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година, донесена на педесет и седма седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-8683/1
Датум:03.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13 и член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002“ и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), а во врска со член 33 од Законот за Буџети (Службен весник на РМ бр. 64/2005,/2008, 103/08, 156/09, 95/10,181/11,171/12 192/15 и 167/16), Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19,53/21,77/21, 151/21 и 173/22), Советот на општина Карпош на 57. седница одржана на 02 декември 2024 година донесе

## ОДЛУКА
## за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Карпош за 2024 година на следниов начин:

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Н1 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 421210 Централно греење | 0 | 0 | 3.516.000 | 0 | 0 |
| 464990 Други трансфери | 0 | 0 | 102.000 | 0 | 0 |
| 401320 Персон. Данок од надоместоци | 0 | 0 | -800.000 | 0 | 0 |
| 402110 Основен придонес за ПИО | 0 | 0 | -300.000 | 0 | 0 |
| 402210Основен придонес за здравство | 0 | 0 | -200.000 | 0 | 0 |
| 402220 Основен придонес за проф.забол. | 0 | 0 | -200.000 | 0 | 0 |
| 402310 Основен придонес за вработување | 0 | 0 | -300.000 | 0 | 0 |
| 404110 Надоместоци за годишен одмор | 0 | 0 | -600.000 | 0 | 0 |
| 404150 Други надоместоци | 0 | 0 | -198.000 | 0 | 0 |
| 423 720Матријали за разни поправки | 0 | 0 | -200.000 | 0 | 0 |
| 424210 Одржување на згради | 0 | 0 | -260.000 | 0 | 0 |
| 480140Купување на инф.опрема | 0 | 0 | -560.000 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Карпош и станува составен дел на Буџетот на општината за 2024 година.

Број 09-8489/8
Датум 02.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за давање согласност за закуп на магацински простор во сопственост на ДПТУ „Лапласт-М“ ДООЕЛ**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за закуп на магацински простор во сопственост на ДПТУ „Лапласт-М“ ДООЕЛ, донесена на педесет и седма седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8683/2**
**Датум:03.12.2024 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), а во врска со член 23 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/2019 и 87/2021), и врз основа на Договорот за закуп на деловен-магацински простор бр. 03-423/1 од 18.01.2024 година, Советот на Општина Карпош, на 57. седница, одржана на 02 декември 2024 година, донесе

## ОДЛУКА
## за давање согласност за закуп на магацински простор во сопственост на ДПТУ „Лапласт-М“ ДООЕЛ

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за закуп на деловен простор – магацин за складирање на подвижни ствари - сопственост на Општина Карпош.

**Член 2**

Деловниот простор – магацински простор бр. 1 кој е предмет на закуп на оваа одлука е во сопственост на Друштвото за производство, трговија и услуги **„ЛАПЛАСТ-М“ ДООЕЛ** експорт-импорт Скопје, со адреса на ул. „Франце Прешерн“ бр. 165, со број на жиро-сметка: 270-0000010535-98, депонент: Халк Банка АД, ЕДБ:МК4030004498837, застапувано од управителот Миле Илиевски и се наоѓа на подрачјето на општината, во локалитетот Момин Поток бб (улица „1506“ бр. 50).

**Член 3**

Предметниот деловен простор – магацин претставува покриен и затворен простор, кој што ги задоволува сите инфраструктурни потреби (добар и лесен приод, ѕидани простории, електрична инсталација, лимен покрив и обезбедена комплетна заштита на објектот).

Општина Карпош има потреба од 150 метри квадратни деловен простор за складирање на подвижни ствари кои се во сопственост на Општина Карпош.

**Член 4**

Месечната закупнина согласно понудата од закуподавецот изнесува 25.050,00 денари (без вклучен 18% ДДВ).

**Член 5**

Договорот за закуп да се склучи за 2025 година, почнувајќи од 01 јануари 2025 година, заклучно со 31 декември 2025 година.

**Член 6**

Средствата за реализација на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2025 година од Програмата ЕО – Општинска администрација.

**Член 7**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 8**

Се задолжува Секторот за правни работи да изготви договор и да ја спроведе постапката за потпишување и заверка на истиот.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-8489/9**
**Датум 02.12.2024 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за давање согласност за закуп на деловен простор на улица „Букурешка“ бр. 2, локал 2, Општина Карпош – Скопје**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за закуп на деловен простор на улица „Букурешка“ бр. 2, локал 2, Општина Карпош – Скопје, донесена на педесет и седма седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8683/3**
**Датум:03.12.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), а во врска со член 23 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/2019 и 87/2021), и врз основа на Анекс-договорот за закуп на деловен простор бр. 03-424/1 од 18.01.2024 година, Советот на Општина Карпош, на 57. седница, одржана на 02 декември 2024 година, донесе

## ОДЛУКА
### за давање согласност за закуп на деловен простор на улица „Букурешка“ бр. 2, локал 2, Општина Карпош – Скопје

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласнот за закуп на деловен простор сопственост на Закуподавачот, кој се наоѓа во Скопје на улица „Букурешка“ бр. 2, локал 2, опишан во Имотен лист бр. 45344 за КП бр.3060/2, КО Карпош.

**Член 2**

Деловниот простор кој е предмет на закуп на оваа одлука е во сопственост на Моме Мицоски, роден во с. Железна река – Гостивар со ЕМБГ 2003972473010, преку полномошник Злате Арсоски, роден во село Подбреѓе – Јегуновце, Тетово со ЕМБГ 1203948470014 и л.к. бр. А2693806 од МВР Тетово со специјално полномошно бр. 32044, со број на трансакциска сметка: 290500010631614 ТТК Банка АД – Скопје, во корист на Моме Мицоски.

Деловниот простор се наоѓа на подрачјето на општината, во УЗ „Тафталиџе 1“, со површина од 17 метри квадратни.

**Член 3**

Предметниот деловен простор претставува покриен и затворен простор, кој ги задоволува сите инфраструктурни потреби.

**Член 4**

Договорот за закуп да се склучи за 2025 година, почнувајќи од 01.01.2025 година, заклучно со 31.12.2025 година.

**Член 5**

Месечната закупнина согласно понудата од закуподавецот изнесува 180 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ.

**Член 6**

Средствата за реализација на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2025 година од Програмата ЕО – Општинска администрација.

**Член 7**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 8**

Се задолжува Секторот за правни работи да изготви договор и да ја спроведе постапката за потпишување и заверка на истиот.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-8489/10
Датум 02.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за изменување на Одлуката за прифаќање на трајно користење без надомест на недвижни ствари од Влада на Република Северна Македонија**

1. Се објавува Одлука за изменување на Одлуката за прифаќање на трајно користење без надомест на недвижни ствари од Влада на Република Северна Македонија, донесена на педесет и седма седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8683/4**
**Датум:03.12.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 202/24 ); член 18 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19) и врз основа на Одлуката за прифаќање на трајно користење без надомест на недвижни ствари од Влада на Република Северна Македонија бр.09-9170/26 од 26.12.2019 година година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/19), Советот на Општина Карпош, на 57. седница, одржана на 02 декември 2024 година, донесе

ОДЛУКА

**за изменување на Одлуката за прифаќање на трајно користење без надомест на недвижни ствари од Влада на Република Северна Македонија**

**Член 1**

Во Одлуката за прифаќање на трајно користење без надомест на недвижни ствари од Влада на Република Северна Македонија бр.09-9170/26 од 26.12.2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/19), се брише член 4, а членот 5 станува член 4.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-8489/11
Датум 02.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 202/24 ); член 18 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19) а во врска со Одлуката за прифаќање на трајно користење без надомест на недвижни ствари од Влада на Република Северна Македонија бр.09-9170/26 од 26.12.2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/19), Советот на Општина Карпош, на 57. седница, одржана на 02 декември 2024 година, донесе

## ОДЛУКА
## за прифаќање на трајно користење без надомест на недвижни ствари од Влада на Република Северна Македонија
## (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Карпош прифаќа трајно користење без надомест на недвижни ствари, кои се наоѓаат на улица „Љубљанска“ Скопје, на КП 1227/1, КО Карпош, запишани во Имотен лист бр.78806, сопственост на Република Северна Македонија и тоа:

- зграда бр.1, намена на зграда А2-2 станбено-деловни згради, број на влез 1, кат ПО, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда П помошна просторија, со внатрешна површина од 1126 $м^2$,
- зграда бр.1, намена на зграда Б6-3 повеќенаменски сали, број на влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП деловна просторија, со внатрешна површина од 910 $м^2$,
- зграда бр.2, намена на зграда Б6-3 повеќенаменски сали, број на влез 1, кат К1, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП деловна просторија, со внатрешна површина од 270 $м^2$,
- зграда бр.2, намена на зграда Б6-3 повеќенаменски сали, број на влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП деловна просторија, со внатрешна површина од 317 $м^2$.

од Влада на Република Северна Македонија, врз основа на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Карпош бр.45-7463/2 од 10 декември 2019 година.

**Член 2**

Недвижните ствари наведени во член 1 од оваа Одлука се прифаќаат на трајно користење на Општина Карпош, без надомест.

**Член 3**

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 на оваа Одлука ќе се изврши помеѓу Агенцијата за млади и спорт и Општина Карпош, во рок од 30 дена, сметано од 14 декември 2019 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-8489/11
Датум 02.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Одлука за давање на времено користење без надоместок дел од недвижна ствар, сопственост на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлука за давање на времено користење без надоместок дел од недвижна ствар, сопственост на Општина Карпош, донесена на педесет и седма седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8683/5**
**Датум:03.12.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 10; член 62 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и Барањето бр.11-4199/1 од 30.05.2024 година, Советот на Општина Карпош на 57. седница, одржана на 02 декември 2024 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА
## за давање на времено користење без надоместок дел од недвижна ствар, сопственост на Општина Карпош

### Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош ја дава на времено користење без надоместок дел од недвижната ствар, сопственост на Општина Карпош, опишана во Имотен лист бр.78806, КО Карпош:

- Број на катастарска парцела, основен 1227, дел 1
- Адреса: ул. „Љубљанска“ (позади Трговски центар Скопје Сити Мол)
- Број на зграда 1
- Намена на зграда Б6-2
- Влез 1
- Кат ПО
- Број 1
- Намена на посебен/заеднички дел од зграда П
- Број на внатрешна површина во м2, 1126
- Сопственост: Со Одлука донесена од Влада на РСМ за давање на трајно користење без надомест на Општина Карпош бр.45-7463/2 од 10.12.2019 година

### Член 2

Предметната недвижност опишана во член 1 од оваа одлука е дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“, позната како сала „Партизан“, која е лоцирана во урбаната заедница Карпош 4, Општина Карпош Скопје.

Опишаната предметна недвижност се наоѓа во подрумските простории на објектот.

**Член 3**

Врз основа на Барањето бр..11-4199/1 од 30.05.2024 година година, доставено од Македонската спортска стрелачка федерација (скратено МССФ), здружение настанато со здружување на стрелачки клубови од републиката, предметната недвижност се дава на времено користење за период од 10 (десет) години, без надоместок.

**Член 4**

МССФ се обврзува комплетно да го опреми подрумскиот простор за спортско стрелаштво, по потреба да инвестира во просторот, редовно да ги подмирува сите трошоци за одржување, како и да ги подмирува режиските трошоци кои произлегуваат од користењето на просторот.

МССФ се обврзува на опремување на просторот кој ќе биде наменет исклучиво за спортско стрелаштво со најнови и современи пултови, носачи на мети, електронски мети и заштитни табли, инсталација на две климатски единици за ладење и греење на просторот, како и монтажа на контролно броило за електрична енергија и водомерно броило за потребите на спортското стрелаштво со цел одвојување на сметките за електрична енергија и вода, опремување на просториите за складирање и чување на воздушното оружје, мети и дијаболи со метални ормари, како и одржување и обезбедување на просторот во периодот за кој ќе биде задолжена Македонската Спортска Стрелачка Федерација.

**Член 5**

Недвижноста да се даде на времено користење без надоместок врз основа на потпишан договор помеѓу Општина Карпош и Македонска спортска стрелачка федерација.
Се задолжува Секторот за правни работи на Општина Карпош да го изготви Договорот и да ја спроведе постапката за негово потпишување.
Договорот да содржи извршна клаузула и да се направи потврда на приватната исправа – солемнизација пред надлежен нотар.

**Член 6**

Се овластува Градоначалникот да ја спроведе оваа одлука.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-8489/12
Датум 02.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства на заслужен граѓанин за 2025 година**

1. Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства на заслужен граѓанин за 2025 година, донесена на педесет и седма седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8683/6**
**Датум:03.12.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Карпош на 57. седница, одржана на 02 декември 2024 година, донесе

## О Д Л У К А
## за одобрување на финансиски средства на заслужен граѓанин за 2025 година

**Член 1**

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства како помош на заслужниот граѓанин Милорад Луковски.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 18.000,00 (осумнаесетилјади) денари, за 12 месеци, почнувајќи од месец јануари 2025 година, заклучно со месец декември 2025 година.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2025 година и истите ќе се исплаќаат сукцесивно, еднаш во месецот, вкупно 12 месеци, почнувајќи од месец јануари 2025 година, заклучно со месец декември 2025 година.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-8489/13
Датум 02.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Службена белешка за не усвојување Предлог – Програма за одбележување на 49-годишнината од формирањето на Општина Карпош**

1.Се објавува Службена белешка за не усвојување на Предлог - Програма за одбележување на 49-годишнината од формирањето на Општина Карпош, донесена од Претседателот на Совет на Општина Карпош по одржувањето на педесет и седма седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-8683/7
Датум:03.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), а во врска со усвоената предлог - точка на дневниот ред за работа на педесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, Предлог - Програма за одбележување на 49-годишнината од формирањето на Општина Карпош, Претседателот на Советот на Општина Карпош, по одржувањето на 57. седница на 02 декември 2024 година, донесе

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

**за не усвојување Предлог - Програма за одбележување на 49-годишнината од формирањето на Општина Карпош**

1. Со оваа Службена белешка се констатира дека предложената точка од усвоениот Дневен ред за работа на 57. седница на Советот на Општина Карпош, Предлог - Програмата за одбележување на 49-годишнината од формирањето на Општина Карпош НЕ Е УСВОЕНА.

2. По извршеното гласање беше констатирано дека ЗА гласале 11 членови на Советот, 2 членови на Советот гласале ПРОТИВ, 4 членови на Советот гласале ВОЗДРЖАНИ, врз основа на што е констатирано дека не е усвоена Предлог - Програмата за одбележување на 49-годишнината од формирањето на Општина Карпош.

**Број 09-8489/14**
**Датум 02.12.2024 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Програма за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2025 година**

1. Се објавува Програма за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2025 година, донесена на педесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8683/8**
**Датум:03.12.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13 и член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Карпош, на 57. седница, одржана на 02 декември 2024 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2025 година

## I. Развојни приоритети и цели

Во Програмата се дефинираат повеќе приоритети поврзани со месната самоуправа,кои треба да придонесат за унапредување на истата и тоа:

- Поддршка и помош во организацијата на разни манифестации кои се
организираат во урбаните,односно во месните заедници;

## II. Проектни активности

### А. Поддршка и помош во организацијата на разни манифестации кои се организираат во урбаните, односно месни заедници

| | **Прослава на Св. Пантелејмон во Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности** | **Финансиска и логистичка поддршка на прославата на верскиот празник Св Пантелејмон во урбаната заедница Нерези** |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели** | **Почитување на верските празнувања ,негување и продолжување на народните обичаи при верските празнувања.Дружење и непосредна комуникација на граѓаните од Општината** |
| **Очекувани резултати** | **Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на на жителите на урбаната заедница** |
| **Целна Група** | **Жителите на урбаната заедница Нерези и пошироко на целата територија на Општината** |
| **Предвидена финансиска рамка** | **40.000,оо денари** |
| **Реализатор** | **Општина Карпош** |

| | |
|---|---|
| | *Прослава Св.Атанасиј во Општина Карпош* |
| Опис на активностите | Финансиска и логистичка поддршка на прославите за верскиот празник Св.Атанасиј во урбаните заедници Влае 1, Пецо Божиновски – Кочо и Злокуќани; |
| Стратешки насоки и цели | Почитување на верските празнувања, негување и продолжување на народните обичаи при верските празнувања. Дружење и непосредна комуникација на граѓаните од урбаните заедници и пошироко. |
| Очекувани резултати | Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на урбаните и месни заедници и пошироко. |
| Целна група | Жителите на урбаните заедници Влае 1 и Злокуќани,Пецо Божиновски-Кочо |

| | |
|---|---|
| Предвидена финасиска рамка | Вкупна предвидена финансиска рамка 120.000,оо денари од кои:<br>(“Влае 1” 40.000,оо денари, Пецо Божиновски – Кочо 40.000,00 денари и Злокуќани 40.000,00 денари) |
| Реализатор: | Општина Карпош |

| | Прослава на Богојавление-Водици во Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активностите | Финансиска и логистичка поддршка на прославата за верскиот празник Богојавление-Водици во урбаната заедница Нерези |
| Стратешки насоки и цели | Почитување на верските празнувања, негување и продолжување на народните обичаи при верските празнувања.<br>Дружење и непосредна комуникација на граѓаните од Општината. |
| Очекувани резултати | Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на урбаната заедница |
| Целна група | Жителите на урбаната заедница Нерези,и пошироко на целата територија на Општината. |
| Предвидена финасиска рамка | 40.000,оо денари |
| Реализатор: | Општина Карпош |

| | *Прослава Св.Тројица во Општина Карпош* |
|---|---|
| Опис на активностите | Финансиска и логистичка поддршка на прославата за верскиот празник Св.Тројца во месната заедница Бардовци; |
| Стратешки насоки и цели | Почитување на верските празнувања, негување и продолжување на народните обичаи при верските празнувања. Дружење и непосредна комуникација на граѓаните од месната заедница и пошироко . |
| Очекувани резултати | Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на месната заедница и пошироко. |
| Целна група | Жителите на месната заедница Бардовци,и пошироко на целата територија на Општината. |
| Предвидена финасиска рамка | 40.000,00 денари |
| Реализатор: | Општина Карпош |

| | *Прослава Ифтар во Општина Карпош* |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **Опис на активностите** | Финансиска и логистичка поддршка на прославата за верскиот празник Ифтар во УЗ Нерези и УЗ Злокуќани; |
| **Стратешки насоки и цели** | Почитување на верските празнувања, негување и продолжување на народните обичаи при верските празнувања.<br>Дружење и непосредна комуникација на граѓаните од урбаната заедница и пошироко. |
| **Очекувани резултати** | Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на урбаната заедница и пошироко. |
| **Реализатор** | Жителите на УЗ Нерези и УЗ Злокуќани |
| **Предвидена финасиска рамка** | Вкупна предвидена финансиска рамка 80.000,оо денари од кои:<br>(УЗ Нерези 40.000,оо денари,УЗ Злокуќани 40.000,оо денари) |
| **Реализатор:** | Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| | *Прослава на Св.Сава во Општина Карпош* |

| | |
|---|---|
| Опис на активностите | Финансиска и логистичка поддршка на прославита за верскиот празник Св.Сава на целата територија на Општина Карпош , по Урбани и Месни заедници; |
| Стратешки насоки и цели | Почитување на верските празнувања, негување и продолжување на народните обичаи при верските празнувања.<br>Дружење и непосредна комуникација на граѓаните од територијата на Општината,од сите урбани и месни заедници. |
| Очекувани резултати | Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на урбаните и месни заедници |
| Целна група | Жителите на урбаните и месни заедници на територијата на Општина Карпош |
| Предвидена финасиска рамка | 40. 000,00 денари |
| Реализатор: | Општина Карпош реализирано на Српски културен центар |

| | |
|---|---|
| | Прослава на 8-ми септември Денот на Независноста во Општина *Карпош* |

| | |
|---|---|
| Опис на активностите | Финансиска и логистичка поддршка за Денот на Независноста 8 ми Септември |
| Стратешки насоки и цели | Почитување на одбележувањето на 8 ми Септември денот на Македонската Независност самобитност и државотворност |
| Очекувани резултати | Зачувување на Државноста и самобитноста на македонскиот народ односно на граѓаните жители на Урбаните и месни заедници |
| Целна група | Жителите на урбаните и месна заедница на територијата на Општина Карпош |
| Предвидена финасиска рамка | 50.000,оо ден |
| Реализатор: | Општина Карпош |

Вкупна предвидена финансиска рамка: 410.000,00денари

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 410.000,оо денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата,а кои согласно потребите ке се појават во текот на 2025 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV.Завршни одредби

Одделението за месна самоуправа со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа програма.Покренувањето на нови иницијативи,како и давање мислења и предлози заради

остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број 09-8489/15
Датум 02.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за објавување Програма за активностите на Општина Карпош во областа на односите со јавноста и информации на граѓаните за 2025 година

1. Се објавува Програма за активностите на Општина Карпош во областа на односите со јавноста и информации на граѓаните за 2025 година, донесена на педесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8683/9**
**Датум:03.12.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13 и член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Карпош, на 57. седница, одржана на 02 декември 2024 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош во обласна на односите со јавноста и информации на граѓаните за 2025 година

**Вовед**

Секторот за односи со јавност и информации на граѓаните преку изработка и имплементација на програма за 2025 година ќе придонесе кон спроведување на активности од областа на комуникациите, поточно односите со јавност на локалната самоуправа со целните публики: граѓаните на Карпош како општа јавност, и сите сегментирани јавности: медиумите, институциите, невладините организации и останатите заинтересирани страни

Секторот во својот состав содржи две одделенија – Одделение за односи со јавност и Одделение за информации на граѓаните. Проектните задачи кои се спроведуваат преку активностите во овие две одделенија во секторот, имаат за цел подигање на транспарентноста на општината, подобрување на комуникацијата со граѓаните, поголема информираност и афирмација на граѓаните за активностите кои се преземаат и извршуваат од страна на општината.

## I. Развојни приоритети и цели

Транспарентно и секојдневно информирање на граѓаните за работењето на општината

Подобрување на двонасочната комуникација преку сеопфатност, квалитет и користење на сите современи алатки и постојни канали на комуникација

Вклучување на сегментираните и општата јавност во решавањето на проблеми од локално значење и креирање на политики

Креирање на дата база која овозможува поставување на краткорочни и долгорочни комуникациски стратегии

## II. Проектни активности

1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИТЕ СЕКТОРИ ПРЕКУ, СО ЗАКОН ПРОПИШАНИ ОБВРСКИ

1.1. Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување во дневен весник на македонски јазик)
1.2. Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување во втор дневен весник на македонски јазик)
1.3. Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување во дневен весник на јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот)

2. УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО МЕДИУМИТЕ, ПРЕКУ ПРЕТПЛАТА НА ДНЕВЕН И НЕДЕЛЕН ПЕЧАТ

3. ИЗРАБОТКА НА PRESS CLIPPING КАКО НЕОПХОДНА ДАТА БАЗА ВО КРЕИРАЊЕ НА КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА

4. СОРАБОТКА СО ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА, ЗА НАЈАВУВАЊЕ НАСТАНИ ЗНАЧАЈНИ ЗА ОПШТИНА КАРПОШ

5. СЕРВИСИРАЊЕ И НАБВКИ НА ВИДЕО И ФОТООПРЕМА

6. ОДРЖУВАЊЕ НА ВЕБ СТРАНАТА НА ОПШТИНА КАРПОШ, ХОСТИНГ И ДОМЕЈН

| | |
|---|---|
| 1.1. | Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.) |

| | |
|---|---|
| Опис на активности: | Општината врши континуиран или периодичен закуп на простор во традиционалните (печат, телевизија, радио) и современи медиуми (портали или социјални мрежи) согласно одредбите на различни предметни закони за огласување: (пр. Закон за урбанизам и урбанистичко планирање, Закон за легализација на бесправно изградени објекти, Закон за јавни набавки и сл.) . |
| Стратешки насоки и цели: | Транспарентноста како етичка и законска обврска во комуникацијата на локалната власт со засегнатите публики, по силата на неколку различни предметни закони, од различни сфери на работење на секторите, Општината е должна да ги информира граѓаните за одредени свои производи (одлуки, решенија, конкурси) и услуги кои таа ги нуди. Некои закони предвидуваат огласување во повеќе медиуми (на македонски јазик) некои и на јазик различен од македонскиот . |
| Очекувани резултати: | Подобрување на двонасочната комуникација во сеопфатност, квалитет и користење на сите современи канали на комуникација, но и поголема и благовремена информираност и партиципативност на граѓаните во општинските услуги. |
| Целна група: | Граѓаните на Карпош, инвеститори, медиуми, ученици и спортисти |
| Предвидена финансиска рамка: | 1.000.000,00 денари |

| 1.2. | Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.) во втор весник на македонски јазик |
|---|---|
| Опис на активности: | Општината врши континуиран или периодичен закуп на простор во традиционалните (печат, телевизија, радио) и современи медиуми (портали или социјални мрежи) согласно одредбите на различни предметни закони за огласување: (пр. Закон за урбанизам и урбанистичко планирање, Закон за легализација на бесправно изградени објекти, Закон за јавни набавки и сл) . |
| Стратешки насоки и цели: | Транспарентноста како етичка и законска обврска во комуникацијата на локалната власт со засегнатите публики, по силата на неколку различни предметни закони, од различни сфери на работење на секторите, Општината е должна да ги информира граѓаните за одредени свои производи (одлуки, решенија, конкурси) и услуги кои таа ги нуди.<br>Некои закони предвидуваат огласување во повеќе медиуми (на македонски јазик) некои и на јазик различен од македонскиот<br>Според некои предметни закони огласувањето мора да оди во два дневни весници на македонски јазик, што упатува на дополнително обезбедување простор и средства во уште еден, нов, дневен весник за огласување на соопштенија и информации за потребите на Општина Карпош. |

| | |
|---|---|
| Очекувани резултати: | Подобрување на двонасочната комуникација во сеопфатност, квалитет и користење на сите современи канали на комуникација, но и поголема и благовремена информираност и партиципативност на граѓаните во општинските услуги. |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош инвеститори, медиуми, ученици и спортисти |
| Предвидена финансиска рамка: | **250.000,00** денари |
| 1.3. | Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.) во дневен весник на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот) |
| Опис на активности: | Општината врши континуиран или периодичен закуп на простор во традиционалните (печат, телевизија, радио) и современи медиуми (портали или социјални мрежи) согласно одредбите на различни предметни закони за огласување: (пр. Закон за урбанизам и урбанистичко планирање, Закон за легализација на бесправно изградени објекти, Закон за јавни набавки и сл) . |

| | |
|---|---|
| Стратешки насоки и цели: | Транспарентноста како етичка и законска обврска во комуникацијата на локалната власт со засегнатите публики, по силата на неколку различни предметни закони, од различни сфери на работење на секторите, Општината е должна да ги информира граѓаните за одредени свои производи (одлуки, решенија, конкурси) и услуги кои таа ги нуди.<br>Некои закони предвидуваа огласување во повеќе медиуми (на македонски јазик) некои и на јазик различен од македонскиот |
| Очекувани резултати: | Подобрување на двонасочната комуникација во сеопфатност, квалитет и користење на сите современи канали на комуникација, но и поголема и благовремена информираност и партиципативност на граѓаните во општинските услуги. |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош, нвеститори, медиуми, ученици и спортисти |
| Предвидена финансиска рамка: | 1.000.000,00 денари |

| 2. | Унапредување на соработката со медиумите, преку претплата на дневен и неделен печат |
|---|---|
| Опис на активности: | Во континуитет или периодично, Општината има потреба од тековно информирање, но и увид за присуството во медиумите (традиционални и нови) со огласување на своите активности |

| | |
|---|---|
| Стратешки насоки и цели: | Презентација на општинските активности преку повеќе канали на комуникација, меѓу кои печатените и електронските медиуми, Зголемување на позитивната перцепција за одредени настани кои се важни за локалната власт Поголема достапност до разновpсна публика по возраст, образование, родова припадност и сл. |
| Очекувани резултати: | Зголемена отчетност на локалната самоуправа и начинот на водење на политиките, поголема партиципативност на граѓаните во предлози и идеи како и двонасочна комуникација (посебно преку интернет порталите) |
| Целна група: | Медиуми,граѓани |
| Предвидена финансиска рамка: | **100.000,00** денари |

| | |
|---|---|
| 3. | Изработка на press clipping како неопходна дата база во креирање на комуникациска стратегија (од аутсорсинг компанија) |

| | |
|---|---|
| Опис на активности: | Темелно и контролирано следење на медиумската перцепција и начинот на известување на традиционалните и електронските медиуми за активностите и работењето на локалната власт преку big data платформа. Најчесто користена и најпристапна е press clippingot, која ја изработуваат специјализирани аутсорсинг компании |
| Стратешки насоки и цели: | Добивање на правовремени (најбрзи) квантитативни и квалитативни сознанија за медиумската перцепција за работата на Општината, Советот и градоначалникот<br>Креирање или прилагодување на комуникациската стратегија соодветно на дневната, месечна анализа на текстови |
| Очекувани резултати: | Брзо и правилно насочување на комуникациите, подобрена слика и медиумска перцепција за Општината и индиректно на општата јавност |
| Целна група: | Медиуми,граѓани |
| Предвидена финансиска рамка: | **330.000,00 денари** |

| 4. | Соработка со информативна агенција, за најавување настани значајни за Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | Општината има потреба од соработка со информативна агенција која е најбрз и сеопфатен информатор на сите останати медиуми, како и информативен сервис |
| Стратешки насоки и цели: | Благовремено известување на јавноста |
| Очекувани резултати: | Подобрување и благовремено најавување на општинските настани |

| | |
|---|---|
| Целна група: | Граѓани, медиуми, НВО, институции |
| Предвидена финансиска рамка: | **45.000,00** денари |

| 5. | Сервисирање и набавка на видео и фотоопрема |
|---|---|
| Опис на активности: | За потребите на Општина Карпош се продуцираат информативни видео записи и галерии фотографии кои се пласираат на интернет страницата, на социјалните мрежи, како и до сите медиуми |
| Стратешки насоки и цели: | Побогато и илустративно информаирање на јавноста |
| Очекувани резултати: | Поголема отчетност и подобар рејтинг на Општината |
| Целна група: | Граѓани, медиуми |
| Предвидена финансиска рамка: | **200.000,00** денари |

| 6. | Одржување на веб страната на Општина Карпош, хостинг и домејн |
|---|---|
| Опис на активности: | За потребите на Општина Карпош потребно е да се обезбеди континуирана поддршка и одржување на веб страната на Општина Карпош, хостинг и домејн |
| Стратешки насоки и цели: | Стабилно илустративно информирање на јавноста |
| Очекувани резултати: | Поголема отчетност и подобар рејтинг на Општината |
| Целна група: | Граѓани, медиуми |

| | |
|---|---|
| Предвидена финансиска рамка: | **40.000,00** денари |

Вкупна предвидена финансиска рамка: 2.965.000,00 денари

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **2.965.000,00 денари** е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2025 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Секторот за односи со јавност и информации на граѓаните со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број 09-8489/16
Датум 02.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање - конституирање Локален Совет за женско претрпиемништво**

1. Се објавува Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање - конституирање Локален Совет за женско претрпиемништво, донесена на педесет и седма седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8683/10**
**Датум:03.12.2024 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), член 38-з од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021 и 23/2022), и Одлуката за формирање – конституирање Локален совет на женско претприемништво бр.09-5974/6 од 30.08.2024 година, Советот на Општина Карпош на 57. седница, одржана на 02 декември 2024 година, донесе

# ОДЛУКА
**за изменување и дополнување на Одлуката за формирање - конституирање Локален Совет за женско претрпиемништво**

1.Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за формирање – конституирање Локален совет на женско претприемништво бр.09-5974/6 од 30.08.2024 година (Службен гласник на Општина Карпош бр.15/24), донесена на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош.

2.Изменувањето и дополнувањето се врши на начин што член 2 се брише и се додава нов член 2 кој гласи:

Во Советот за женско претприемништво на Општина Карпош членуваат:

1. Стевчо Јакимовски – Градоначалник
2. Виолета Михајловска- координатор за КЕМ
3. Александра Теова - администрација Општина Карпош
4. Виолета Куновска - член на Советот
5. Наталија Спировска -член на Советот
6. Гордана Велковска - Ивановска - член на Советот
7. Александра Антевска -член на Советот
8. Невена Георгиевска - член на Советот
9. Татјана Стојановска - член на Советот
10. Адријана Јакимовска Панчевска- член на Советот

11. Благица Цветановска - член на Советот
12. Добрила Андоновска - член на Советот
13. Убавица Игнатоска – член на Советот
14. Ирена Аспровска Трајковиќ – бизнис сектор
15. Марија Милошевска – бизнис сектор
16. Марина Терповска Штарго – бизнис сектор
17. Илина Балова – студент
18. Славица Новеска – бизнис сектор
19. Даниела Димитриевска – граѓански сектор
20. Вера Бошкова – образовен сектор
21. Наташа Ристовска – образовен сектор

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош.

Број 09-8489/17
Датум 02.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа**

1. Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа, донесена на педесет и седма седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-8683/11
Датум:03.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024) и Барањето за еднократна помош бр.54-8146/1 од 18.11.2024 година, Советот на Општина Карпош, на 57. седница, одржана на 02 декември 2024 година, донесе

ОДЛУКА

**за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува барањето за финансиски средства како помош за санација опожарена куќа, бр.54-8146/1 од 18.11.2024 година, доставено од Виктор Танасковски ул.Иван Цанкар бр.91 А , УЗ Влае 1.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука во вкупен износ од 100.000,оо (стоилјади) денари да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2024 година.

**Член 3**

Врз основа на оваа одлука, Општина Карпош и барателот на финансиската поддршка Виктор Танасковски имаат обврска да потпишат Договор.

**Член 4**

Барателот Виктор Танасковски се обврзува средствата доделени од Општина Карпош, утврдени во член 2 на овој Договор да ги користи наменски.

**Член 5**

Барателот е должен до општината да достави детален финансиски извештај, со спецификација за вкупните трошоци, кои во прилог ќе ги содржи следните документи: фактури и/или фискални

сметки и/или завршни ситуации и други документи кои се однесуваат на реализирани плаќања во врска со доделената финанансиска помош.

Член 6

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе решение за исплата на средствата од Буџетот на Општина Карпош за 2024 година.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-8489/18
Датум 02.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов , с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Решение за именување на претседател и членови на Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот за 2025 година**

1. Се објавува Решение за именување на претседател и членови на Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот за 2025 година, донесено на педесет и седма седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-8683/12
Датум:03.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024) и член 39, став 3 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“(„Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021 и 23/2022), а во врска со член 137 од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), Советот на Општина Карпош, на 57. седница одржана на 2 декември 2024 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за именување на претседател и членови на Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот за 2025 година**

1. Заради изработка на Програмата на Советот на Општина Карпош за 2025 година се формира Комисија во следниот состав:

| | |
|---|---|
| Претседател | Бранко Ристов |
| Членови | Невена Георгиевска |
| | Александра Антевска |
| | Зоран Краљевски |
| | Славко Митевски |

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-8489/19<br>
Датум 02.12.2024 година<br>
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош - Скопје , донесено на педесет и седма седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8683/13**
**Датум:03.12.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/2024) и членот 114, ставови 10, 13, 15, 16, 17 и 18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), Одлука од Советот на родители на ЈУОДГ „Распеана Младост“ бр.02-176/1 од 01.10.2024 година и Барањето бр.03-176/3 од 02.10.2024 година, заверено во архивата на Општина Карпош 09-7025/1 од 02.10.2024 година, Советот на Општина Карпош на 57. седница одржана на 2 декември 2024 година донесе

## РЕШЕНИЕ

**за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош - Скопје**

1. Со ова решение се разрешува членот на управен одбор на ЈУОДГ „Распеана Младост“ претставник на родителите, а именуван и верификуван од Советот на Општина Карпош, поради престанок на мандат по основ престанок на статус родител на дете згрижено во ЈУОДГ „Распеана Младост“:

- Лидија Петровска

2. За член во управниот одбор на ЈУОДГ „Распеана Младост“ претставник на родителите, Советот на Општина Карпош го именува и верификува:

- Таше Стрезовски

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-8489/20
Датум 02.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**

1. Се објавува Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година, донесен на педесет и седма седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-8683/14
Датум:03.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) член 8, став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 53/21,72/21,150,21,173/22 и 170/24) и член 184 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19 ,275/19, 311/20,294/21,150/22 и 230/22), а во врска со Уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотции за јавните установи за деца-детски градинки и Центри за ран детски развој во состав на Јавни детски градинки по општини за 2025 година бр.41-9692/4 од 29.10.2024 година, Советот на Општина Карпош, на 57. седница, одржана на 2 декември 2024 година, го донесе следниот

**ПРАВИЛНИК**

**за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година.

**Член 2**

Со средствата од блок дотацијата за финансирање на дејноста – згрижување и воспитание на деца, трансферирани од Буџетот на Република Македонија за 2021 година во Раздел 15001-Министерство затруд и социјална политика, Програма А, Подпрограма А2-Пренесување на надлежности на единиците на локалната самоуправа, согласно Буџетот на Општина Карпош за 2025 година, Програма В1 и подпрограма В10 – згрижување и воспитание на деца, се врши финансирање на Јавните установи општинските детски градинки:

- „ Орце Николов“,
- „Мајски Цвет“,
- „Пролет“ и
- „ Распеана Младост“.

Средствата од став 1 на овој член се распоредуваат поединечно на секоја јавна установа општинска детска градинка врз основа на претходно доставените податоци од страна на јавна установа општинска детска градинка и нивните годишни финансиски планови.

**Член 3**

Распределбата на блок дотацијата по Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош ќе се врши по следните критериуми:

- основна сума по дете за престој на дете во општинска јавна установа за деца-детска градинка

-број на деца во општинската јавна установа за деца-детска градинка

-број на вработени во општинската јавна установа за деца-детска градинка

**Член 4**

Блок дотацијата за дејноста згрижување и воспитание на деца во општинските јавни установи за деца-детски градинки и центри за ран развој во состав на детски градинки, по општини не може да биде помала од 350.000,00 денари месечно, по општина.

Блок дотацијата за дејноста згрижување и воспитание на деца во општинките јавни установи за деца-детски градинки и центри за ран развој во состав на јавните детски градинки, по општина не може да биде помала од потребните средства за исплата на плата на вработените по општинксите јавни установи за деца-детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки заклучно со состојбата на вработените од предходната фискална година.

**Член 5**

Средствата за блок дотацијата за општинските јавни установи за деца-детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки че се насочуваат во општините и општините во Градот Скопје каде што е седиштето на установата, од Буџетот на Република Северна Македонија преку Министерството за труд и социјална политика, месечно или во динамика договорена со Министерство за финансии.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-8489/21<br>
Датум 02.12.2024 година<br>
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**

1. Се објавува Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година, донесен на педесет и седма седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-8683/15
Датум:03.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), член 8, став 2 од Законот за финасирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21,173/22 и 170/24) и член 157, став 1 и став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.161/2019 и 229/2020), а во врска со Уредбата за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок-дотации за основното образование по општини за 2025 година бр.41-8879/6 од 29 октомври 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.223/2024 од 01.11.2024година), Советот на Општина Карпош, на 57. седница, одржана на 2 декември 2024 година, го донесе следниот

## ПРАВИЛНИК

### за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на

### Општина Карпош за 2025 година

### Член 1

Со овој Правилник се пропишува методолгијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош.

### Член 2

Со средствата од блок дотацијата за финансирање на дејноста – основно образование, трансферирани од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, во раздел 16002, програма А-Децентрализација, Потпрограма А2-пренесување на надлежностите на единиците на

локалната самоуправа, согласно Буџетот на Општина Карпош за 2025 година, Програма Н1 и подпрограма Н10-основно образование, се врши финансирање на општинските основни училишта:

-ООУ„Аврам Писевски”,

-ООУ„Братство”,

-ООУ„Вера Циривири Трена”,

-ООУ„Владо Тасевски”,

-ООУ„Којдан Чернодрински”,

-ООУ„Димо Хаџи Димов”,

-,ООУ,Јан Амос Коменски”,

-,ООУ,Лазо Трповски”,

-ООУ„Петар Поп Арсов”,

-ООУ„Христијан Тодоровски Карпош”.

Средствата од став 1 на овој член се распоредуваат на секое општинско основно училиште врз основа на претходно доставените податоци од страна на основните училишта и нивните годишни финансиски планови

## Член 3

Распределбата на блок дотацијата по општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош ќе се врши согласно формула за распределба на средствата од блок дотацијата за основно образование по следниве критериуми:

-основна сума по општина,

-вкупен број на ученици во општина,

-број на ученици во предметна настава,

-број на ученици со посебни потреби,

-густина на населеност на општина

**Член 4**

Средствата определени како блок доатации се користат за финансирање на пренесените наделжности во основното образование.

**Член 5**

Средствата за блок дотациите ќе се насочуваат по општини од Буџетот на Република Северна Македонија, преку Минстерството за образование и наука, месечно или по динамика во договор со Министерството за финансии.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош", а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Број 09-8489/22
Датум 02.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување Решение за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2025 година на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Решение за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2025 година на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош - Скопје, донесена на педесет и седма седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8683/16**
**Датум:03.12.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024); член 32 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22); член 20а и член 20б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20); член 190, 191, 192, 193 од Деловникот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.03/06) и член 84 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20) и Барањето бр. 53-7937/1 од 11.11.2024 година (арх.заверка во училиштето бр.04-456/1 од 11.11.2024 година), Советот на Општина Карпош, на 57. седница, одржана на 2 декември година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2025 година на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош - Скопје**

1. Се дава согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2025 година на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош бр.04-456/1 од 11.11.2024 година, донесен од директорот на училиштето.

2. Се задолжува Одделението за поддршка на работата на Советот на Општина Карпош примерок од ова решение да достави до Секторот за дејности од Јавен интерес - Одделение за образование и до ООУ„Владо Тасевски“ Општина Карпош-Скопје.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-8489/23
Датум 02.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Службена белешка за не усвојување Предлог-Одлука за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник**

1.Се објавува Службена белешка за не усвојување на Предлог - Одлука за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник, донесена од Претседателот на Совет на Општина Карпош по одржувањето на педесет и седма седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8683/17**
**Датум:03.12.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), а во врска со усвоената предлог - точка на дневниот ред за работа на педесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, Предлог - Одлука за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник, Претседателот на Советот на Општина Карпош, по одржувањето на 57. седница на 02 декември 2024 година, донесе

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

**за не усвојување Предлог - Одлука за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник**

1. Со оваа Службена белешка се констатира дека предложената точка од усвоениот Дневен ред за работа на 57. седница на Советот на Општина Карпош, Предлог – Одлука за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник НЕ Е УСВОЕНА.

2. По извршеното гласање беше констатирано дека ЗА гласале 11 членови на Советот, ПРОТИВ нема, 5 членови на Советот гласале ВОЗДРЖАНИ, врз основа на што е констатирано дека не е усвоена Предлог - Одлуката за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник.

**Број 09-8489/24**
**Датум 02.12.2024 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Бранко Ристов, с.р.**

СОДРЖИНА:

1. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година
2. Одлука за давање согласност за закуп на магацински простор во сопственост на ДПТУ „Лапласт-М“ ДООЕЛ, за 2025 година
3. Одлука за давање согласност за закуп на деловен простор на улица „Букурешка“ бр. 2, локал 2, Општина Карпош – Скопје, за 2025 година
4. Одлука за изменување на Одлуката за прифаќање на трајно користење без надомест на недвижни ствари од Влада на Република Северна Македонија
5. Одлука за давање на времено користење без надоместок дел од недвижна ствар, сопственост на Општина Карпош
6. Одлука за одобрување на средства на заслужен граѓанин за 2025 година
7. Службена белешка за не усвојување на Предлог – Програма за одбележување на 49-годишнината од формирањето на Општина Карпош
8. Програма за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2025 година
9. Програма за активностите на Општина Карпош во областа на односите со јавноста и информации на граѓаните за 2025 година
10. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање - конституирање Локален Совет за женско претприемништво на Општина Карпош
11. Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа
12. Решение за именување на претседател и членови на Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот за 2025 година
13. Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје
14. Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година

15. Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година
16. Решение за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2025 година на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош – Скопје
17. Службена белешка за не усвојување на Предлог - Одлука за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник

Издавач:
Општина Карпош
Уредува: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот
Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци

ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број 21 Година XVIII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, декември 2024

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055-901. 023055-902*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*

ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на ЗАКЛУЧОК

1. Се објавува ЗАКЛУЧОК, донесен на педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9200/1
Датум:18.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024) Советот на Општина Карпош, на 58. седница, одржана на 17 декември 2024 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

1.Советот на Општина Карпош едногласно го осуди говорот на омраза и родова дискриминација на новинарот Миленко Неделковски, кој на ден 13.12.2024 година, го примени кон Татјана Стојановска – член на Советот на Општина Карпош, пишувајќи статус на социјалните мрежи со навредлива содржина.

2.Во таа насока, Советот на Општина Карпош апелира сите здруженија на новинари и медиумски работници, јавно да го осудат овој неодговорен чин.

**Број 09-8851/3**
**Датум 17.12.2024 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Програма**
**за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**

1. Се објавува Програма за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година, донесена на педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9200/2
Датум:18.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24 ) и член 99 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 101/21, 153/23, 61/24 и 224/24), Советот на Општина Карпош, на педесет и осмата седница, одржана на 17 декември 2024 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година

### Вовед

- Општ дел
- Просторен опфат и предмет на Програмата
- Основи за изработка на Програмата
  - Законски основ
  - Основни плански документи
- Лица вклучени во изработка на Програмата

### Содржина на Програмата

1. **Цели на Програмата**
   - Општи цели на Програмата
   - Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

2. **Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по урбанистички план)**
   - Листа на градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет
   - Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет
   - Детален, односно табеларен преглед на градежни парцели (групирани по предвидена активност)

     а. Градежни парцели што ќе бидат предмет на оттуѓување по пат на јавно надавање

     б. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно надавање

     в. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно наддавање

г. Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство

3. **Маркетинг стратегија за промоција на градежно земјиште што е предмет на оваа Програма**
   - Дефинирање на целна група за оделни групи на градежни парцели
   - Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали
   - Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата
   - Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата
   - Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегија

4. **Динамика на реализација на Програмата**

   - Број на турнуси за објавување на оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси
   - Пропишување на условите за надавање
   - Лица надлежни за реализација на Програмата

5. **Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)**

6. **Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)**

7. **Преодни и завршни одредби**
   **Општ дел**

Со прогласување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 101/21, 153/23, 61/24, и 224/24), градежното земјиште може да биде во сопственост на:

- Република Северна Македонија,
- Општините,
- Општините во градот Скопје и градот Скопје,
- Јавните претпријатија, акционерски друштва и други субјекти основани од Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија и
- Домашни и странски физички и правни лица, под услови утврдени со овој или друг закон.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, донесува Советот. Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и оттуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, управува Владата на Република Северна Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење, Владата на Република Северна Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е  добро од општ интерес за Република Северна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план, урбанистичко планска документација, урбанистичко-пректна документација, општ акт или проект за ифраструктура.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план, урбанистичко планска документација, урбанистичко-проектна документација, општ акт или проект за ифраструктура предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање и може да се состои од една или од повеќе катастарски парцели или од делови на катастарски парцели.

Објект од траен каракер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот на градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се оттуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

### А) Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на Програмата е менацирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Карпош, дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија.

За да може да се врши оттуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежни парцели што се наоѓаат на територија на населени места и локалитети, согласно динамиката на носење на нови урбанистички планови и измените и дополнувањата на укинатите урбанистички планови од Уставен суд на Република Северна Македонија.

Б) Основи за изработка на Програмата

- Законски основ на Програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и Закон за градежно земјиште(„Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 101/21 , 153/23, 61/24 и 224/24)
- Основни плански документи, други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:
  - Генерален урбанистички план на Град Скопје за плански период од 2012 до 2022 година
  - Донесени детални урбанистички планови
  - Урбанистички планови за населени места
  - Урбанистички планови за вон населени места
  - Годишна Програма за изработка на урбанистички планови

В) Лица вклучени во изработка на Програмата

- Вработени лица од соодветни сектори во Општина Карпош, Комисија за спроведување на постапки за јавно надавање и надворешни стручни лица

ГЛАВИ НА ПРОГРАМАТА:

1. Цели на Програмата
   - Општи цели на Програмата - Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој
   - Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

   Заинтересираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

2. Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)
   - Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет, идентификувани со број на градежните парцели
   - Детален преглед на градежни парцели (по населеното место и по урбанистички план)

**а.Градежни парцели што ќе бидат предмет на оттуѓување по пат на јавно наддавање**

Табела со следните информации:

- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на градежната парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела;
- Површина за градба;
- Бруто развиена површина;
- Процент на изграденост;
- Коефициент на искористеност на земјиштето;
- Максимална дозволена висина;
- Катност;
- Почетна/утврдена цена по метар квадратен и
- Вкупна почетна/утврдена цена.

**б.Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно наддавање**

Табела со следните информации:

- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на градежна парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела;
- Површина за градба;
- Бруто развиена површина;
- Процент на изграденост;
- Коефициент на искористеност на земјиштето;
- Максимална дозволена висина;
- Катност;
- Почетна/утврдена цена по метар квадратен за годишна закупнина;
- Вкупна почетна/утврдена цена за годишна закупнина и
- Времетраење на закупот.

**в.Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно наддавање**

Табела со следните информации:

- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на градежната парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела;
- Површина за градба;

- Бруто развиена површина;
- Процент на изграденост;
- Коефициент на искористеност на земјиштето;
- Максимална дозволена висина;
- Катност;
- Почетна/утврдена цена по метар квадратен за годишна закупнина;
- Вкупна почетна/утврдена цена за годишна закупнина и
- Времетраење на закупот.

**г.Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство**

Табела со следните информации:

- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на градежната парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела;
- Површина за градба;
- Бруто развиена површина;
- Процент на изграденост;
- Коефициент на искористеност на земјиштето;
- Максимална дозволена висина;
- Катност;
- Основ за давање на земјиштето на користење (концесија или ЈПП);
- Заинтересирано правно лице (компанија) и
- Предвидени услови за договор.

**3. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**

Дефинирање на целни групи за оделни групи на градежни парцели.

Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали.

Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата.

Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата.

Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата.

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање/претпоставување на заинтересираните страни за купување/изнајмување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи/изнајмувачи на земјиштето и идни инвеститори, односно претставуваат целна група на активностите од маркетинг стратегијата.

Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да бидат различни. Следен чекор е идентификување на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали за

комуницирање/промовирање на понудата до заинтересираните страни. Маркетинг пристапот, алатките и каналите за комуницирање/промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финансиската моќ на општината. Како и да е, маркетинг стратегијата треба да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

## 4. Динамика на реализација на Програмата

- Градежните парцели кои што се предмет на јавна објава, ќе бидат објавени во турнуси или поединечно, согласно можностите и условите поврзани со донесувањето на урбанистичките планови и расчистувањето на имотно-правните односи и друго.
- Пропишување на условите за наддавање - Се пропишуваат/определуваат следните параметри: банкарска гаранција за сериозност на понудата, определување на интернет страницата на која ќе се врши наддавањето, одредување на условите за учество, пропишување на други обврски и се наведуваат останати релевантни информации во врска со наддавањето.
- Надлежна за реализацијата на Програмата е Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање која е формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош согласно Законот за градежно земјиште.

## 5. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)

Проценката на финансиските приходи се прави кумулативно за секое населено место одделно, според просечната пазарна цена за метар квадратен градежно земјиште по зони во тоа населено место или локалитет.

## 6. Проценка на финансиските средства потребни за релизација на Програмата (расходна страна на Програмата)

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

- Трошоци по основ на администрирање на постапките за оттуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште;
- Трошоци по основ на експропријација и одземање на корисничко право;
- Трошоците по основ на купување на градежно земјиште од физички и правни лица и
- Трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на оттуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште.

## 7. Преодни и завршни одредби

Составен дел на оваа програма е Табеларниот преглед на градежни парцели за оттуѓување по пат на јавно наддавање за 2025 година.

Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.

За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Карпош.

Оваа Програма е едногодишна и се донесува за 2025 година.

Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ЗА ОТТУЃУВАЊЕ ПО ПАТ НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ ЗА 2025 ГОДИНА

| ред.бр. | Локалитет | Бр.градежна парцела | Бр.катастарска парцела | Намена на земјиштето | Површина на гр. парцела(м2) | Површина за градење (м2) | Макс.имална изградена површина (м2) | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност | Висина до венец (м) | ДУП |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Бардовци** | **3.20** | **226/11** | **А1** | **305** | **72** | **288** | **23,61** | **0,94** | **10,20** | Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 |
| **2** | **Бардовци** | **3.21** | **226/12** | **А1** | **305** | **72** | **288** | **23,61** | **0,94** | **10,20** | Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 |
| **3** | **Бардовци** | **3.23** | **226/14** | **А1** | **305** | **72** | **288** | **23,61** | **0,94** | **10,20** | Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 |
| **4** | **Бардовци** | **3.24** | **226/15** | **А1** | **290** | **72** | **288** | **24,83** | **0,99** | **10,20** | Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 |
| **5** | **Бардовци** | **5.12** | **444/11, 443/5** | **А1** | **501** | **125** | **500** | **24,95** | **1,00** | **10,20** | Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Бардовци | 5.13 | 443/6, 241/3, 240/3 | А1 | 544 | 125 | 500 | 22,98 | 0,92 | 10,20 | Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 |
| 7 | Бардовци | 5.14 | 441/2, 443/7, 240/4, 241/4, 241/5 | А1 | 562 | 125 | 500 | 22,22 | 0,89 | 10,20 | Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 |
| 8 | Бардовци | 5.17 | 241/8, 242/13, 240/6 | А1 | 455 | 125 | 500 | 27,47 | 1,10 | 10,20 | Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 |
| 9 | Бардовци | 5.18 | 240/7, 441/3, 241/9 | А1 | 448 | 125 | 500 | 27,88 | 1,12 | 10,20 | Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 |
| 10 | Бардовци | 5.19 | 441/4 | А1 | 444 | 125 | 500 | 28,17 | 1,13 | 10,20 | Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 |
| 11 | Бардовци | 5.20 | 441/5, 443/8 | А1 | 426 | 125 | 500 | 29,36 | 1,17 | 10,20 | Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 |
| 12 | Бардовци | 7.1 | 356/38 | А1 | 436 | 125 | 500 | 28,64 | 1,15 | 10,20 | Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 |
| 13 | Бардовци | 7.2 | 356/39 | А1 | 389 | 125 | 500 | 32,10 | 1,28 | 10,20 | Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 |
| 14 | Бардовци | 7.3 | 356/40 | А1 | 389 | 125 | 500 | 32,10 | 1,28 | 10,20 | Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **15** | **Бардовци** | **7.4** | **356/41** | **А1** | **518** | **125** | **500** | **24,12** | **0,96** | **10,20** | Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 |
| **16** | **Бардовци** | **7.5** | **356/42, 355/5** | **А1** | **529** | **125** | **500** | **23,63** | **0,95** | **10,20** | Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 |
| **17** | **Бардовци** | **7.11** | **356/47** | **А1** | **475** | **125** | **500** | **26,32** | **1,05** | **10,20** | Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 |
| **18** | **Бардовци** | **8.2** | **356/5** | **А1** | **450** | **125** | **500** | **27,78** | **1,11** | **10,20** | Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 |
| **19** | **Бардовци** | **8.3** | **356/6** | **А1** | **450** | **125** | **500** | **27,78** | **1,11** | **10,20** | Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 |
| **20** | **Бардовци** | **8.4** | **356/7** | **А1** | **478** | **125** | **500** | **26,15** | **1,05** | **10,20** | Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 |
| **21** | **Бардовци** | **8.23** | **356/26** | **А1** | **445** | **125** | **500** | **28,12** | **1,12** | **10,20** | Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 |

Број 09-8851/4
Датум 17.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за објавување Програма

## за активностите на Општина Карпош во областа на екологија

## и енергетската ефикасност за 2025 година

1. Се објавува Програма за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетската ефикасност за 2025 година , донесена на педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9200/3
Датум:18.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 2 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Карпош, на педесет и осмата седница, одржана на 17 декември 2024 година, донесе

# ПРОГРАМА

## за активностите на Општина Карпош во областа на екологија

## и енергетската ефикасност за 2025 година

### Вовед

Секторот за екологија и енергетска ефикасност преку изработка и имплементација на квалитетна и издржана програма за 2025 година ќе придонесе кон спроведување на законските одредби кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа, Законот за заштита на животната средина, Законот за енергетика, Законот за енергетска ефикасност, Националните стратегии за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија, и усвоените програми од Советот на Општина Карпош (ЛЕАП, Програма за ЕЕ), а воедно и имплементација на мерки и активности во поглед на подобрување и заштита на животната средина.

Секторот во својот состав содржи две одделенија – Одделение за екологија и Одделение за енергетска ефикасност. Проектните задачи кои се спроведуваат преку активностите во овие две одделенија во секторот, имаат за цел подигнување на свеста на граѓаните за заштита на животната средина во просторот на опфатот на Општината Карпош, намалување на потрошувачката на енергија и заштита на животниот стандард на граѓаните, примена на обновливи извори на енергија во замена на фосилните горива, со што како крајна цел е намалувањето на емисиите на $CO_2$ во воздухот и здрава животна средина.

## I. Развојни приоритети и цели

Општината Карпош на својата територија ги спроведува мерките и активностите кои се доделени на локалната самоуправа, а се однесуваат на областите заштита на животната средина (екологија) и енергетската ефикасност;
Општината треба да воспостави услови за пристојно, безбедно и здраво живеење на своите граѓани;
Анимирање на граѓаните во активностите кои ќе произлезат од Програмата, односно активно учество на граѓаните;
Програмата да врши едукација на поединци и/или групи во заштитата и подобрувањето на еколошките стандарди и политики, што ќе придонесе за развивање на јавната свест за зачувување на животната средина и природата и тоа што значи да се биде енергетски ефикасен во одвивање на процесите;
Програмата предвидува и реализација на мерките и обврските за енергетска ефикасност кои Општината Карпош ги потпиша и се обврза за нивно спроведување во Конвенцијата на Градоначалници на Европски Градови и Општини.

## II. Проектни активности

1. **Одделение за екологија**

Одделението за екологија своето работење го темели на обврските и надлежностите кои ги има во следните подрачја:

1.1. Јавна чистота и хигиена,
1.2. Паркови, јавно зеленило и хортикултура,
1.3. Урбана опрема,
1.4. Имплементација на ЛЕАП-от,
1.5. Субвенции и други проектни активности.

| 1.1. | **Јавна чистота и хигиена** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општината Карпош издвојува значителни средства и енергија со цел одржување, но и подобрување на ефикасноста и унапредување на состојбата со јавната хигиена. Карпош, како и до сега, и понатаму се |

| | |
|---|---|
| | стреми да биде најчистата општина во Скопје. Во 2025 година Општината Карпош планира да ангажира помеѓу 85 и 90 сезонски работници кои за својот ангажман ќе бидат исплатени од општинскиот буџет.<br><br>За непречено одвивање на **редовните активности на ангажираните работници**, Општината Карпош ќе издвои средства за:<br><br>- Финансиски надоместок за работниците (плати, придонеси, итн), 39.000.000,00 денари<br>- Набавка на нова техничка опрема и механизација за службата за одржување на јавната хигиена (пили, дувалки за лисја, трактори за косење, косилки итн), 1.000.000,00 денари<br>- Набавка на ХТЗ и друга заштитна опрема, 200.000,00 денари<br>- Набавка на алат, материјал и друга опрема (метли, пластични канти, гребла, лопати, итн.), 900.000,00 денари<br>- Набавка на резервни делови и друг материјал за одржување на машините за косење трева, 1.000.000,00 денари<br>- Поставување и одржување на мобилни тоалети на територијата на Општина Карпош. 1.000.000,00 денари |
| **Стратешки насоки и цели:** | • Одржување, подобрување и унапредување на јавната хигиена во општината;<br>• Зголемување на ефикасноста во областа на јавната чистота и хигиена<br>• Подобрување на состојбата со јавните зелени површини |
| **Очекувани резултати:** | Почиста, поздрава и поубава општина |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| Предвидена финансиска рамка: | **43.100.000,00** денари |
| 1.2. | Паркови, јавно зеленило и хортикултура |
| 1.2.1. | Одржување на постојното јавно зеленило |
| Опис на активности: | *Одржување и реконструкција на јавни тревни површини*<br><br>Оваа активност ги опфаќа постојните парковски површини, односно замена на исушеното украсно зеленило и оштетената трева. По потреба и дотур на нова, квалитетна земја заради поголема ефикасност во садењето на новата трева.<br><br>*Одржување и полевање на младите дрвја*<br><br>На дрвјата кои беа насадени изминативе 2-3 години од страна на Општината Карпош, потребно им е редовно полевање и одржување, особено во летниот период. За таа цел, во текот на летото 2024 година беа ангажирани две цистерни кои ги полеваа дрвцата. Беше воведена и втора смена за оваа намена. И во следната 2025 година ќе продолжи оваа активност. Со имплементирање на овие активности се зголемува процентот на преживување на новонасадените дрвја.<br><br>*Садење и обнова на украсно зеленило на јавните зелени површини*<br><br>Општината Карпош, како и во претходниот период, одвојува средства за хортикултурното уредување кое ја подобрува естетиката на општината. Вакво украсно зеленило првенствено ќе се сади на зелените површини на кои општината има поставено системи за полевање (16 на број), како и на други локации, како што се жардињерите на Порта Влае, живата ограда во некои училишта, дворот на спортската сала Партизан во Карпош 4, зелените површини околу |

| | |
|---|---|
| | плоштадите итн.<br><br>*Одржување на системите за наводнување*<br><br>На претходно поставените на зеленилото околу Плоштадот Делфина во Влае, на плоштадот во УЗ Пецо Божиновски Кочо (спроти студентскиот дом Гоце Делчев), на кружниот тек кај средното училиште Георги Димитров, на зелените површини кај платото со фонтаната во Карпош 3, плоштадот во Бардовци, кај платото "Млечен", во дворот на ООУ Лазо Трповски, зелените површини на ул. Никола Русински (кај ТЦ Лептокарија) и други локации, на ул. Иван Аговски во Карпош 1, Московска и Женевска во Тафталиџе 2, кај Воените кули во Нерези, во ТЦ Лептокарија во Карпош 3, во дворовите на ООУ Петар Поп Арсов во Карпош 4, ООУ Војдан Чернодрински во УЗ Владо Тасевски и Јан Амос Коменски во УЗ Тафталиџе 1 (кој е во завршна фаза), паркот спроти хотел Карпош во УЗ Владо Тасевски, паркот помеѓу ул. Ѕоле Стојчев и ул. Желево во УЗ Карпош 4 и тревникот кај Вегера во УЗ Тафталиџе 1. Овие системи за наводнување неопходно треба да се поправаат и одржуваат, со цел споменатите зелени површини да бидат во добра состојба и функционални. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Јавното зеленило за кое се грижи Општината Карпош да биде функционално и во добра состојба |
| **Очекувани резултати:** | • Уредени јавни површини со украсно зеленило,<br>• Средени тревни површини,<br>• Полеани јавни зеленила,<br>• Уредени дрвјата на територијата на Карпош. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **3.500.000,00 денари** |
| 1.2.2. | **Изградба на нови парковски површини и јавно** |

| | |
|---|---|
| | зеленило |
| Опис на активности: | ***Садење на нови листопадни и зимзелени садници***<br><br>Општината Карпош ќе продолжи да посветува внимание на хортикултурното уредување на зелените површини. За таа цел на определен број на локации ќе биде извршено садење на нови дрвца, поради што и финансискиот износ за овие активности е зголемен.<br><br>Во текот на 2025 година се планира само есенско садење на дрвца од причина што досегашното искуство покажа дека дрвцата насадени во есенскиот период имаат повисок степен на преживување во споредба со оние што се насадени на пролет. Постојат неколку причини за тоа, но најзабележителна причина е исклучително жешкиот летен период во поширокиот реон на Скопје.<br><br>Најавени се и неколку донации од страна на општествено одговорни правни субјекти за ново зеленило и дрвца, кои се секогаш добредојдени. |
| Стратешки насоки и цели: | Подобрување на состојбата на јавните зелени површини |
| Очекувани резултати: | - Нови уредени зелени површини<br>- Зголемен број на дрвја во парковите |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **1.650.000,00 денари** |
| 1.3. | Урбана опрема |
| 1.3.1. | Одржување на урбаната опрема |
| Опис на активности: | ***Одржување и санација на оштетени парковски клупи за седење и корпи за отпадоци*** |

| | |
|---|---|
| | Дел од поставените клупи се оштетени од забот на времето и временските услови, па така неопходна е интервенција и санирање на даските од клупите, како и на нивната конструкција (доколку е потребно).<br><br>Покрај што бројот на корпи за смет на јавните површини во Општина Карпош е недоволен, еден дел од истите се оштетени и/или вон функција. Санација (таму каде што е можно) и замена (онаму каде што не е можна поправка) на оштетените корпи се секако потребни.<br><br>***Одржување на детските и спортските игралишта***<br><br>На територијата на Општината Карпош има голем број на детски игралишта, кои поради експлоатација на истите со тек на времето, треба да се санираат, заменуваат, бојадисуваат и слично. За жал, реквизитите на овие игралишта често се и мета на неодговорни граѓани кои најчесто во доцните вечерни часови намерно ги оштетуваат. Акцентот во 2025 година ќе биде на пофреквенто и поефикасно санирање на оштетувањата, како и замена на материјалот на најчесто оштетуваните реквизити, се разбира во рамките на финансиските можности.<br><br>Во врска со реквизитите на спортските игралишта, исто така ќе се врши чест мониторинг и оштетените реквизити ќе бидат санирани во најкус можен рок.<br><br>***Одржување и санација на оштетени огради и други браварски работи***<br><br>Се работи за реконструкција на оградите и останати браварски работи (заштитни столбчиња, настрешници и сл.) и нивно тековно одржување.<br><br>***Одржување на фонтаните и чешмичките за пиење вода*** |

| | |
|---|---|
| | Изградените пет фонтани кои се наоѓаат на плоштадот Делфина во Влае, на платото во Карпош 3, на плоштадот во Бардовци, плоштадот во УЗ П.Б.К (спроти студентски дом Гоце Делчев) и во близина на Адреналинскиот парк, треба редовно да се одржуваат и зачуваат во исправна состојба. Истото се однесува и за чешмичките за пиење вода за кои е надлежна Општината Карпош (вкупно 11) , а кои честопати се поправаат поради дотраеност или вандализам. |
| Стратешки насоки и цели: | Исправна и функционална урбана опрема која ќе служи за релаксација на граѓаните |
| Очекувани резултати: | Одржувани и функционални клупи за седење, корпи за отпадоци, реквизити на детски и спортски игралишта, метални огради, настрешници, летниковци, фонтани итн. |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **8.500.000**,00 денари |
| 1.3.2. | Поставување на нова урбана опрема |
| Опис на активности: | *Детски игралишта*<br><br>Изградбата на новите игралишта со реквизити безбедни за децата се врши или на локации кои се со многу оштетени и застарени реквизити или на сосема нови локации.<br><br>*Клупи и корпи*<br><br>Поставувањето на нови клупи за седење и корпи за отпадоци исто така ќе продолжи во 2025 година, а ќе се реагира како по барање на урбаните заедници и самите граѓани, така и по увид на лице место од страна на стручните служби на Општина Карпош. |

| | |
|---|---|
| Стратешки насоки и цели: | Нова урбана опрема за одржливост на јавната хигиена, како и за одмор и релаксација на граѓаните |
| Очекувани резултати: | Нови функционални клупи за седење, корпи за отпадоци, детски игралишта, фитнес зони, огради, настрешници, летниковци, фонтани итн. |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **1.500.000,00 денари** |
| 1.4. | **Имплементација на Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП) преку годишни активности** |
| Опис на активности: | ***Подготовка на ЛЕАП 3 за периодот 2025-2031 година и реализација на проектите и активностите од Акцискиот план за 2025 година.***<br><br>По усвојување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2025 година, ќе следи комисиско определување на активностите за имплементација на проекти во рамките на ЛЕАП 3. Во завршна фаза се активностите за подготовка и донесување на новиот ЛЕАП 3, по неговото усвојување ќе се формира Комисија за спроведување на активностите од ЛЕАП 3 и ќе изработи краток едногодишен акциски план за 2025 година со конкретни мерки и активности за реализација, кој потоа ќе биде усвоен на седница на Советот на Општина Карпош. Во тој Акциски план на годишно ниво ќе бидат определени приоритетните проекти предвидени за реализација во 2025 година.<br><br>Оперативни планирани фази на ЛЕАП 3:<br><br>- Подготовка на ЛЕАП 3 за периодот 2025-2031 година; |

| | |
|---|---|
| | - Усвојување на ЛЕАП 3;<br>- Формирање на комисија за спроведување на ЛЕАП 3;<br>- Изработка на краток едногодишен ационен план за активности и мерки во спроведување на ЛЕАП 3 за 2025 година;<br>- Усвојување на краток едногодишен ационен план за активности и мерки во спроведување на ЛЕАП 3 за 2025 година;<br>- Реализација на активностите и мерките од Акциониот план. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Карпош – еколошки просперитетна општина; здрава животна средина за сите граѓани |
| **Очекувани резултати:** | Имплементација на определен број на активности предвидени во ЛЕАП-от со што би се дал придонес за почиста и поздрава животна средина. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **2.000.000,00 денари** |
| 1.5. | **Субвенции и други проектни активности** |
| 1.5.1. | **Субвенционирање на купување на велосипеди и електрични тротинети за граѓаните на Карпош** |
| **Опис на активности:** | Општината Карпош планира во текот на 2025 година да ја реализира оваа проектна активност со цел да го продолжи промовирањето на користење на велосипедите и електричните тротинети како превозни средства, но и како средства за рекреација. Активноста ќе се спроведе по истиот терк како и досега, односно по принципот “прв дојден, прв услужен”.<br><br>Планирано е купувањето на нов велосипед за граѓаните на Карпош да биде субвенционирано со 30% од неговата вредност, но не повеќе од 4.500 денари, а за електричните тротинети и велосипеди исто со 30% од вредноста, но со максимален износ од |

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055-901. 023055-902*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*

| | |
|---|---|
| | 6.000 денари.<br><br>Со спроведувањето на оваа активност граѓаните на Општината Карпош, покрај веќе изградената солидна инфраструктурна велосипедска мрежа, ќе добијат уште еден стимул за користење на алтернативни превозни средства кои не го загадуваат воздухот и животната средина. |
| Стратешки насоки и цели: | • Почиста животна средина во општината, односно помала емисија на штетни гасови;<br>• Намалување на сообраќајот;<br>• Подобрување на здравјето на граѓаните – корисници на велосипеди и електрични тротинети. |
| Очекувани резултати: | Почиста општина, поздрави граѓани |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **850.000,00 денари** |
| 1.5.2. | **Стерилизација и кастрација на улични мачки и мачори** |
| Опис на активности: | Подносител на овој проект е Здружението за заштита на животни "Феникс Петс" во соработка со Ветеринарната амбуланта "Др. Јасминка ван дер Флиер" и главната цел на истиот е ублажување на проблемот со големиот број на бездомни мачки во смисол на контрола и здравствена заштита.<br><br>Благосостојбата на бездомните животни е загрозена поради повеќе проблеми, како што се неухранетоста, болестите, повредите од сообраќајните несреќи и преку борба, а исто така животните се жртви на нехумани методи на убивање, како што е труењето со отров, електричен шок и давење и сурови методи на фаќање.<br><br>По безбедното фаќање и транспортирање на |

| | |
|---|---|
| | бездомните мачки, за нивниот третман постојат две понатамошни сценарија кои зависат од тоа во каква состојба е животното. Доколку мачката е премногу стара, агресивна или беспомошна истата се заспива, додека останатите се подложуваат на кастрирање, маркирање, прочистување од црви и нивна вакцинација пред да се пуштат. |
| Стратешки насоки и цели: | • Заштита на граѓаните од зоонози, кои ги пренесуваат мачките скитници;<br>• Намалување на агресијата од мачки во сезона на парење;<br>• Заштита на бездомните мачки, редуцирање на нивниот број и нивно трајно вдомување,<br>• Воспоставување на волонтерска служба за редовно собирање на бездомните мачки. |
| Очекувани резултати: | Третман на најмалку 150 бездомни мачки месечно и значително намалување на нивниот број во временски рок од 5 до 6 години. |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **300.000,00 денари** |
| 1.5.3. | Проект за прекугранична соработка Македонија – Косово |
| Опис на активности: | Во рамки на повикот за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Косово финансиран од Европската Унија, Општина Карпош ќе аплицира за проект од областа на заштита на животната средина, климатските промени и енергетската ефикасност, заедно со Општина Призрен од Косово.<br><br>Во проектот предвидено е за Општина Карпош набавка на голем камион за чистење на отпад, мали компостери за градинките, инсталирање на фотоволтаични модули на кровни конструкции на градинките и поставување на канти за џебен отпад во дворовите на училиштата и градинките со |

| | |
|---|---|
| | можност за селектирање на отпадот.<br><br>Од останатите активности предвидени се изработка на Мапирање на локации каде постојат диви депонии на територијата на Општина Карпош, како и изработка на Одржлив план за намалување на влијанијата на климатските промени врз животната средина-СЕКАП и останати планови, прирачници, обуки и настани за зголемување на знаењето и информираноста на населението. Можна е и реализација на студиска посета за размена на добри практики.<br><br>За реализнција на проектот потребно е сопствено учество од 15% за што општината предвидува 2.400.000 денари. |
| Стратешки насоки и цели: | • Ублажување на климатски промени<br>• Почиста животна средина<br>• Едулкација на децата и населението<br>• Селекција на отпад<br>• Намалување на трошоците за електрична енергија<br>• Користење на обновливи извори на енергија |
| Очекувани резултати: | • Помала потрошувачка на електрична енергија<br>• Инсталирани фотоволтаични модули<br>• Поставена опрема за селекција на отпад<br>• Набавен камион за чистење на отпад од јавни површини<br>• Набавена останата опрема<br>• Реализирана студиска посета<br>• Изработени планови и водичи |
| Целна група: | • Децата од градинките и училиштата<br>• Општинската администрација<br>• Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **2.400.000,00 денари** |

## 2. Одделение за енергетска ефикасност

Одделението за енергетска ефикасност своето работење го темели на обврските и надлежностите кои ги има во следните подрачја:

2.1. Јавно осветлување,
2.2. Активности од областа на енергетската ефикасност.

| | |
|---|---|
| **2.1.** | **Јавно осветлување** |
| **2.1.1.** | ***Одржување на постоечкото јавно осветлување на територијата на Општина Карпош*** |
| **Опис на активности:** | Со реализацијата на оваа активност заклучно со 2024 година беа заменети над 5.000 натриумови светилки со нови ЛЕД светилки. Очекуваните заштеди на годишно ниво се 80% од сегашната инсталирана снага на заменетите светилки. Финансиските средства што се издвојуваат за оваа намена се во согласност со донесената Програма за развој на Општина Карпош за 2023-2025 година. Инвестицијата за последната година од спомснатата Програма за развој е 37.000.000,00 денари. Исто така во 2025 година потребно е да се променат околу 75 нови ЛЕД светилки во вредност од 1.750.000,00 денари<br><br>38.750.000,00 денари<br><br>***Поправки, одржување и реконструкција на јавното осветлување***<br><br>Поради замената на светилките и воспоставување на нов автоматски систем на контрола, опрема која е предмет на одржување под гарантен рок, потребно е засилено одржување и реконструкција на останатиот дел од инсталациите, вршење на ископи за санација на дефекти, како и заштита и бојадисување на столбовите или нивна замена доколку е потребна.<br><br>3.000.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| | ***Такси за електрични приклучоци и сметки за потрошена електрична енергија***<br><br>Во текот на тековната година Општината Карпош повремено има потреба од набавка и поставување на нови електрични броила со цел да ја одвои, односно регулира, сопствената потрошувачка на електрична енергија од други субјекти. Финансиските трошоци за таа активност се предвидени од овој дел од Програмата, каде се предвидени и средства за потрошената електрична енергија.<br><br>11.000.000,00 денари |
| Стратешки насоки и цели: | - Со реализација на оваа проект се отвара простор во наредниот временски период целосно да се реши проблемот со функционирањето на јавното осветлување во општината,<br>- Исправна инсталација за јавно осветлување на целата територија на Општината Карпош. |
| Очекувани резултати: | - Помала потрошувачка на електрична енергија и средства за јавно осветлување ефикасен систем и функционирање на мрежата без дефекти и застои безбедни улици и јавни површини за граѓаните,<br>- Ефикасно јавно осветлување, односно осветлени сите јавни содржини и површини со минимална потрошувачка на електрична енергија. |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **52.000.000,00 денари** |
| 2.1.2. | Изградба на нови системи на јавно осветлување |
| Опис на активности: | ***Подготовка на проектна документација***<br><br>Проектната документација е законска обврска доколку на постојниот систем се приклучуваат нови линии и светилки. |

| | |
|---|---|
| | Новите проекти треба да бидат исклучиво со ЛЕД светилки кои ќе имаат приклучок на постојните ормари за улично осветлување.<br><br>1.000.000,00 денари<br><br>*Ново јавно осветлување*<br><br>Останува потребата осветлувањето да биде поврзано со изградбата на нови сообраќајници, нови зелени површини и пешачки зони кои се планираат за наредниот период, како и изградени јавни површини кои досега не биле соодветно осветлени.<br><br>Во 2025 година се планира поставување на ново улично осветлување на повеќе локации во неколку урбани и месни заедници.<br><br>1.000.000,00 денари |
| Стратешки насоки и цели: | Осветлување на сите новоизградени површини, и останати неосветлени јавни површини |
| Очекувани резултати: | - Воспоставување на високоефикасно ЛЕД осветлување на јавните површини,<br>- Зголемување на безбедноста и стандардот на живеење на граѓаните на Карпош. |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **2.000.000,00** денари |
| 2.2. | Активности од областа на енергетската ефикасност |
| Опис на активности: | 1. **Поставување на Фотоволтаични системи на покривите на основните училишта “Братство” и “Аврам Писевски”**<br>Општина Карпош има за цел рационално и ефикасно користење на сите видови на енергија и на тој начин |

| | |
|---|---|
| | да оствари заштеда во буџетот и пренасочување на финансиските заштеди во подобрување на работата на основните училишта и детските градинки.<br><br>Евентуалната нова енергетска криза која може да донесе поскапување на нафтата, гасот, и особено на електричната енергија, но и стравот за недостиг на наведените ресурси, го става во преден план користењето на обновливи извори на енергија.<br><br>Во минатите 2 години Општината Карпош постави вакви фотоволтаични системи во 7 основни училишта, а во текот на 2025 година се планира поставување и во преостанатите 3 училишта. Покрај училиштата "Братство" и "Аврам Писевски", се планира со Годишниот акционен план согласно новиот ЛЕАП 3 таков систем да се монтира и во ООУ "Христијан Тодоровски Карпош".<br><br>По изработката на соодветна проектно-техничка документација (која е во тек), Општината Карпош, во рамките на финансиските можности, а првенствено со аплицирање кај донаторски организации, планира да постави на фотоволтаичен систем и на некој (или сите) од објектите на детските градинки.<br><br>Придобивките од оваа активност се повеќекратни, како од финансиски аспект, така и од аспект на заштита на животната средина.<br><br>**Вредност на инвестицијата: 2.000.000,00 денари**<br><br>**2. Замена на котелскиот систем за греење на нафта во ООУ „Аврам Писевски" со систем на ОИЕ – термални пумпи воздух/вода**<br>Ова е последниот систем на фосилно гориво во Општината и се предвидува негова замена со термални пумпи воздух/вода во високо температурен режим (55°C) на греење со постојниот |

| | |
|---|---|
| | радијаторски систем во објектот.<br><br>Ваквиот систем ќе овозможи и ладење во летниот период во режим 12-17$^{0}$C преку радијаторскиот систем во овие простории кои се користат во летниот период. Во 2025 година, преку проект финансиран од УСАИД ќе се изработи техничка документација за промена на котелот на нафта со котел на термални пумпи. Спроведувањето на проектот се планира да се добие преку аплицирање по јавен повик на некоја од странските донаторски организации.<br><br>**Без фискални импликации**<br><br>3. **Замена на нисконапонски табли, осигурувачи и инсталација во ООУ „Владо Тасевски“ и ООУ “Петар Поп Арсов”**<br>Во овие основни училишта од безбедносни причини треба да се заменат старите дотраени табли со топливи осигурувачи и инсталации кои во сегашни услови се закана за безбедноста на сите корисници, вклучително и учениците. Оваа потреба е утврдена и од извршениот технички преглед и периодични испитувања на нисконапонските електрични инсталации изведени од лиценцирана фирма, со чиј извештај се препорачува оваа активност.<br><br>**Вредност на инвестицијата 1.200.000,00 денари**<br><br>4. **Изработка на Енергетски пасоши за 4 основни училишта во надлежност на општината**<br>Општината има обврска со новиот Закон за ЕЕ и Правилникот за Енергетски карактеристики на објектите да изработи „Енергетски пасоши“ за сите објекти кои ќе бидат врамени и истакнати на влезот на секој објект. Преку проект на УСАИД за изработка на техничка документација за општински објекти во 2025 година ќе бидат направени енергетски контроли |

| | |
|---|---|
| | на 4 основни училишта во општината.<br><br>**Без фискална импликација**<br><br>5. **Изработка на Техничка документација за замена на внатрешното осветлување во основните училишта во Општина Карпош со ново ЛЕД осветлување**<br><br>Оваа активност е предвидена согласно Програмата за енергетска ефикасност на Општина Карпош, Мерка 4 која се однесува на замена на светилки (флуо цевките) во работните простории (училници, канцеларии и простории за престој на деца од најмала возраст). Замената на стари неефикасни светилки (флуо цевки) во градинките и училиштата во надлежност на Општина Карпош е во согласност со Регулативата на Комисијата (ЕК) бр.244/2009, која ја спроведува Директивата 2005/32/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот на ЕУ, според која старите и неефикасни светилки (флуо цевки) се исфрлаат од употреба поради стробоскопскиот ефект кои го предизвикуваат и е особено штетен за најмладата популација која престојува во градинките и училиштата. Преку проект на УСАИД во 2025 година ќе се изработи техничка документација за замена на осветлувањето во 4 основни училишта во надлежност на општината.<br><br>**Без фискална импликација**<br><br>6. **Учество во проектот „TRANSIT – Транзиција кон одржлива иднина преку тренинг и едукација“,финансиран од програмата ХОРИЗОН 20/20 на Европската унија, спроведен од Фондација за иновации и истражување – Малта (ФИР), во Македонија спроведуван од Факултет за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ)**<br><br>Општина Карпош е партнер во проектот „TRANSIT“ |

| | |
|---|---|
| | кој има за цел да обезбеди одржливи програми за обука и доусовршување за сегашните и идните генерации на мултидисциплинарен пристап во обновливите извори на енергија. Проектот ги опфаќа тековните потреби и најдобрите практики во образованието, обуката на кадри и примената на обновливите извори на енергија преку комуникација (прашалници, интервјуа, пракси во стопанството) со различни категории на заинтересирани страни. Проектот продолжува во 2025 година со учество на Општина Карпош во спроведување на интервјуа и истражувања во областа на „Социјалните влијанија од енергетската транзиција“. **Без фискални импликации** |
| **Стратешки насоки и цели:** | Унапредување на енергетската ефикасност во областите кои се во надлежност на Општина Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Намалување на трошоците преку намалување на потрошувачката на електрична и топлинска енергија; подобар и поефективен увид на потрошувачката и постепено воведување на алтернативни (обновливи) извори на енергија. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **3.200.000,00 денари** |

Вкупна предвидена финансиска рамка:

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **121.750.000,00 денари** е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2025 година, од ставката Надомест за уредување на градежно земјиште.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2025 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Секторот за Екологија и енергетска ефикасност со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број 09-8851/5
Датум 17.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов,с.р.

ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

# РЕШЕНИЕ
**за објавување Програма**
**за активностите на Општина Карпош**
**во областа на развојот за 2025 година**

1. Се објавува Програма за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2025 година, донесена на педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9200/4**
**Датум:18.12.2024 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055-901. 023055-902*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 22, став 1, точка 3; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Националната стратегија за млади, Акцискиот план, а во врска со член 25, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/2020) и член 38 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Советот на Општина Карпош, на педесет и осмата седница, одржана на 17 декември 2024 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2025 година

Согласно заложбите на Секторот за развој на Општина Карпош, во оваа програмата се опфатени различни проекти кои ги вклучува граѓаните на Општина Карпош, со посебен осврт на младите, невладиниот сектор, како и малите и средни претпријатија, со цел преку одредени активности, мерки, обуки и проекти да се придонесе за подигнување на локалниот економски развој на територија на Општина Карпош

## 1. Субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија

### I. Развојни приоритети и цели

Општина Карпош по четврт пат преку Секторот за развој ќе ја спроведе мерката за поттикнување и помош на млади лица кои живеат во Општина Карпош да полагаат возачка дозвола, при тоа целиот или дел од износ за обука од теоретскиот и практичниот дел да им биде субвенциониран односно вратен.

Оваа мерка се планира да се спроведе за да се поттикнат младите веднаш по завршување на средното образование, да посетуваат и да полагаат возачка дозвола се со цел во следниот период да бидат поконкурентни на пазарот на труд и полесно да ги исполнат условите за добивање работа.

За да се спроведе оваа активност, најнапред општината ќе изврши постапка за избор на авто школи кои ќе понудат минимална цена за обука утврдена во Правилникот за минимална цена за оспособување на возачи. По избор на најповолните авто школи и потпишување на договорите, општината ќе пристапи кон распишување на Јавен повик за субвенционирање на млади лица кои се родени во 2007 година, односно кои во 2025 година ќе наполнат 18 години.

## II. Проектни активности

КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА АВТО ШКОЛИ

| | |
|---|---|
| **Критериуми за учество на авто школата:** | ➢ Авто школата да има лиценца за работа за оспособување на кандидатите за возачи за Б категорија<br>➢ Авто школите да имаат најмалку 5 (пет) возила во своја сопственост или на располагање и истите да бидат за оспособување на кандидатите за Б категорија.<br>➢ Да има најмалку 5 (пет) реномирани возачи - инструктори со лиценца за оспособување на кандидати за возачи за Б категорија, вработени во авто школата или на располагање.<br>➢ Авто школите да имаат на располагање канцеларија за прием на кандидати, како и училница за одржување на теоретска настава со сите нагледни средства според Закон, но не подалеку од 3км од седиштето на Општина Карпош ул. Радика бр.9, 1000 Скопје. |
| **Критериуми за избор на авто школа** | ➢ За најповолни понуди ќе бидат избрани понудите на авто школите кои ќе понудат минимална цена за обука утврдена во Правилникот за минимална цена за оспособување на возачи во авто школа за следење на обуки од теоретскиот и практичниот дел на кандидатите за возачи за Б категорија, согласно минималните пресметани елементи на вредност.<br>➢ Доколку понудувачот не е ДДВ обврзник |

| | |
|---|---|
| | истиот треба да достави документ од УЈП како доказ. |
| **Потребна документација** | ➢ Тековна состојба.<br>➢ Копија од лиценца за работа за оспособување на кандидатите за возачи за Б категорија.<br>➢ Копија од сообраќајна или договор за располагање со возила за оспособување на кандидатите за возачи за Б категорија во прилог со копија од сообраќајна .<br>➢ Копии од лиценци за инструктори, листа од АВРМ за вработени во авто школата или договор за отстапување на инструкторите со копии од лиценци.<br>➢ Да имаат на располагање канцеларија за прием, како и училница за одржување на теоретска настава со сите нагледни средства според Закон (приложување на договор за закуп или внесена во тековна состојба).<br>➢ Канцеларијата за прием на кандидати и училницата за одржување на теоретска настава со сите нагледни средства да работи не помалку од (1) година од денот на објавување на овој повик и иститe да се на растојание по патна инфраструктура не подалеку од 3км од седиштето на Општина Карпош, ул. Радика бр.9, 1000 Скопје. |
| | **Отварањето на понудите ќе биде јавно** |

КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА МЛАДИ ЛИЦА

| | |
|---|---|
| **Критериуми за субвенционирање :** | 1. Секое лице кое ќе поднесе барање за субвенционирање за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање за возачка дозвола мора да е жител на Општина |

| | |
|---|---|
| | Карпош минимум 3 години до денот на поднесување на барањето.<br>2. Ќе се субвенционираат сите млади лица кои се родени во 2007 година, односно кои во 2025 година ќе наполнат 18 години.<br>3. Субвенционирањето ќе биде според следните критериуми:<br>➢ Двајца родители со вкупен приход до 80.000,00 денари добиваат 100% од износот кои се наплатува за посетување на обука за теоретска и практична дел<br>➢ Двајца родители со вкупен приход од 80.001,00 до 100.000,00 денари добиваат 75% од износот кои се наплатува за посетување на обука за теоретска и практична дел<br>➢ Двајца родители со вкупен приход од 100.001,00 до 120.000,00 денари добиваат 50% од износот кои се наплатува за посетување на обука за теоретска и практична дел<br>➢ Двајца родители со вкупен приход од над 120.001,00 денар добиваат 25% од износот кои се наплатува за посетување на обука за теоретска и практична дел<br>4. Ќе се земат во предвид само оние лица кои уплатиле за посетување на обука за теоретски и практичен дел за полагање за возачка дозвола по добиена Потврда од страна на Општина Карпош за исполнување на критериуми и само во оние авто школи кои имаат склучено Договор со Општина Карпош произлезен од Јавниот повик за авто школи во точен износ од склучениот Договор по однос на јавниот повик со авто школите. |
| **Потребни документи:** | 1. Барање за исполување на критериуми и барање за субвенционирање за поврат на средства од вкупниот износ за обука за теретска и практична обука<br>2. Копија од лична карта како доказ за жителство и година на раѓање на лицето апликант<br>3. Копија на лична карта од двајцата родители како доказ дека живеат минимум 3 години во Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| | 4. Потврда за остварени приходи добиена од работодавачот за последните три месеци Потврдите треба да бидат со датум од месецот на поднесување на Барањето од двајцата родители<br>5. За невработени лица - Потврда од Агенција за вработување дека родителот е евидентиран како лице кое бара работа - активен барател на работа или Листа од ПИОМ дека родителот е невработено лице. Потврдите треба да бидат со датум од месецот на поднесување на Барањето за исполнување на критериуми<br>6. Копија од фискална сметка за извршена уплата за теретска и практична обука во автошколата |
| Предвидена финансиска рамка: | 5.000.000,00 денари |

ОВЛАСТУВАЊЕ: Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази за субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за посетување обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија.
Овластувањето подразбира:
- Формираме на комисија за евалуација на понудите
- Донесување Одлука за јавен повик за избор на авто школи
- Објава на јавен повик за избор на авто школи
- Записник од отварање на понуди
- Подготовка на извештај
- Одлука за избор на авто школи
- Известување за избор на авто школи
- Склучување на договори со избраните авто школи
- Донесување Одлука за јавен повик за субвенционирање на млади лица
- Објава на јавен повик
- Решение за формирање на комисија за примени барања за субвенционирање
- Записник од евалуација
- Подготовка на решенија за исплата
- Завршен извештај

## 2. Крводарителска акција

### I. Развојни приоритети и цели

Општина Карпош е препознатлива по дарување на најголем број крвни единици од сите други општини во Македонија. Акцијата се организира заедно со Завод за трансфузиологија и Црвен крст од Општина Карпош, во самата општина, на која се покануваат сите граѓни од цела територија на Република Македонија да земат учество.

### II. Проектни активности

| 1. | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Поставување на пунктови на територија на О.Карпош два пати во годината (јуни и октомври) |
| **Стратешки насоки и цели:** | Вклучување во хуманитарна акција и дарување на крв. |
| **Очекувани резултати:** | Обезбедување на голем број на крвни единици |
| **Целна група:** | Граѓани на О.Карпош, граѓани на Град Скопје |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **80.000,00 денари** (парите ќе бидат распоредени за сите крводарители од Општина Карпош кои дале крв по 50ти пат како поттик и благодарност за хуманото дело) |

## 3. Членство во Европската асоцијација за локална демократија - АЛДА

### I. Развојни приоритети и цели

Да се биде членка на АЛДА, значи пред се споделување на нивната мисија-промоција на добро владеење и граѓанско учество на локално ниво.

### II. Проектни активности

| 1. | |
|---|---|
| Опис на активности: | Членство во Европската асоцијација за локална демократија – АЛДА |
| Стратешки насоки и цели: | Можности за финансирање и развој на проекти |
| Очекувани резултати: | ➢ Предност при понудени можности за партнерство во проекти<br>➢ Поддршка во повеќе јазичниот тим на Алда во фазата на подготовка на предлог проекти<br>➢ Идентификација на соодветни меѓународни партнери во специфични области<br>➢ Поддршка во процесот на склучување на партнерство и споделување на повици за партнерство<br>➢ Препознавање на потенцијални донатори<br>➢ Посетување на меѓународни обуки |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош, НВО секторот. |
| Предвидена финансиска рамка: | **25.000,00 денари** (годишно членство во АЛДА) |

## 4. Младински центар - Карпош

### I. Развојни приоритети и цели

Младинскиот центар во Карпош ќе биде место каде ќе се подготвуваат и спроведуваат програми кои ќе ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите, согласно член 22 од Законот за младинско учество и младински политики.

### II. Проектни активности

| 1. | |
|---|---|
| Опис на активности: | Програмата за работа на Младинскиот центар ќе се заснова на неколку работни пакети: |

| | |
|---|---|
| | **1. Координација и раководење со Младинскиот центар**<br>• Воспоставување на проектен тим<br>• Организација на отворање на Младинскиот центар<br>• Координативни состаноци (неделни и месечни)<br>• Комуникација и видливост<br>• Мониторинг и евалуација<br><br>**2. Јакнење на капацитетите на младинските работници**<br>• Интерни обуки за персоналот на МЦ<br>• Сертифицирана обука за младински работници<br><br>**3. Промоција на програмата и услугите на Младинскиот центар:**<br>• Организација на јавни настани за промоција на МЦ<br>• Инфо денови<br>• Промоција на програми за мобилност на млади<br>• Промоција на волонтерство кај младите<br><br>**4. Зајакнување на капацитетите на младите преку неформално образование на различни теми кои се актуелни за младите :**<br>• Обуки/работилници за зајакнување на животни вештини на младите<br>• Обуки/работилници за зајакнување на вештини за вработливост за младите<br>•Обуки/работилници за зајакнување на претприемништво кај младите<br>• Обуки/работилници за развивање на креативноста кај младите<br>• Обуки/работилници за развивање на свеста за здравјето на младите<br>• Обуки/работилници за зајакнување на младинското учество кај младите<br>• Средби за менторство, подучување и советување со млади на различни теми.<br><br>**5. Организирање на јавни настани (состаноци и округли маси со засегнати страни (млади, младински организации, училишта, општина):**<br>• Соработка со училишта<br>• Состаноци со локални младински организации |

| | |
|---|---|
| | •Состаноци и округли маси со претставници на локалните власти<br>• Состаноци и средби со Локален совет на млади.<br>• Меѓународна соработка преку вклучување во меѓународни проекти со цел размена на искуства<br><br>**6. Дополнителни услуги на МЦ Уметнички и спортски секции за млади и деца**<br>• Музичка секција<br>• Јазична секција<br>• Креативна/уметничка секција<br>• Театарска секција<br>• Спортска секција |
| Стратешки насоки и цели: | Целта на постоењето на Младинскиот Центар Карпош ќе биде да се обезбеди соодветен и безбеден простор каде ќе се спроведува системска поддршка на личниот развој на младите луѓе и нивното активно вклучување во животот во заедницата преку:<br>- неформално образование: обучување и подучување на млади;<br>-информирање, менторство, подучување и советување;<br>- информално искуствено учење кое се случува во слободно време низ учество во забавни и волонтерски активности организирани за и од млади.<br>Младинскиот центар ќе биде отворен секој работен ден и ќе биде достапен за младите најмалку 30 часа, распоредени во најмалку 5 дена неделно. Во овој период младите можат да доаѓаат во Центарот, да учествуваат во активности и да ги користат постојаните услуги или пак да се самоорганизираат, дружат и да ги користат достапните ресурси со поддршка на младинските работници од Центарот. |
| Очекувани резултати: | ➢ Користење на квалитетно слободно време кај младите<br>➢ Подобрени вештини кај младите<br>➢ Комуникација, интеракција, социјализација |
| Целна група: | Млади лица од Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 800.000,00<br><br>➢ плата за двајца младински работници -<br>➢ патни трошоци, координативни состаноци, банкарски задршки, административни |

| | |
|---|---|
| | трошоци<br>➢ Обуки, работилници |

<u>Табеларен приказ на буџетот по проекти:</u>

| Проект | Предвидена финансиска рамка |
|---|---|
| 1. Субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија | 5.000.000,00 |
| 2. Крводарителска акција | 80.000,00 |
| 3. Членство во Европската асоцијација за локална демократија - АЛДА | 25.000,00 |
| 4. Младински центар - Карпош | 800.000,00 |
| ВКУПНО | 5.905.000,00 |

Вкупниот буџет за реализација на Програмата на секторот за развој за 2025 година е 5.905.000,00денари.

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 5.905.000,00 **денари** е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2025 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Секторот за развој со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот

ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

---

Број 09-8851/6
Датум 17.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов,с.р.

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055-901. 023055-902*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*

ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за објавување Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година

1. Се објавува Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година, донесена на педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9200/5
Датум:18.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски,с.р.

ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) член 95 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и Службен весник на Република Северна Македонија бр 275/19) Советот на Општина Карпош на педесет и осмата седница, одржана на 17 декември 2024 година, донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2025 ГОДИНА

Секторот/Одделението Дејности од јавен интерес - Одделение за култура и спорт со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број 09-8851/9
Датум 17.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов,с.р.

ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување Програма за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година**

1. Се објавува Програма за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година, донесена на педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9200/8
**Датум:18.12.2024 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на педесет и осмата седница, одржана на 17 декември 2024 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година

## I. Развојни приоритети и цели

- Пропаѓирање и промовирање на спортско рекреативниот, врвниот, забавниот и училишниот спорт.
- Организирање на спортски активности предвидени со програмата за спорт и унапредување и развивање на спортот на локално ниво.
-Зголемување на навиката за спортски живот и подобрување на спортско натпреварувачкиот дух и потикнување на фер игра.
- Се она што е од заеднички интерес во сегментот на рекреативниот забавен спорт, да го обедини, координира и по можност да го усоврши односно да го постави на повисоко ниво.
- Сите граѓани од општината своето слободно време да го користат за реализирање на спортските активности, при што ќе ги развиваат позитивните вредности на спортот кои подоцна ќе ги негуваат како животни вредности.

| | 1. Училишни спортски игри Карпош 2025 |
|---|---|
| Опис на активности: | - Учениците од општинските основни училишта од Општина Карпош и приватни училишта на подрачјето на Општина Карпош, ќе се натпреваруваат во разни спортски дисциплини: мал фудбал, кошарка, одбојка (девојчиња), шах, тенис, ракомет, пинг понг, атлетски крос, фудбал на песок, одбојка на песок и други спортски активности, кои ќе ги организира Одделението за култура и спорт на Општина Карпош. Исто така се планираат и спортски натпревари по повод денови на Општина Карпош помеѓу училиштата, општините во градот Скопје и другите општини од Република Македонија, како и меѓународни натпревари со општини од градови на други држави.<br><br>- Проектот ќе го реализираат вработени во одделението за Култура и Спорт, професори по |

II. Проектни активности

| | |
|---|---|
| | физичко и здравствено образование, суди од соодветните спортови, медицински лица и полиција. |
| Стратешки насоки и цели: | - Јакнење на менталното и физичкото здравје,<br>- Подобрување на локомоторниот апарат<br>-Зголемување на знаењата, умеењата, способностите и вештините кај учениците спортисти<br>- Докажување на сопствениот талент. |
| Очекувани резултати: | - Натпреварувачка атмосфера,<br>- Социјализација (дружење и забава),<br>- Спортско однесување на учениците - навивачи за фер навивање на спортските терени.<br>- Зголемување и подобрување на моторните способности и индивидуалните те-та дејствија |
| Целна група: | Ученици од основни училишта од подрачјето на Општина Карпош. |
| Предвидена финансиска рамка: | 2.500.000,00 денари |
| Организатор | Општина Карпош |
| Трошоци | - Свечено отварање и затварање на игрите (балони, конфети, огномет, коктел и друго),<br>-Хонорари за спортски судии и делегати 600,00 денари по одигран натпревар на секој спортски судија и делегат поединечно во лигите фудбал, кошарка, ракомет и одбојка - девојчиња, како и за куп натпреварите и натпреварите во одбојка и фудбал на песок) и по повод денови на Општина Карпош и други натпревари и активности организирани од Општина Карпош,<br>- Наставници (500,00 денари за секој натпревар што ќе го водат својот училишен тим), за било кој |

| | |
|---|---|
| | спортски настан организиран од страна на Одделението за култура и спорт при Општина Карпош.<br>- Пехари, медали, статуетки, признанија,<br>- Спортска опрема (дресови, спортски гаќички) за ученици – натпреварувачи и спортски маици за професори, - Изнајмување на спортски терени (сала), - Разглас (озвучување), - Медицинско лице или итна медицинска помош,<br>- Награди за професорите (1 место 8.000,00 денари, 2 место 6.000,00 денари и 3 место 5.000,00 денари),<br>-Награда за најдобро прогласени поединци ученици спортисти во училишните лиги во организација на Општина Карпош (6.000,00 денари),<br>- Наградна домашна или меѓународна повеќедневна спортска екскурзија за првопласираните училишни тимови и најдобро прогласените спортисти поединци во спортските лиги (фудбал, кошарка и одбојка девојчиња) заедно со професорите - тренери и вработени во Општина Карпош (превоз и хотелско сместување со полн пансион) |
| | **2. Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение** |
| **Опис на активности:** | Ќе ги опфати талентираните спортисти жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение, кои со својот квалитет придонесуваат за промоција на општината и државата како на домашен така и на меѓународен план.<br><br>Начинот на спроведување на постапката, условите, критериумите и потребните документи ќе бидат дефинирани во јавниот повик.<br>Огласот ќе ги опфати сите спортисти жители на Општина Карпош кои ќе постигнат индивидуални резултати односно кои ќе ѓи исполнат условите и |

| | |
|---|---|
| | критериумите од огласот.<br><br>Стипендијата се доделува во две категории, и тоа:<br><br>-Прва категорија 3.500,00 денари и<br><br>-Втора категорија 3.000,00 денари.<br><br>Ученикот кој конкурирал за две стипендии во Општина Карпош (образование и спорт) и ги исполнил условите за добивање на двете стипендии, му се доделува една стипендија по негов избор, врз основа на доставена изјава за која стипендија се одлучил. Постапката по јавниот повик ќе се спроведе според утврдени услови и критериуми. За таа цел, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија. Оваа комисија е составена од пет члена (три члена од советот на општина Карпош и два члена од администрацијата на општината). |
| **Услови, критериуми и потребни документи** | Услови: Да се жители на општината Карпош (адреса на живеење), потврда од училиштето дека спортистот е редовен ученик во VIII или IX одделение во учебната 2025/26 година.<br>Начинот на спроведување на постапката, условите, критериумите за учество, и потребните документи ќе бидат дефинирани во јавниот повик.<br>Критериуми:<br>Спортистот потребно е да има постигнување на индивидуални спортски резултати, потврдени од матичните национални спортски федерации и да се во согласност со календарот на натпревари на националните федерации за периодот од 01.09.2024 година до 31.08.2025 година:<br>- национално првенство, освоено индивидуално I место (3 бода);<br><br>- национално првенство, освоено индивидуално II место (0,5 бода);<br><br>- награда за индивидуални постигнување национален рекорд, прогласен за |

| | |
|---|---|
| | најдобар играч, стрелец, талент и слично) (3 бода) и<br>- репрезентативец на Македонија, да има учество на еден натпревар и да се наведе кога, каде и со кој противник бил натпреварот (да се достави копија од записник, билтен или друг доказ од натпреварот), (3 бода).<br>- Ќе се признават резултати само доколку на натпреварите учествувале три и повеќе клуба и да се наведат кој клубови учествувале во натпреварувањето и<br>- Сите постигнати резултати да се потврдат со допис од федерација, со записник или билтен од натпреварите. Доколку истите не се достават, комисијата ќе смета дека документацијата е некомплетна и истата ќе се смета за одбиена.<br>Потребни документи:<br>- Биографија на спортистот,<br>- Потврда од клуб дека е нивен член (фотокопија од легитимација)<br>- Важечки документ (потврда) издадена од националната федерација за спортските успеси и резултати во периодот од 01.09.2024 година до 31.08.2025 година, со записник или билтен од натпреварите. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Афирмација и стимулирање за постигнување на подобри резултати на активни, млади и талентирани спортисти жители на Општина Карпош. |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:** | Постигнување на подобри резултати на млади и талентирани спортисти жители на Општина Карпош |
| **Целна група:** | Талентирани спортисти од VIII и IX одделение, жители на Општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.100.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Овластување** | Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази за Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение<br>Овластувањето подразбира:<br>- Донесување Одлука за јавен оглас,<br>- Објава на јавен оглас,<br>- Записник,<br>- Извештај,<br>- Одлука за избор на одобрените спортски стипендии,<br>- Решенија за исплата и<br>-Донесување и други акти во врска со предметната постапка |

| | **3. Спортско рекреативни игри на пензионерите** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Натпреварување на пензионерите од Општина Карпош во: шах, пикадо (во машка и женска конкуренција), влечење јаже (во машка и женска конкуренција), Трчање 60м (жени) и 80м (мажи), фрлање ѓуле (поединечно мажи и жени) и скок во далечина (мажи), шут на гол од дистанца и други рекреативни игри.<br>Проектот ќе го реализират вработени во одделението за култура и спорт, професори по физичко и здравствено образование, медицински лица и полиција. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Спортско рекреативно дружење на пензионерите од општина Карпош |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:** | Рекреација, натпреварувачка атмосфера, дружење и забава. |
| **Целна група:** | Пензионери од Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 120.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Трошоци** | -Пехари, статуетки,<br>-Изнајмување на постолје за 1, 2, и 3 место, големи чадори - куполи, маси, столчиња,<br>-Разглас,<br>- Изнајмување простор (фудбалски терен или сала) за одржување на предвидените спортски активности,<br>-Медицински лица, -Свечен ручек. |

| | **4. Еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Доделувањето на финансиска поддршка за сите спортисти жители на Општина Карпош, кои се занимаваат со спортско рекреативна активност ќе се доделува преку објавување на јавен повик. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе биде наменета за припреми, учество на домашни и меѓународни настани, организирање на разни спортско рекреативни активности, турнири, спортски манифестации и за остварување и реализирање на предвидените и зацртаните спортско рекреативни програми кои не се опфатени со оваа програма во висина до 30.000,00 денари. За таа цел, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија за еднократна финансиска поддршка. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе се доделува еднаш годишно и ќе ја определува комисија составена од пет члена (три члена од советот на општина Карпош и два члена од администрацијата на општината).<br>Начинот на спроведување на постапката, условите, критериумите и потребните документи ќе бидат дефинирани во јавниот повик. |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | Поддршка, афирмација и стимулирање за постигнување на подобри спортски резултати на активни спортисти и рекреативци од Општина Карпош. |
| **Очекувани резултати:** | Промовирање и потпомагање на спортисти и спортски настани од Општина Карпош. |
| **Целна група:** | Сите спортисти и рекреативци кои се занимават со спортско рекреативна активност на подрачјето на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.000.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Овластување** | Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази за Еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација Овластувањето подразбира:<br>- Донесување Одлука за јавен оглас,<br>- Објава на јавен оглас,<br>- Записник,<br>- Извештај,<br>- Одлука за избор на одобрените спортски стипендии,<br>- Решенија за исплата и<br>-Донесување и други акти во врска со предметната постапка |

| | |
|---|---|
| | **5. Учество на Синдикална организација при Локалната самоуправа Карпош на спортски игри и средби на членовите на Синдикатот на УПОЗ (СИС-УПОЗ)** |
| **Опис на активности:** | Спортски активности и учество на спортски игри и средби |
| **Стратешки насоки и цели:** | Рекреација, дружење, меѓусебно запознавање и зближување на членовите преку спортско натпреварување. |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:** | Презентирање и афирмирање на Општина Карпош на спортски игри и средби на членовите на Синдикатот на УПОЗ (СИС-УПОЗ) |
| **Целна група:** | Синдикална организација при локалната самоуправа Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 500.000,00 денари |
| **Организатор** | Синдикална организација при Локалната самоуправа Карпош и Одделение за Култура и Спорт, УПОЗ (СИС-УПОЗ) |
| **Трошоци** | Хотелско сместување<br>Превоз<br>Спортска опрема<br>Партиципација за учество |

| | **6.Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Ќе ги опфати сите активни спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош, кој со својот квалитет допринесуваат за промоција на Општината и државата како на домашен, така и на меѓународен план. Во зависност од постигнатите спортски резултати на клубот, ќе биде одредена и висината на финансиските средства. Постапката по оглас ќе се спроведе според претходно утврдени услови и критериуми. Оваа финансиска поддршка ќе ја определува комисија составена од пет члена (три члена од советот на општина Карпош и два члена од администрацијата на општината). |
| **Стратешки насокии цели:** | Афирмација и потпомагање на спортски клубови од Општина Карпош. |
| **Очекувани резултати:** | Развивање, подобрување и зголемување на |

| | |
|---|---|
| | клупските успеси. |
| **Целна група:** | Спортски клубови од Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.000.000,00 денари |
| **Организатор:** | Општина Карпош |
| **Овластување** | Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази за Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош.<br>Овластувањето подразбира:<br>- Донесување Одлука за јавен оглас,<br>- Објава на јавен оглас,<br>- Записник,<br>- Извештај,<br>- Одлука за избор,<br>- Решенија за исплата и<br>-Донесување и други акти во врска со предметната постапка |
| **Услови, критериуми и потребни документи** | Начинот на спроведување на постапката, условите, критериумите и потребните документи ќе бидат дефинирани во јавниот повик.<br><br>Право на пријавување: Право на пријавување имаат сите заинтересирани спортски клубови регистрирани со седиште на подрачјето на општина Карпош најмалку 3 години, а кои со своите програми и активности придонесуваат за развој на спортот. Клубови регистрирани со седиште во друга општина, а подружница во Општина Карпош нема да се разгледуваат и истите ќе се одбијат. Спортските клубови се должни во барањето да ги наведат причините и намената за кои ги барат средствата.<br><br>Потребни документи и услови за учество:<br><br>Да поседуваат Потврда од матичните национални федерации дека клубот е нивен член и активно |

| | |
|---|---|
| | учество во системот на натпревари во тековната 2024/25 година;<br><br>Да имаат изработено годишна програма за работа на клубот;<br><br>Да имаат регистрирана, организирана и активна младинска спортска школа и нејзино активно учество во натпреварувањето организирано од матичните национални спортски федерации;<br><br>Решение за регистрација на спортскиот клуб (Решение од Централен регистар не постар од 3 месеци).<br><br>Критериуми<br><br>1. Организациона поставеност на спортскиот клуб;<br>2. Ранг на натпреварување, постигнат пласман и организирано пионерско младинска школа и сениорски тим<br>3. Успеси на клубот (постигнат пласман) во натпреварувачката 2024/25 во сите генерациски категории кои официјално се натпреваруваат во организација националните федерации |

| | 7. Меморијален турнир во мал фудбал Оливер Соколов Сокол |
|---|---|
| | |

| | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Мал фудбал |
| **Стратешки насокии цели:** | Сеќавање на нашиот другар и сосед Сокол |
| **Очекувани резултати:** | Малска дружба користејќи го спортот како алатка за зајакнување на врската помеѓу различни генерации |
| **Целна група:** | Футсал фудбалски екипи |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 300.000,00 денари |
| **Организатор** | Здружение на граѓани за подготовка и организирање на меморијален турнир во мал фудбал Оливер Соколов Сокол |
| **Трошоци** | Награди за прво, второ, трето и четврто место, најдобар играч, најдобар голман, пехари, обезбедување, лица вклучени во организација, судии, одржување на терен, медицинско лице, пропаганден материјал и друго |

| | **8. Учиме да пливаме во Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Обука на учениците по пливање на непливачи и пливачи |
| **Стратешки насокии цели:** | Да се наметне дополнителн популаризација на децата во предучилишна и училишна возраст да се занимават со спорт односно пливањето |
| **Очекувани резултати:** | Зголемување и подобрување на антропометриски и психофизички развој кај учениците преку пливањето |
| **Целна група:** | Ученици од предучилишна и училишна возраст |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 300.000,00 денари |
| **Организатор:** | Пливачки клуб Делфини спорт |

| | |
|---|---|
| Трошоци: | Финансиската подршка ќе се искористи за изнајмување на пливачки стази, хонорари за тренери, со што заинтересираните децата ќе добијат големи финансиски олеснувања. Исто така ќе се обезбедат пливачки реквизити, освежителни пијалоци, пропаганден материјал. |

| | 9. Шаховски турнир |
|---|---|
| Опис на активности: | Натпреварување во шах |
| Стратешки насоки и цели: | Промовирање на шахот на локално ниво и привлекување на поголем број на вљубеници во оваа мисловна игра. |
| Очекувани резултати: | Стекнување на потребното шаховско искуство на младите шахисти и поттикнување на нивниот развој кон достигнување на поголемо шаховско знаење и вештини за освојување на мешународни титули. |
| Целна група: | Љубители и ентузијасти на шахот од подрачјето на Општина Карпош кои на овој турнир земаат учество околу сто шахисти од нашата општина. |
| Предвидена финансиска рамка: | 150.000,00 денари |
| Организатор | ШК Гамбит Асеко СЕЕ |
| Трошоци | -Изнајмување простор за натпреварите<br>- Судии<br>-Награден фонд |

| | 10. ПВК Локомотива |
|---|---|
| Опис на активности:<br><br>до спортски клубови | Меѓународен ватерполо турнир 13ти Ноември |
| Стратешки насоки и цели: | Промовирање на ватерполото и привлекување на поголем број на вљубеници во оваа игра и задржување на истите кои веќе се занимаваат со ватерполото.. |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:** | Натпреварувачки карактер и едукација на децата за важноста од активноста |
| **Целна група:** | Ватерполисти родени 2010 година и помлади од Македонија, Црна гора, Бугарија, Србија и Грција |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 120.000,00 денари |
| **Организатор** | ПВК Локомотива |
| **Трошоци** | -Базен<br>- Судии<br>-Награден фонд<br>-Сместување<br>-Озвучување |

| | |
|---|---|
| | 11. Звездите на Карпош |
| **Опис на активности:** | Вежби за загревање и истегнување;<br>Вежби за правилен раст и развој;<br>Вежби со топка;<br>Вежби на патека со препреки;<br>Игри со ритам;<br>Вежби за баланс;<br>Спортски игри;<br>Танц.<br>(Сите вежби прилагодени на индивидуалните способности и соодветна грижа за безбедноста и удобноста). 8 месеци |
| **Стратешки насоки и цели:** | Поттикнување на моторните вештини;<br>Подобрување на координацијата и балансот;<br>Развивање на силата и издржливоста; |

| | |
|---|---|
| | Развивање на социјалните вештини;<br><br>Поттикнување на когнитивниот развој;<br><br>Одржување на позитивно искуство и мотивација; Убави и пријатни доживувања. |
| **Очекувани резултати:** | Подобрена физичка подвижност и моторички вештини;<br>Поголема независност и самодоверба;<br>Позитивен социјален развој;<br>Поголема когнитивна фокусираност;<br>Подобрена емоционална зрелост. |
| **Целна група:** | Деца со атипичен развој, жители на општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 200.000,00 денари |
| **Организатор** | Горан Алексовски |

| | 12. Атомска мравка - Балканско младинско првенство до 14 година |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Спортско натпреварување на качувачката карпа покрај кејот на реката Вардар, помеѓу држави од балканот |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подигнување на квалитетот и успех кај децата во овој спорт како и привлекување на други деца за бавење со спортско качување |
| **Очекувани резултати:** | Спортско натпреварување, напредување во овој спорт и зближување на деца од различни држави од регионот |
| **Целна група:** | Млади спортисти во спортско качување од 6 до 14 години |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 150.000,00 денари |
| **Организатор** | Македонска спортско качувачка федерација |

| | **13. Опремување на спортската сала Партизан со спортски реквизити и друг потребен материјал** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Снабдување на спортската сала Партизан, со спортски реквизити наменети за разни спортови, како и друг материјал потребен за нормално функционирање на салата (како на пример клупи за соблекувални, закачалки, радијатори и слично) и добивање на соодветни услови за тренинг, натпревар и рекреација |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подигнување на квалитетот и успехот кај спортистите како и привлекување на млади за бавење со спорт |
| **Очекувани резултати:** | Спортско натпреварување и напредување |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.060.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |

| | **14. Фудбалски турнир за деца на возраст од 7 до 12 години** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Организирање на меѓународен фудбалски турнир. Секоја возрасна група се натпреварува според однапред утврдени димензии на фудбалскиот терен и број на играчи. Според бројот на пријавени екипи ќе се направат најмалку две групи, од кои понатаму ќе продолжат првите две екипи кои ќе се натпреваруваат за едно од првите три места. Останатите екипи ќе играат за место. Турнирот ќе се одвива на две локации: игралиште Локомотива и СРЦ Карев. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Промоција на спортот односно фудбалот во рамки на општина Карпош<br><br>Развој на фудбалската игра |

| | |
|---|---|
| | Масовно вклучување на децата од општина Карпош кон фудбалот како спортска игра<br>Стекнување пријателства и контакти<br>Рекреација и забава<br>Промоција на Фудбалскиот Клуб Карев и општина Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Голем интерес за учество на турнирот<br>Зголемување на интересот на децата од општина Карпош за да започнат да тренираат фудбал<br>Воспоставување на контакт со останатите екипи со можност за гостување на нивните тренинг центри<br>Зголемување на уписот на нови членови во ФК Карев |
| **Целна група:** | Деца на возраст од 7 до 12 години |
| **Предвидена финансиска рамка:** | Потребен буџет од 250.000,00 денари |
| **Организатор** | Здружение Фудбалски Клуб Карев Скопје |

**Вкупна предвидена финансиска рамка: 8.750.000,00 денари**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 8.750.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2025 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Секторот/Одделението Дејности од јавен интерес - Одделение за култура и спорт со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број 09-8851/10
Датум 17.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов,с.р.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување Програма**
**за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година**

1. Се објавува Програма за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година, донесена на педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9200/9
Датум:18.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски,с.р

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и 9; член 36, став1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Карпош, на педесет и осмата седница, одржана на 17 декември 2024 година, донесе

# ПРОГРАМА
# за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година

## I. Развојни приоритети и цели

Програмата дефинира повеќе приоритети од областа на детската, социјалната и здравствената заштита, кои треба да придонесат за унапредување на социоекономската и здравствената заштита на граѓаните на Општина Карпош и тоа:

- Детска заштита – вклучување на сите деца во ЈУОДГ, унапредување на воспитно згрижувачката дејност и други активности;

-Парична помош за новороденчиња, лица/семејства во социјален ризик, за потешко лекување и пожар или поплава во домот;

-Хуманитарни акции наменети за граѓаните во социјален ризик;

- Подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните и вклучување на маргинализирани групи ;

II ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

| 1. | Инклузија на деца од ромската популација во ЈУОДГ „Пролет“ |
|---|---|
| Опис на активности: | Преку воспитно образовните програми кои што се реализираат за предучилишно воспитување и образование е планирано вклучување на децата од ромската популација.<br><br>Во групите во кои што престојуваат децата особено внимание се посветува на едукативно-социјалните активности. |
| Стратешки насоки и цели: | Поради непостоење на предучилишна установа во населбата Злокуќани, децата од оваа населба се згрижуваат во ЈУОДГ „Пролет “ во населбата Влае 1.<br><br>Во соработка со Министрeството за труд и социјална политика Општина Карпош,е партнер и успешно го спроведува овој проект.<br><br>Целта на проектот е отстранување на постоечките бариери за пристап до предучилишните установи на деца Роми на восраст од 3 до 6 години ,инклузија на децата и нивна социјализација како и зајакнување на свеста кај нивните родители за важноста на раниот детски развој и образованието на нивните деца. |
| Очекувани резултати: | ✓ Интегрирање во социјалниот живот<br>✓ Подготовка за вклучување во воспитно-образовен процес<br>✓ Намалување на девијантните појави |
| Целна група: | Деца од предучилишна возраст од ромската популација од населбата Злокуќани |
| Предвидена финансиска | 200.000 денари |

| | |
|---|---|
| рамка:<br><br>Реализатор: | Општина Карпош |
| Трошоци: | - Превоз и престој за 15 деца од населбата Злокуќани до градинката „ Пролет " во населбата Влае. |

| 2. | Обновување и унапредување на дидактичките материјали во Јавните установи општински детски градинки |
|---|---|
| Опис на активности: | -Обновување на еколошки дидактички материјали за децата од предучилишните установи. |
| Стратешки насоки и цели: | ✓ Повлекување од употреба на стари и не фунционални играчки за децата.<br>✓ Континуирано обновување на еколошки дидактички материјал поприфатлив за работа на децата од предучилишна возраст и лесен за одржување. |
| Очекувани резултати: | ✓ Поквалитетна воспитно-образовна работа.<br>✓ Подобрување на психо-физички развој на децата.<br>✓ Стекнување работни навики и чувство за развивање на одговорно однесување.<br>✓ Поголема социјализација меѓу децата, правила во однесувањето и меѓусебно почитување. |
| Целна група: | Деца од предучилишна возраст. |
| Реализатор: | Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 300.000,оо ден. |
| Трошоци: | Набавка на еколошки дидактички материјали и играчки за децата од предучилишните установи - 300.000,оо ден. |
| Овластување: | Градоначалникот ќе ја спроведе постапката во сите фази |

ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧИЊА, ЛИЦА/СЕМЕЈСТВА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК, ЗА ПОТЕШКО ЛЕКУВАЊЕ ,ПОПЛАВА ИЛИ ПОЖАР

| 3. | **Парична помош за лица/семејства во социјален ризик и лекување** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Еднократен паричен надомест кој се доделува еднаш во годината за:<br><br>-лица/семејства во состојба на социјален ризик<br><br>- лекување<br><br>-поплава или пожар<br><br>За остварување на правото на паричен надомест согласно Јавниот повик објавен на веб страната на Општина Карпош,во прилог на барањето, потребно е да се достави соодветна документација .Покрај ова службите вршат увид  увид во домот на барателот .<br><br>Поднесените барања ги разгледува Комисијата за доделување на еднократна парична помош составена од советници и вработени во општинската администрација, а формирана од Градоначалникот.<br><br>Покрај паричната помош на граѓаните им се пружаат и други видови на поддршка и тоа:<br><br>- психо-социјална помош<br><br>-упатување во соодветна институција за остварување на нивните права |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Поддршка за лица/семејства кои во моментот се нашле во состојба на социјален ризик,<br>✓ Психо-социјална поддршка<br>✓ Поддршка за лекување<br>✓ Парична помош |
| **Очекувани резултати:** | Намалување на бројот на лица/семејства кои се во социјален ризик или помош за лекување и подобрување на здравствената состојба кај болните лица |
| **Целна група:** | Лица/семејства во социјален ризик и болни лица |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **4.000.000,оо ден.**<br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | Парична помош за лица/семејства:<br>-кои се нашле во состојба на социјален ризик<br>-за лекување<br>-за поплава или пожар |

| | |
|---|---|
| 4. | **Парична помош за секое новородено-посвоено дете на територијата на Општина Карпош** |
| **Опис на активности:** | Информирање на граѓаните од Општина Карпош, за условите за остварување на правото за парична помош за секое новородено и посвоено дете на територија на општината преку Јавен повик објавен на веб страната на Општина Карпош.<br>За остварување на право на еднократна парична помош, потребно е да се исполнат следните критериумите :<br>-Еднократна парична помош се доделува на секое новородено и посвоено дете, чии што родители се жители на Општина Карпош (еден од родителите да е |

| | |
|---|---|
| | жител на Општина Карпош најмалку 3 години), што се утврдува со документ за лична идинтификација и<br>-На денот на поднесување на Барањето , новородончето да не е постаро од 90 дена<br>-Вкупните приходи на родителите да не бидат повисоки од 60.000 денари<br>Ако едниот или двајцата родители се невработени , потребно е да достават потврда од Агенцијата за вработување на РСМ или друг документ со кој ќе се потврди тоа. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Финансиска поддршка за семејствата.<br>Информирање и упатување на семејствата за остварување на нивните права и од други соодветни институции во државата. |
| **Очекувани резултати:** | Поддршка на семејства |
| **Целна група:** | Лица/семејства кои ги исполнуваат утврдените критериуми |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **600.000,оо ден.**<br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | Еднократна парична помош во износ од 8.000,оо денари за секое новородено/посвоено дете согласно утврдените критериуми. |

## ХУМАНИТАРНИ АКЦИИ НАМЕНЕТИ ЗА ГРАЃАНИТЕ ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК

| | |
|---|---|
| 5. | **Хуманитарна акција -**<br>**„ Да бидеме хумани за нашите соседи “** |

| | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Хуманитарната акција „ Да бидеме хумани за нашите соседи“ веќе традиционално се организира од Општина Карпош два пати во годината.<br><br>Акцијата се организира :<br>- По повод Велигденските празници<br>- По повод роденденот на Општина Карпош- 3 ноември<br>Акцијата се реализира преку собирање на прехранбени и хигиенски производи донирани од општинската администрација, децата од основните училишта и предучилишните установи од Општина Карпош, граѓаните- преку донирање во Урбаните заедници и општествено одговорни компании.<br><br>По завршувањето, собраните производи се пакуваат и се доделуваат на лица/семејства во социјален ризик од Општина Карпош. |
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Подобрување на социјалната состојба на лицата/семејства во социјален ризик<br>✓ Грижа за ризичните групи на граѓани<br>✓ Развивање на чувството за емпатија и хуманост уште од најмала возраст |
| **Очекувани резултати:** | Подобрување на состојбата на лицата/семејства во социјален ризик. |
| **Целна група:** | Лица/семејства во социјален ризик |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br><br>**Реализатор:** | **30.000,оо ден**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | Вреќи за пакување<br><br>Трошоците се предвидени за две хуманитарни акции. |

## ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВЕЕЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ОД ОПШТИНА КАРПОШ

| 6. | Одбележување на 3-ти Декември - Денот на лицата со попреченост под мотото „Сите сме исти , сподели среќа “ |
|---|---|
| Опис на активности: | По иницијатива на Градоначалникот, по повод 3 Декември- Денот на лицата со попреченост се организира средба. На средбата се споделуваат искуства, проблеми со кои се соочуваат лицата со попреченост и се предлагаат можности за нивно решавање.<br><br>По тој повод се доделува еднократна парична помош во износ од 5.000,оо денари на лицата со попреченост во согласност со Јавниот повик објавен на веб страната на Општина Карпош . |
| Стратешки насоки и цели: | ✓ Намалување на осаменоста лицата со попреченост<br>✓ Интегрирање во општествениот живот и нивна социјализација.<br>✓ Активности кои може да ги превземе општината со цел за подобрување на квалитетот на живеење, обезбедување и олеснување на нивното движење преку поставување на пристапни рампи.<br>✓ Разгледување на можност за нивно вработување.<br>✓ Делумно подобрување на здравствената состојба и рехабилитација |
| Очекувани резултати: | ✓ Вклучување на лицата со попреченост во социјалниот живот. |

| | |
|---|---|
| | ✓ Олеснување на животот и социјализација на семејствата кои имаат лица со попреченост.<br>✓ Ефектите од досегашните активности кои ги презвемала општината (давање на психосоцијална поддршка, парична помош и помош во пакети со храна и корегирање и изградба на пристапни рампи пред индивидуалните и колективни станбени објекти ). |
| **Целна група:** | Лицата со попреченост:<br>- лица со физички хендикеп<br>- лица со оштетен вид(слепи и слабовидни)<br>-лица со оштетен слух(глуви и наглуви)<br>-интелектуално попречени лица<br>-лица со попреченост во говорот<br>-аутистични деца<br>-лица со комбинирани пречки во развојот |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | 1.300.000,оо ден.<br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | -доделување на еднократна парична помош на лица со попреченост |

| 7. | **Посета на Геронтолошкиот завод 13-ти Ноември, оддел „Мајка Тереза“ - Злокуќани** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Посета на штитениците во старскиот дом со Градоначалникот и општинската администрација<br>Пригодна културно забавна програма организирана од дечиња од една општинска детска градинка.<br>Пригодни подароци за штитениците. |

| | |
|---|---|
| Стратешки насоки и цели: | Психо-социјална поддршка.<br><br>Грижа на општината за старите лица |
| Очекувани резултати: | Намалување на чувството на осаменост |
| Целна група: | Штитеници на Домот |
| Предвидена финансиска рамка:<br><br>Реализатор: | 60.000,оо денари<br><br>Општина Карпош |
| Трошоци: | -лични пакети со кондиторски продукти за лицата сместени во домот |

| | |
|---|---|
| 8. | **Финансиска поддршка за проекти од областа на детската,социјалната и здравствената заштита** |
| Опис на активности: | Поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита кои придонесуваат за унапредување на предучилишниот воспитно- згрижувачки процес, поддршка за стари лица и маргинализираните групи на граѓани од Општина Карпош.<br><br>Постапката ќе се одвива преку објавување на оглас ,кој ќе биде отворен во текот на целата година или до исцрпување на предвидените финансиски средства. Поднесените проекти ќе ги разгледува и одлучува Комисија составена од петмина советници од Советот и двајца вработени во администрацијата<br><br>Сите физички или правни лица , по реализација на проектните активности , должни се до Одделението за детска, социјална и здравствена заштита да достават извештај комплетиран со следниве докази за потрошени финаниски средства:<br><br>-административни и комуникациски трошоци<br><br>-превоз и акредитација |

| | |
|---|---|
| | -материјали за работа<br><br>-хонорар со вклучен персонален данок |
| **Стратешки насоки и цели:** | - Унапредување на воспитно згрижувачкиот процес во предучилишните установи,<br><br>-Поддршка на стари лица,<br><br>- Превентивни активности и ресоцијализација за маргинализираните категории на граѓани на Општина Карпош. |
| **Очекувани резултати:** | Подобрување на квалитетот на живот на наведените категории на жители на Општина Карпош |
| **Целна група:** | Деца и вработени во предучилишни установи,<br><br>стари лица и маргинализирани групи на граѓани. |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br><br>**Реализатор:** | 250 000,оо ден<br><br>Општина Карпош |
| **Овластување:** | **Градоначалникот ќе ја спроведе постапката во сите фази за поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита** |

| 9. | **Посебен превоз за стари лица и лица со попречености со посебно опремени наменски возила.** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Посебен превоз за стари лица и лица со попречености со посебно опремени наменски возила.<br>Наменските возила можат да се користат за |

| | |
|---|---|
| | превоз на корисници, кои не се во можност, самостојно да обезбедат превоз за користење на здравствена, социјална, или друга административна услуга, заради:<br>-старост;<br>-болест;<br>-неможност или потешкотии, при самостојно движење;<br>-имаат потреба од придружник (негувател/личен асистент), врз основа на наод на стручно лице за потребата од користење на услуги во домот, поради здравствената состојба во која се наоѓаат, а се работи за неживотно загрозувачки ситуации. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Основна цел на проектот е подобрување на квалитетот на живот и секојдневното функционирање на стари, болни лица и лица со попреченост |
| **Очекувани резултати:** | Креирање на подобри услови за живот и надминување на бариерите во секојдневното функционирање на старите, болни и изнемоштени лица и лицата со попреченост |
| **Целна група:** | -стари лица<br>-болни и изнемоштени лица<br>-лица со попреченост |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | 750.000,оо ден |

| | |
|---|---|
| 10. | **ЧЛЕНСТВО на Општина Карпош во Европската агенција за хигиенско инженерство и дизајн (EHEDG) - Франкфурт, Германија** |
| **Опис на активности:** | Општина Карпош е член на EHEDG (Европското тело за хигиенски инженеринг и дизајн) Веќе десет |

| | |
|---|---|
| | години е и членка на GHI (Global Harmonization Initiative). Како член на овие две Организација има привилегии да учествува на конференции, конгреси и манифестации од научен карактер од областа на безбедност на храната, нутриционизмот и здравјето по повластени цени. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Одржување семинари и обуки наменети за овластеното лице за контрола и безбедност на храна со цел унапредување на здравството. Објавување на публикации и научни и стручни трудови. Контакти со домашни и странски фирми со цел заедничка соработка. |
| **Очекувани резултати:** | ✓ Унапредување на работата на ОУ и ЈУОДГ од здравствен аспект.<br>✓ Промовирање на Општината во светски научни рамки. |
| **Целна група:** | Децата и граѓаните на Општина Карпош |
| **Годишна членарина:**<br><br>**Реализатор :** | **30.500,оо денари**<br><br><br>EHEDG (Европско тело за хигиенски инженеринг и дизајн - седиште во Франкфурт |
| **Трошоци:** | - Годишна членарина - **30.500,оо ден.** |

| 11. | **Развивање на социјални услуги на локално ниво** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Социјалните услуги се ориентирани кон помош во задоволување на нефинансиските потреби на поединецот и непреченото остварување на развојни и социјализаторски задачи кои понекогаш се нарекуваат лични социјални услуги, хумани социјални услуги или услуги за социјална нега. |
| **Стратешки насоки и** | Социјални услуги кои се обезбедуваат согласно со |

| | |
|---|---|
| цели: | законот за социјална заштита ( член 70 ) се:<br><br>-услуги на информирање и упатување<br><br>-услуги на стручна помош и поддршка<br><br>-услуги на советување<br><br>-услуги во домот<br><br>-услуги во заедницата<br><br>-услуги за вон-семејна заштита |
| Очекувани резултати: | -ублажување на сиромаштијата<br><br>-поддршка на ранливи групи<br><br>-промовирање на самостоен и пристоен живот |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка:<br><br>Реализатор : | Нема финансиски импликации<br><br>Општина Карпош во партнерство со лиценцирани даватели на социјални услуги |
| Трошоци: | Нема финансиски импликации<br><br>- |

| | |
|---|---|
| Вкупна сума | 7.520.500,00 денари |

Вкупна предвидена финансиска рамка:7.520.500,00 денари

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **7.520.500,00 денари** е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2025 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Одделението за детска, социјална и здравствена заштита со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број 09-8851/11
Датум 17.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов,с.р

ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување Програма**
**за активностите на Општина Карпош во областа на образованието**
**за 2025 година**

1. Се објавува Програма за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2025 година, донесена на педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9200/10
Датум:18.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски,с.р

ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/2024), Советот на Општина Карпош, на педесет и осмата седница, одржана на 17 декември 2024 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Карпош во областа на образованието
за 2025 година

# I. Развојни приоритети и цели

Целта на програмата за образование е да го стимулира напредокот во образовниот процес и да ги мотивира учениците да постигнуваат високи резултати во образованието, подобрување на квалитетот во образованието како и условите за работа во општинските основни училишта.

# II. Проектни активности

| 1. | **Осовременување на наставата во општинските основни училишта со нагледни средства, лектирни изданија и дидактички материјали** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Осовременување на наставата во општинските основни училишта со нагледни средства, лектирни изданија и дидактички материјали. |
| **Стратешки насоки и цели** | Континуирано обновување на нагледните средства, лектирни изданија и дидактички материјали во основните општински училишта. |
| **Очекувани резултати** | • Поквалитетен воспитно-образовен процес.<br>• Стекнување на трајни знаења на учениците. |
| **Целна група** | Учениците и наставниците од општинските основни училишта на територија на општина Карпош. |

| | |
|---|---|
| Предвидена финансиска рамка | 17.000.000 денари |
| Трошоци | Обезбедување нагледни средства и дидактички материјали на училиштата преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2025 година. |

| 2. | Ужинки за учениците од општинските основни училишта |
|---|---|
| Опис на активности | Во период јануари-јуни 2025 година, за учебната 2024/2025 и за периодот септември-декември 2025 година за учебната 2025/2026, Општина Карпош ќе субвенционира ужинки за учениците од 1 (прво) до 9 (деветто) одделение од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош, во висина од 50% од износот на месечниот надоместок. |
| Стратешки насоки и цели | Зајакнување на довербата помеѓу Општина Карпош и родителите на учениците од основните општински училишта на територија на Општина Карпош. |
| Очекувани резултати | Финансиска помош за родителите на учениците. |
| Целна група | Ученици од 1 (прво) до 9 (деветто) одделение од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка | 5.000.000 денари |
| Трошоци | Обезбедување ужинки на ученици преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2025 година. |

| 3. | Ослободување од плаќање месечен надомест за ужинка/топол оброк на ученици – деца на бранители во општинските основни училишта |
|---|---|
| Опис на активности | Оваа активност се предвидува согласно Одлуката за ослободување или процентуално намалување на давачки и надомести кон Општина Карпош за бранителите од Општина Карпош донесена од Советот на Општина Карпош со бр.09-8890/16 од 07.12.2022 година, за ослободување од плаќање месечен надомест за топол оброк (целодневна настава и дневен престој) во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош и ослободување од плаќање месечен надомест за ужинки во општинските основни училишта од територијата |

| | |
|---|---|
| | на Општина Карпош. Секторот за дејности од јавен интерес-Одделение за образование се задолжени да ја достави оваа одлука до општинските основни училишта, со цел реализирање на истата преку училишните одбори. Училиштата да достават список на ученици на бранители до општината и до правните лица кои го подговтуваат топлиот оброк/ужинката а правните лица да изготвуваат месечни фактури кон Општина Карпош за реализираните топли оброци/ужинки за учениците – деца на бранителите во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош. |
| Стратешки насоки и цели | • Поддршка на бранителите.<br>• Заслуги во одбраната на татковината |
| Очекувани резултати | Финансиска помош на семејствата на учениците |
| Целна група | Ученици–деца на бранителите во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка | 200.000 денари |
| Трошоци | Плаќање на фактури на правно лице за трошоци за топол оброк и ужинки. |

| 4. | Редовен превоз на учениците од општинските основни училишта |
|---|---|
| Опис на активности | Обезбедување на месечни билети за секојдневен превоз на ученици од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош, за месеците додека трае наставната година. |
| Стратешки насоки и цели | • Усогласување со законска регулатива согласно член 73 став (1) од Законот за основното образование.<br>• Олеснет и безбеден превоз до најблиското општинско основно училиште оддалечено најмалку два километри од местото на живеење |
| Очекувани резултати | Финансиска помош на родителите на учениците. |

| | |
|---|---|
| Целна група | Ученици од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош на кои местото на живеење им е оддалечено најмалку два километри од најблиското основно училиште. |
| | |
| Предвидена финансиска рамка | 1.500.000 денари |
| Трошоци | Обезбедување превоз на ученици преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2025 година. |

| 5. | Превоз на ученици од општинските основни училишта за реализирање на еднодневен пролетен излет |
|---|---|
| Опис на активности | Организирање на превоз за реализација на еднодневен пролетен излет во околината на Скопје за учениците од 1-9 одделение од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош, во 2025 година. |
| Стратешки насоки и цели | Реализирање на дел од програмската активност за реализација на еднодневен пролетен излет согласно годишните програми за реализирање на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на сите општински основни училишта на територија на Општина Карпош, изготвени согласно Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. |
| Очекувани резултати | • Дружење меѓу учениците и учениците и наставниците, социјализација, едукација за излетничките места со посета на културно историски обележја.<br>• Финансиска помош за родителите на учениците. |
| Целна група | Ученици и наставници од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош. |
| Предвидена финансиска рамка | 2.500.000 денари |
| Трошоци | Обезбедување превоз на ученици преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2025 година. |

| 6. | Стипендии за талентирани ученици од основните училишта |
|---|---|
| | Стипендии за талентирани ученици од основните училишта ќе ги опфати талентираните ученици од 8 (осмо) и 9 (деветто) одделение од училиштата на територија на Општина Карпош, жители на Општина Карпош, за постигнати резултати од областа |

<table>
<tr><td>Опис на активности</td><td>на науката, литературата, техниката, културата и уметноста на:<br>-општински,<br>-регионални,<br>-државни и<br>-меѓународни натпревари.<br>Огласот за стипендии за телентирани ученици ќе се објави за учебната 2025/2026 година.<br><br>Стипендиите се доделуваат за осум месеци и се во две категории, и тоа:<br><br>-Прва категорија 3.500 денари,<br><br>-Втора категорија 3.000 денари.<br><br>Комисијата составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во општинската администрација, ги разгледува и одлучува по пристигнатите барања за доделување стипендија за талентирани ученици.<br><br>На ученикот кој конкурирал за две стипендии во Општина Карпош (образование и спорт) и ги исполнил условите за добивање на двете стипендии, му се доделува една стипендија, по негов избор, врз основа на доставена изјава за која стипендија се одлучил.<br><br>Постапката по јавен оглас ќе се спроведе по претходно утврдени услови и критериуми.<br><br>Потребни документи, услови и критериуми за доделување стипендија<br><br>Со барањето, учесниците на Огласот треба да достават:<br><br>-Доказ за жителство во Општина Карпош<br>-Потврда од училиштето за редовен ученик во VIII односно IX одделение<br>-Фотокопии од дипломи од освоени места на<br>Подетално условите за доделување на стипендии ќе бидат објавени во јавниот оглас.</td></tr>
<tr><td>Стратешки насоки и цели</td><td>Целта е да се стимулира и развива талентот на учениците, за понатамошно надградување во областите каде покажуваат успеси.</td></tr>
<tr><td>Очекувани</td><td>• Учество на разни натпревари од областа на науката,</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **резултати** | техниката, културата и уметноста;<br>• Создавање вистински вредности и навики кај учениците. |
| **Целна група** | Редовни ученици од 8-мо и 9-то одделение во основните училишта на територија на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка** | **2.500.000 денари** |
| **Трошоци** | Парични средства за учениците во времетраење од осум месеци во текот на календарската година.<br><br>2025 (февруари, март, април, мај, јуни)-за учебна 2024/2025<br><br>2025 (октомври, ноември и декември) -за учебна 2025/2026 |
| **Овластување** | Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази.<br>Овластувањето подразбира:<br>1.Одлука за јавен оглас,<br>2. Формирање на комисија<br>3. Објава на јавен оглас<br>4.Записник од отварање на стипендии<br>5.Извештај (табеларен преглед)<br>6.Решение за исплата<br>-други акти во врска со предметната постапка |

| 7. | **Награди за првенци на генерација од општинските основни училишта** |
|---|---|
| **Опис на активности** | **а) Еднократна финансиска поддршка на првенци на генерација**<br>На крајот на учебната година секое општинско основно училиште на територија на Општина Карпош избира првенец на генерација согласно пропишани училишни критериуми кои треба да ги исполони. Наставничките совети на училиштата врз основа на предлогот од Комисијата за избор на првенец на генерација, одлучуваат за изборот на ученикот кој ќе биде прогласен за првенец на генерација по што доставуваат известување до Општина Карпош.<br>**б) Летен одмор за првенците на генерација од општинските основни училишта**<br><br>Општината организира летен одмор за најдобрите 10-те ученици, првенци на генерација од општинските основни училишта на |

| | |
|---|---|
| | територија на Општина Карпош.<br><br>Предвидено е летниот одмор да се реализира во период на летниот распуст за учениците, со обезбедени сместување, храна и превоз. |
| **Стратешки насоки и цели** | а) Целта е учениците да се наградат за нивниот успех и да се мотивираат за напредок во понатамошното образование.<br>б) Целта е учениците да имаат забава, дружење, одмор и социјализација на учениците преку пливање, спорт и рекреација, посета на културно - историски обележја. |
| **Очекувани резултати** | а) Поттик на учениците за учество на разни меѓународни, државни, градски и општински натпревари конкурси и изложби. Создавање вистински вредности и навики кај учениците.<br>б) Осамостојување, создавање на поголема одговорност и социјализација на учениците. |
| **Целна група** | а) 10 ученици - првенци на генерација<br>б) 10 ученици-првенци на генерација, наставници и претставници од Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка** | **680.000 денари** |
| **Трошоци** | Парични награди за првенци на генерација:<br>а) 10 ученици првенци по 10.000 денари + персонален данок - 120.000 денари.<br>б) превоз за летен одмор за 10 ученици првенци и истакнати спортисти и спортски тимови - 560.000 денари<br>Обезбедувбање превоз преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2025 година. |

| 8. | **Еднократна финансиска поддршка од областа на образованието** |
|---|---|
| | Доделување еднократна финансиска поддршка на лица кои се занимаваат со активности од областа образованието. Средствата ќе бидат наменети за:<br>- Поддршка за ученици и наставници за учество на меѓународни натпревари,<br>- Поддршка за ученици и наставници ментори кои освоиле 1 место на државен акредитиран натпревар<br>- Учество како предавачи на стручни симпозиуми и конференции од областа на образованието<br>- Поддршка на наставници – фацилитатори од канцеларијата за родителство и |

| | |
|---|---|
| Опис на активности | - Друг вид барања од областа на образованието, до 30.000,00 (триесет илјади) денари.<br>Активноста ги опфаќа следниве постапки:<br><br>1.Формирање на комисија<br><br>2. Записник од увид<br><br>3. Извештај (табеларен преглед)<br><br>4. Решение за исплата<br><br>-други акти во врска со предметната постапка<br><br>Градоначалникот на Општина Карпош формира комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата која ќе ги разгледува апликациите.<br>Право на аплицирање имаат вработени во основните училишта во Општина Карпош, како и лица жители на Општина Карпош, кои реализираат активности од областа на образованието.<br>По реализирање на активноста лицето е должно да достави извештај до Одделението за образование за реализираната активност.<br>Извештајот треба да содржи финансиска рамка со следниот опис:<br>-административни и комуникациски трошоци<br>- превоз и покана за учество, уплата за акредитација<br>- материјали за работа<br>- хонорар со вклучен персонален данок |
| Стратешки насоки и цели | Поддршка и стимулирање за постигнување на подобри резултати во образованието. |
| Очекувани резултати | Подигнување на нивото за едукација на ученици, наставен кадар и поединци жители на Општина Карпош. |
| Целна група | Ученици, наставници други жители на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка | 500.000 денари |
| Трошоци | Трошоци поврзани со финансиска поддршка |

| | |
|---|---|
| 9. | **Финансиска поддршка за проекти од областа на образованието** |

| | |
|---|---|
| Опис на активности | Оштината распишува Јавен оглас на кој право на аплицирање имаат физички лица жители на Општина Карпош, здруженија и правни лица регистрирани во Општина Карпош за дејноста образование.<br>Огласот не е временски ограничен и важи до исцрпување на финансиските средства, но проектите да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2025 година.<br>По доставените барања за реализација на проекти, одлучува Комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата.<br>По реализирање на проектите физичките лица/здруженија/правни лица се должни да достават Извештај до Одделението за образование за реализираната активност. Извештајот треба да содржи финансиска рамка со следниот опис:<br>-административни и комуникациски трошоци<br>- превоз и покана за учество, уплата за акредитација<br>- материјали за работа<br>- хонорар/и со вклучен персонален данок |
| **Потребни документи, услови и критериуми** | **I. Потребни документи и услови за учество**<br>**За физички лица:**<br>-Лична карта во фотокопија;<br>-Изработен проект;<br>-Финансиски план на проектот со точна пресметка<br>**За правни лица:**<br>-Изработен проект;<br>-Финансиски план на проектот со точна пресметка<br>-Тековна состојба издадена од Централен регистар на РСМ, не постара од 6 (шест) месеци од денот на доставување;<br>-Портфолио<br>**II. Критериуми за доделување на финансиска поддршка:**<br>1. Проектот да е од посебен интерес за учениците и жителите на Општина Карпош<br>2. Проектот да предвидува вклучување на ученици/ наставници/стручни соработници од општинските основни училишта во Општина Карпош или да е наменет за нив.<br>3. Проектите да се однесуваат за теми од здравата животна средина, психо-социјалниот живот на учениците, промоција на добросостојба на учениците во семејството и училиштето, заштита од насилство, развивање на спортскиот дух, градење |

| | |
|---|---|
| | на вештини кај наставниците и сл. |
| **Стратешки насоки и цели** | Поттик за едукација, доедукација и усовршување. Мотивирање на жители од Општина Карпош за државни и меѓународни постигнувања |
| **Очекувани резултати** | Стекнување со поголемо знаење и вештини во областа на образованието. Едукација и професионално усовршување, поголеми успеси на државно и меѓународно ниво и реализација на поддржаните проекти. |
| **Целна група** | Физички лица, здруженија на граѓани, претпријатија, ученици, наставници и други во Општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка** | 500.000 денари |
| **Трошоци** | Трошоци поврзани со проекти |
| **Овластување** | Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази.<br>Овластувањето подразбира:<br>1.Одлука за јавен оглас,<br>2. Формирање на комисија<br>3. Објава на јавен оглас<br>4.Записник од отварање на проекти<br>5.Извештај (табеларен преглед)<br>6.Договор за реализација<br>7.Решение за исплата<br>-други акти во врска со предметната постапка |

| 10. | **Избор за најдобро уреден ЕКО-училишен двор /катче** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Со цел подигање на свеста на учениците, родителите, наставниците за важноста на животната средина и рециклирањето, како модел за заштита на животната средина, училиштата ќе се натпреваруваат за најдобро уреден еко-училишен двор /катче во училиштето.<br><br>Активноста ги опфаќа следниве постапки:<br><br>1.Формирање на комисија<br><br>2. Записник од увид<br><br>3. Извештај (табеларен преглед) |

| | |
|---|---|
| | 4. Решение за исплата<br><br>-други акти во врска со предметната постапка<br><br>Изборот за најдобро уреден еко-училишен двор /катче ќе го врши Комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата од Секторот за екологија и енергетска ефикасност.<br><br>Комисијата при оценувањето треба да земе во предвид и уреденоста т.е. хигиената на целиот училишен двор, преземени активности за чистење и одржување на училишниот двор од самите ученици.<br><br>Наградените училишта добиваат парична награда во висина од:<br><br>I место 70.000 денари<br><br>II место 50.000 денари<br><br>III место 30.000 денари<br><br>Предвидено е оваа активност да се реализира во период од март до мај 2025 година.<br><br>Училиштата кои во минатите години добиле награда за ЕКО-уреден училишен двор/катче не можат повторно да учествиваат на следен јавен повик со истиот простор, за кој веќе имаат добиено награда. |
| **Стратешки насоки и цели** | Финансиска поддршка за основните општински училишта, подигање на еколошката свест, употреба на рециклирани материјали и нивно понатамошно користење и реупотреба |
| **Очекувани резултати** | Поттикната мотивираност и креативност за создавање на здрава средина за учеење и развој и развивање на еколошката свест на сите чинители во воспитно-образовниот процес |
| **Целна група** | Основни општински учиилишта од Општина Карпош<br><br>Ученици, родители и наставници од основните општински училишпта на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка** | 155.000 денари |

| | |
|---|---|
| **Трошоци** | Трошоци за награди |

| | |
|---|---|
| 11. | **Хорски натпревар меѓу училиштата во Општина Карпош** |
| **Опис на активности** | Проектот Хорски натпревар меѓу училиштата, како круна на годишната работа на хоровите е предвидено да се одржи во период од месец мај до јуни во просториите на едно од основните општински училишта, каде со награди ќе се закитат трите најдобри хорови. Мотивирачки е тоа што на овој натпревар за освојување награда ќе се борат и музичките педагози од основните училишта преку хорот со кој континуирано работат.<br>Активноста ги опфаќа следниве постапки:<br><br>1.Формирање на комисија<br><br>2. Записник од натпреварувачкиот дел<br><br>3. Извештај (табеларен преглед)<br><br>4. Решение за исплата<br><br>-други акти во врска со предметната постапка<br><br>Изборот за наградените училишта ќе го врши Комисија составена од 3 (тројца) надворешни членови-музички педагози и 2 (двајца) на Советот на Општина Карпош. |
| **Стратешки насоки и цели** | Зголемување на соработката и дружењето помеѓу учениците и училиштата од Општина Карпош и мотивирање за поголеми успеси на ниво на училиште |
| **Очекувани резултати** | Развивање на уметнички и натпреварувачки дух кај учениците.<br>Ослободување од трема за сценски настап |
| **Целна група** | Учениците од училишните хорови од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош и нивните ментори |
| **Предвидена финансиска рамка** | **100.000 денари** |
| | - I место - 40.000 ден<br><br>- II место - 20.000 ден |

| | |
|---|---|
| **Трошоци** | - III место -10.000 ден<br><br>Вкупно **(60.000 ден)** 50% од износот ќе се исплати на музичкиот педагог и 50% на учениците хористи.<br><br>- паричен надоместок за надворешните членови<br><br>на комисијата (3000 ден по член) 3х3000=**9.000 ден.**<br><br>- озвучување<br><br>- пијалок за учесниците<br>-водител- 6.000 ден |

| 12. | **Одбележување на 1 септември Ден на првачињата** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Градоначалникот, советниците и вработените од одделението за образование ќе ги посетат првачињата и ќе им посакаат успешен почеток на учебната година. На првиот училишен ден секое општинско основно училиште ќе организира соодветна претстава и активности по повод приемот на првачињата на првиот училишен ден. Општината ќе исплати финансиски средства на секое општинско основно училиште според број на запишани првачиња. |
| **Стратешки насоки и цели** | Целта е финансиска помош на училиштата да организираат соодветна претстава и активности по повод приемот на првачињата на првиот училишен ден |
| **Очекувани резултати** | Мотивација и топло добредојде на првачињата за започнување со образовниот процес |
| **Целна група** | Општинските основни училишта во Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка** | **220.000 денари** |
| **Трошоци** | Финансиски средства за општинските основни училишта |

| 13. | **МИО (меѓуетничка интеграција на младите во образованието)** |
|---|---|
| | Општина Карпош ја поддржува меѓуетничката интеграција со финансиска помош на општинските основни училишта на територија на Општина Карпош. Тимот за училишна интеграција планира и организира активности кои што има за цел |

| | |
|---|---|
| Опис на активности | интеракција, односно интеграција на етнички/јазично мешани групи учесници, балансирани групи учесници според етничката припадност, полот и возраста, интеракција помеѓу учесниците на различни етнички/јазични групи (во текот на активноста учениците од едниот наставен јазик/едната етничка група, соработуваат со учениците од другиот наставен јазик/другата етничка група, користење на сите застапени јазици рамноправен третман на учесниците од сите етнички/јазични групи, постигнување конкретни заеднички цели со учество на сите застапени етнички заедници спроведувајќи ги планираните активности. |
| Стратешки насоки и цели | Градење на свесност за меѓуетничка интеграција преку разновидни обуки, организирање на спортски игри, квизови на знаење, поттикнување на соработката и дружењето помеѓу учениците со збратимените училишта во кој наставата се одвива на македонски и на јазици кои се говорат во училиштата.<br>• Прифаќање на различностите и отфрлање на стереотипите и предрасудите, помеѓу учениците во општинските училишта. |
| Очекувани резултати | • Зголемување на меѓуетничката кохезија помеѓу учениците во општинските основни училишта.<br>• Реализирање на заеднички ученички спортски активности, забавни игри, културни работилници |
| Целна група | Учениците и наставниците од основните училишта |
| Предвидена финансиска рамка | 100.000 денари |
| Трошоци | По 10.000 денари за секое општинско основно училиште. |

| 14. | Креативен центар Карпош |
|---|---|
| | Организацијана најмалку по една работилница во секоја од единиците на КЦК во училиштата чиј основач е општина Карпош и тоа:<br><br>- Произведуваме храна<br>- Што јадеме, што пиеме?<br>- Приказни за ДНК и гените<br>- Тајните на дизајнот<br>- Светот на роботите и дроновите<br>- Различни извори на енергија<br>- Создаваме музика |

| | |
|---|---|
| Опис на активности | - Дружење со ѕвездите<br>- Магична хемија<br>- Ние сме пиротехничари, непиромани<br>- Кралството на габите во Карпош<br>- Растенијата – фабрики за кислород<br>- Млади карпошеви копаничари<br>- Културното наследство на Карпош<br>- Животинскиот свет на Водно и Вардар<br>- Организација на обуки за наставници за професионален развојод различни области за потребите на наставниците во насока на подобрување на образовниот процес (Обука за наставниците по иновации според CEFE методологија за развивање на вештини и компетенции)<br>- Изработка на сетови за експериментирање по одделни предмети за сите ученици во општинските основни училишта во Карпош<br>- Организацијана КЦК истражувачки караван кој епосети други општини со што би се споделувале искуствата од функционирањето на КЦК<br>- Изработка на пропаганден материјал (маици, капи, беџови, нотеси, брошура, леток)<br>- Набавка на нова опрема за потребите на единиците во рамки на КЦК.<br>Учество на конкурси за финансирање на образовни и истражувачки проекти за ученици од општина Карпош од домашни и меѓународни извори |
| Очекувани резултати | • Вклучување на над 300 ученици во реализација на работилниците во центрите за: за производство и контрола на храна; дизајн и роботика; климатски промени и енерегетска ефикасност; аудио-визуелни уметности; заштита на животна средина; раковотворби; културно наследство; зоологија; астрономија; ботаника и микологија<br>• Учество на најмалку 20-ина наставници во реализација на работилниците<br>• Посета на најмалку 5 скопски општини заради споделување на искуствата од функционирањето на КЦК<br>• Набавка на дополнителна опрема која ќе може да се користи и во текот на редовната настава во општинските основни училишта во Карпош<br>• Изработка на над 200 експериментални сетови за хемија со кои би експериментирале сите ученици од предметна настава во општина Карпош |

| | |
|---|---|
| **Целна група** | Учениците и наставниците од предметна настава од општинските основни училишта на територија на општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка** | 500.000 денари |
| **Трошоци** | Организација на работилници 120.000 ден.<br>Организација на обуки за наставници 20.000 ден.<br>Израб на сетови за експерименти 90.000 ден.<br>Организација на јубилеј 60.000 ден<br>Пропаганден материјал 30.000 ден.<br>Набавка на опрема 110.000 ден.<br>Организација на караван 10.000 ден.<br>Потрошен материјал 20.000 ден.<br>Оперативни трошоци 40.000 ден.<br>ВКУПНО 500.000 ден. |

| 15. | **Избор на најдобра литературна творба „ЗА МОЈАТА ОПШТИНА“** |
|---|---|
| **Опис на активности** | По повод роденденот на општината се организира литературен конкурс.<br>Право на учество имаат сите општински основни училишта на територија на Општина Карпош кои ќе достават 1 (една) литературна творба (поезија или проза) од учениците од **прво до петто** и 1 (една) литературна творба (поезија или проза) од **шесто до деветто** одделение од сите општински основни училишта.<br>За оваа активност секое општинско основно училиште согласно нивни утврдени критериуми формира комисија за избор на литературни творби. Училиштето ќе ги достави до Општина Карпош, во затворен плик со шифра, со назнака за „Избор на најдобра литературна творба“ на тема „ ЗА МОЈАТА ОПШТИНА“.<br>Активноста ги опфаќа следниве постапки:<br>1.Формирање на комисија<br>2. Записник од избор<br>3. Извештај (табеларен преглед) |

| | |
|---|---|
| | 4. Решение за исплата<br><br>-други акти во врска со предметната постапка<br><br>За Избор на најдобра литературна творба ќе одлучува Комисија составена од 3 (тројца) надворешни членови, писатели и 2 (двајца) членови на Советот на Општина Карпош. |
| **Стратешки насоки и цели** | Стимулирање на креативноста и талентот за пишување кај учениците и поттикнување на натпреварувачки дух |
| **Очекувани резултати** | • Поттикнување и откривање на талентот за пишување кај учениците<br>• Мотивирање и можност за развивање на талентот<br>• Дружење меѓу учениците |
| **Целна група** | Учениците од општинските основни училишта под ингеренција на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка** | **120.000 денари** |
| **Трошоци** | Награди за литературна творба за одделенска настава:<br>I награда диплома и решение 10.000 денари<br>II награда диплома и решение 6.000 денари<br>III награда диплома и решение 4.000 денари<br>Награди за литературна творба за предметна настава:<br>I награда диплома и решение 10.000 денари<br>IIнаграда диплома и решение 6.000 денари<br>III награда диплома и решение 4.000 денари<br>- Надворешните членови од оваа Комисија имаат паричен надоместок по лице во износ од 3.000 ден |

| 16. | **„Карпош има талент“** |
|---|---|
| | По повод роденденот на општината се организира манифестацијата „Карпош има талент“. Учество ќе земат сите општински основни училишта и се претставуваат со по еден настап (пеење, танцување, глума, рецитал, свирење на инструмент и др.)<br>Активноста ги опфаќа следниве постапки:<br><br>1.Формирање на комисија<br><br>2. Записник од натпреварувачкиот дел |

| | |
|---|---|
| Опис на активности | 3. Извештај (табеларен преглед)<br><br>4. Решение за исплата<br><br>-други акти во врска со предметната постапка<br><br>Изборот за наградените училишта ќе го врши Комисија составена од 3 (тројца) надворешни членови истакнати лица од уметноста и 2 (двајца) членови на Советот на Општина Карпош |
| Стратешки насоки и цели | Стимулирање на креативноста и талентот кај учениците, поттикнување натпреварувачки дух, дружење и забава меѓу најмладите, социјализација и сл. |
| Очекувани резултати | Фер натпреварување и развивање на другарството помеѓу децата |
| Целна група | Учениците од општинските основни училишта, наставниците и родителите |
| Предвидена финансиска рамка | **200.000 денари** |
| Трошоци | -**Награди** за најдобрите три учесници:<br>15.000 ден -прво место,<br>10.000 ден- второ место и<br>7.000 ден - трето место + вклучен персонален данок (наградите се деливи)<br>Надворешните членови од оваа Комисија имаат паричен надоместок во износ од 3.000 ден<br>Водител- 6.000 ден.<br>Други активности (изнајмување сала, украсување, озвучување, дипломи , пијалоци) |

| 17. | „Цветно дефиле“ |
|---|---|
| Опис на активности | По повод денот на општината, ученици од основните училишта и деца од градинките на територија на Општина Карпош дефилираат од своите училишта и градинки до местото на одржување на настанот, со цветни додатоци и транспаренти. Настанот е проследен со настап на талентирани ученици и деца од градинките.<br>Настанот го проследуваат градоначалникот со гостите од збратимените градови, како и ученици од сите основни училишта. |
| Стратешки насоки и | Стимулирање на креативноста, дружење кај учениците и забава |

| | |
|---|---|
| **цели** | меѓу најмладите и промоција на младите таленти |
| **Очекувани резултати** | Развивање на другарството помеѓу децата.<br>Заинтересираност за учество кај учениците.<br>Подигнување на нивото за сценски настап. |
| **Целна група** | Децата од градинките и учениците од основните училишта од Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка** | **200.000 денари** |
| **Трошоци** | Водител 6.000 ден.<br>Озвучување, декорација, балони и бомбони за децата-учесници во „Цветно дефиле“ |
| 18. | **Меѓународна и меѓуопштинска соработка на основни училишта од Општина Карпош и Општина Тиват** |
| **Опис на активности** | • Размена на практики за училишни и вонучилишни активности<br>• Изработка на заеднички програми на наставници и стручни соработници<br>• Заеднички истражувачки активности на наставници и стручни соработници<br>• Заеднички истражувачки активности на ученици<br>• Организирано вклучување на образовни и научни активности (курсеви, конференции, семинари, симпозиуми или предавања<br>• Размена на образовни материјали и останати материјали од практична настава |
| **Стратешки насоки и цели** | Воспоставување на долготрајна соработка и размена на образовни практики на полето на образованието. |
| **Очекувани резултати** | Поквалитетен воспитно-образовен процес. |
| **Целна група** | Ученици, наставниците од општинските основни училишта на територија на општина Карпош и вработени лица од Одделението за образование од Општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **250.000 денари** |
| **Трошоци** | Превоз, печатење брошури, образовен материјал |

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

| 19. | Бесплатни екскурзии за ученици чии семејства се приматели на социјална помош |
|---|---|
| Опис на активности | Екскурзиите и наставата во природа се вонучилишни активности на учениците што ги организираат основните училишта и се изведуваат надвор од училиштето согласно „Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта“ |
| Стратешки насоки и цели | • Истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот<br>• Посети на локалитети и објекти од културно, историско и друго значење<br>• Запознавање на учениците со културата на различните етнички заедници<br>• Дружење, социјализација, развивање интерес на спортски активности и создавање навики за здраво живеење |
| Очекувани резултати | Финансиска помош на семејствата на учениците. |
| Целна група | Ученици од општинските основни училишта, чии семејства се приматели на социјална помош.<br>• За учениците од V одделение-настава во природа во траење од 3-5 дена<br>• За учениците од VI одделение- 2 дена<br>• За учениците од IX одделение – 3 дена |
| Предвидена финансиска рамка | 200.000 денари |
| Трошоци | Превоз и сместување. |

Вкупна предвидена финансиска рамка:

**33.425.000 денари.** (триесет и три милиони четиристотини дваесет и пет илјади денари)

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **33.425.000 ден.** (триесет и три милиони четиристотини дваесет и пет илјади денари) е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2025 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Одделението за образование со Секторот за дејности од јавен интерес и Секторот за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број 09-8851/12
Датум 17.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов,с.р.

ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
за објавување Програма за активностите на Општина Карпош во областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2025 година

1. Се објавува Програма за активностите на Општина Карпош во областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2025 година, донесена на педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9200/11
Датум:18.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 10, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024) Советот на Општина Карпош, на 58. седница, одржана на 17 декември 2024 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош во областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2025 година

## I. Развојни приоритети и цели

Општина Карпош настојувајќи да оддржи чекор за намалување на ризиците од несреќи, обезбедува услови за мирен и безбеден живот на своите граѓани.

## II. Проектни активности

| 1. | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Редовен сервис, оддржување, полнење, контролно испитување и атестирање на противпожарни апарати и хидранти и хидрантски црева во Општина Карпош, урбаните и месните заедници, основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош. |
| **Очекувани резултати:** | Перманентно оддржување на противпожарните апарати и хидрантската мрежа и успешно и квалитетно справување во случај на појава на пожар |
| **Целна група:** | Општина Карпош, урбаните и месните заедници, основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош. |
| **Финансиска рамка:** | 400.000,00 денари |
| 2. | |
| **Опис на активности:** | 2.1. Набавка на нови противпожарни апарати во Општина Карпош, урбаните и месните заедници, основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош<br>2.2. Набавка на хидрофори за зголемување на притисокот и протокот на хидрантските мрежи во Општина Карпош, урбаните и месните заедници, основните училишта и |

| | |
|---|---|
| | детските градинки на територија на Општина Карпош |
| **Очекувани резултати:** | - Опремени нови противпожарни апарати во Општина Карпош, урбаните и месните заедници, основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош<br>- Зголемен притисокот и протокот на вода во хидрантските мрежи во Општина Карпош, урбаните и месните заедници, основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош |
| **Целна група:** | Општина Карпош, урбаните и месните заедници, основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош |
| **Финансиска рамка:** | 1.500.000,00 денари |
| 3. | |
| **Опис на активности:** | Редовна дезинсекција, дезинфекција и дератизација на шахти на подрачјето на Општина Карпош, како и поставување на репеленти против змии на објектите во сопственост на Општина Карпош, во основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош, како и на јавни површини на територија на Општина Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Ефикасно уништување ан штетни глодари и предизвикувачи на заразни болести |
| **Целна група:** | Општина Карпош, урбаните и месните заедници, основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош и јавните површини на територија на Општина Карпош |
| **Финансиска рамка:** | 1.000.000,00 денари |

| 4. | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Испитување на отпор на заштитно заземјување на ниско напонска електрична инсталација, испитување на отпор на изолација на ниско напонска електрична инсталација, испитување на непрекинатост на заштитно заземјување, испитување на импеденса, испитување коло на грешка, испитување на ФИД склопки во Општина Карпош, урбаните и месните заедници, основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Квалитетно оддржување на заштитно заземјување и отпор на изолација на електрична инсталација |
| **Целна група:** | Општина Карпош, урбаните и месните заедници, основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош |
| **Финансиска рамка:** | 500.000,00 денари |
| 5. | |
| **Опис на активности:** | Санација на громобранска инсталација на објектите во сопственост на Општина Карпош, урбаните и месните заедници, основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Квалитетно оддржување на системите за громобранско и заштитно заземјување и отпор на изолација |
| **Целна група:** | Општина Карпош, урбаните и месните заедници, основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош |
| **Финансиска рамка:** | 1.000.000,00 денари |
| 6. | |
| **Опис на активности:** | Оддржување во исправна состојба на оџаците, димоводните уреди, системи за воздушно и водено греење и котли за парно греење во објектите основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Заштита од појава на пожар |
| **Целна група:** | Основните училишта и детските градинки на територија |

| | |
|---|---|
| | на Општина Карпош и ООУ Аврам Писевски |
| **Финансиска рамка:** | 200.000,00 денари |
| 7. | |
| **Опис на активности:** | Процена на штети од природни непогоди и други несреќи на движен и недвижен имот |
| **Очекувани резултати:** | Навремена проценка на штети |
| **Целна група:** | Движен и недвижен имот на граѓани и институции, како и имотот на Општина Карпош, урбаните и месните заедници, основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош |
| **Финансиска рамка:** | 400.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| **Вкупно предвидена финансиска рамка** | 5.000.000,00 денари |

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа програма во износ од **5.000.000,00 денари** е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2025 година. За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кој согласно од потребите ќе се појават во текот на 2025 година, ќе бидат предвидени дополнителни средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Секторот за поддршка на Градоначалникот, со Секторот за финансиски прашања и Секторот за јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од кој било сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број 09-8851/13
Датум 17.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Програма за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2025 година**

1. Се објавува Програма за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2025 година, донесена на педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9200/12**
**Датум:18.12.2024 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

ОПШТИНА КАРПОШ
**Одделение за поддршка**
**и организација на работата на Советот**

МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 22, став 1, точка 13, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024) Советот на Општина Карпош, на 58. седница, одржана на 17 декември 2024 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2025 година

| **1.** | ОДРЖУВАЊЕ И НАДГРАДБА НА ПОСТОЕЧКИ ИТ-СИСТЕМИ |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општина Карпош располага со повеќе ИТ-системи кои се неопходни за функционирањето на општината односно услугите кои се нудат на граѓаните.<br>Со пуштањето во употреба на новата општинска зграда општина Карпош цели да биде најсовремената ИТ општина во државата.<br>Планирано е опремување на општината со најсовремените компјутерски системи со цел непречено и поефикасно овозможување на услугите кои ги нуди локалната самоуправа.<br>Постоечките системи ќе се одржуваат и унапредат но и ќе се набават нови модули и софтверски решенија согласно потребите на администрацијата за овозможување на подобри услуги кон граѓаните. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Со цел да се унапреди ефикасноста и точноста во работата на стручните служби, како и да се подобрат услугите кои општината ги обезбедува за граѓаните, потребно е тековно одржување инадградба на постоечките ИТ-системи кои се имплементирани во општината. |
| **Очекувани резултати:** | Подобрување на услугите кои ги нуди општината |
| **Целна група:** | Вработени во општинската администрација, правни и физички лица кои имаат потреба од услугите на општината. |
| | 1.500.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| **2.** | НАБАВКИ НА СОФТВЕР ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА<br>(Лиценци за сервери, оперативни системи, autocad, антивирус модули и др.) |
| **Опис на активности:** | Потреба од соодветни лиценци и нови софтверски решенија ќе се утврдува зависно од потребата на администрацијата |
| **Целна група:** | Сите сектори |
| | 2.000.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| **3.** | ОДРЖУВАЊЕ НА ХАРДВЕРСКИ КОМПОНЕНТИ ВО КОМПЈУТЕРСКИОТ СИСТЕМ |
| **Опис на активности:** | Важноста на техничкото одржување на компјутерската опрема лежи во одржувањето на оперативноста на компјутерот како целина, и одделно на неговите компоненти.<br>Компонентите на компјутерот имаат потреба од постојана контрола и следење на неговата техничка состојба, бидејќи перформансите на која било од компонентите се ограничени со различен работен век, но со навремено одржување, компонентите на компјутерот ќе служат за пропишаниот работен век. Поради континуирано извршување на секојдневните работни задачи на вработените во општинската администрација, потребно е да се направи редовно одржување и сервисирање. |
| **Целна група:** | Сите вработени кои поседуваат компјутери или други електронски уреди во Општина Карпош |
| **Предвидена финансискарамка:** | 1.000.000,00 денари |

| **4.** | НАБАВКА НА ХАРДВЕР И ХАРДВЕРСКИ КОМПОНЕНТИ ВО ИТ-СИСТЕМОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Набавка на хардвер и хардверски компоненти за потребите на вработените во Општина Карпош, поради обновување и замена на старите и нефункционални хардвери со нови за извршување на секојдневните работни задачи на вработените во општинскатаадминистрација.<br>• Набавка на хардвер (компјутери, лаптопи)<br>• Набавка на хардверски компоненти (печатачи, скенери, плотери, мултифункциски уреди, проектори, дронови и др.)<br>• Резервни делови за хардвер |
| **Целна група:** | Сите вработени во Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.600.000,00 денари |

| **5.** | ИЗНАЈМУВАЊЕ НА МУЛТИФУНКЦИСКИ УРЕДИ |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Изнајмување на мултифункциски уреди поради потреба од фотокопирање/скенирање на документи за извршување на работните задачи на вработените во општината. |
| **Целна група:** | Вработени во општинската администрација |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 500.000,00 денари |

| **6.** | ОДРЖУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА РАБОТНО ВРЕМЕ И ВИДЕОНАДЗОР |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Одржување на систем за евиденција на работно време и видеонадзор поради законска обврска за постоење на електронски систем за евиденција на работно време во институции со над 20 вработени. |
| **Целна група:** | Вработени во општинската администрација |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 500.000,00 денари |

| **7.** | ИТ ЕДУКАЦИЈА |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Посета на курсеви и обуки. |
| **Целна група:** | Вработени во општинската администрација. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 200.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| **8.** | BACK UP НА ПОДАТОЦИ – CLOUD решение |
| **Опис на активности:** | Складирање на податоци преку најсофистицирано ИТ решение – cloud (облак) |
| **Целна група:** | Вработени во општинската администрација, правни и физички лица кои имаат потреба од услугите на општината. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 900.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| **9.** | РАДАРИ КАЈ ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА |
| **Опис на активности:** | Набавка на Радари мерачи на брзина кај сите основни училишта во општината |
| **Целна група:** | Сите ученици во основните училишта во Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 3.000.000,00 денари |

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 11.200,00,00 денари**

Број 09-8851/14
Датум 17.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2025 година**

1. Се објавува Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2025 година, донесена на педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9200/13
Датум:18.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Советот на Општина Карпош на 58.седница одржана на 17 декември 2024 година, донесе

ПРОГРАМА

**за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2025 година**

## I. Развојни приоритети и цели

Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Карпош за 2025 година предвидува неколку приоритетни области за унапредување и промовирање на концептот за еднакви можности меѓу жените и мажите во општина Карпош.

Приоритетни цели предвидени во Програмата се:

1. Унапредување на здравјето на жените
2. Превенција и советување за спречување на семејното насилство и помош на жртвите од семејно насилство
3. Промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација
4. Подигање на дигиталната способност кај лицата од трета доба
5. Одржливост на локалната канцеларија за родителство
6. Фитнес за жени
7. Поддршка на Локалниот совет за женско претприемништво

## II. Проектни активности

| 1. | Унапредување на здравјето на жените |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Спроведување на трибини и работилници за психо-социјална поддршка за рехабилитација на жени кои се лекуваат од канцер |
| **Предлагач:** | Општината ќе спроведе јавен повик за избор на реализатор на проект од областа |
| **Стратешки насоки и цели:** | Да се обезбеди психо-социјална рехабилитација и поддршка на жени кои се соочуваат со состојба на канцер |
| **Очекувани резултати:** | Емоционално и психичко зајакнување на жените кои се или биле заболени од канцер преку активности за социјализација, едукација, самодоверба и мотивација |
| **Целна група:** | Сите жители од Општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 200.000,00 денари |

| 2. | Превенција и советување за спречување на семејното насилство |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Одржување на работилници за подигање на свеста за спречување на семејното насилство и насилството |

| | |
|---|---|
| | кај жените, изработка на локална стратегија за заштита и помош на жртвите од семејно насилство и насилство врз жените |
| Предлагач | Општината ќе спроведе јавен повик за избор на реализатор на проект од областа |
- Доказот за старост на колективниот станбен објект се потврдува со Изјава заверена на нотар, или со достава на Купопродажен договор за стан (доволен е купопродажен договор на еден од сопствениците)
- Заедницата на сопственици/Управител на станбени згради да има донесено Одлука дека сопствениците на посебните делови се согласни да се изврши поправка и санација на постоечкиот лифт или поставување нов лифт и дека се согласни да учествуваат со сопствени средства за дел од вкупниот износ за санација-поправка на постоечки лифт или поставување нов лифт (во прилог кон одлуката да достават список со потписи од 50% плус 1 сопственик)
- Одлуките се сметаат за усвоени доколку истите своерачно ги потпишале 50% плус еден сопственик од вкупниот број на сопственици на посебни делови на колективниот станбен објект.

Одлуките се доставуваат во оригинален примерок или нотарски заверена копија и истите е потребно да бидат заверени со архивски број и потпишани од страна на овластено лице и печат.

- Договор со Изведувач во оригинал или нотарски заверена копија.
- Договор со Надзор во оригинал или нотарски заверена копија.

Овие документи се потребни за прва фаза.

По завршување на првата фаза се добива известување од комисијата дека сте потенцијален корисник и врз основа на тоа известување влегувате во процесот на 2 фаза односно потребни Ви се следниве документи:

-Кон ечна фактура која што ќе кореспондира со дадениот договор од страна на изведувачот

-Сертификат за техничка исправност.

НАПОМЕНА 3: Доколку се работи за поставување на нов лифт, потребно е да се достави решение за градба од органот.

НАПОМЕНА 4: Сите досегашни корисници на субвенција во изминатите јавни повици објавени од страна на Општина Карпош немаат право да учествуваат во повикот за 2025 година.

**Висина на субвенционирање**
**Член 6**

Субвенционирањето ќе биде поддржано со финансиски средства од буџетот на Општина Карпош за 2025 година, Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на уредување на градежно земјиште за 2025 година, Програма ГДО-Проекти за енергетска ефикасност за објавување на Јавен повик и спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на стамбени згради за колективно домување во Општина Карпош, по принципот прв дојден-прв услужен, до исцрпување на предвидените финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2025 година за таа намена, во висина од:

- најмногу до 50%, но не повеќе од 500.000,00 денари од вкупниот износ на вредноста на поправка и/или санацијата на постоечкиот лифт или поставување нов лифт.

Сопствениците на станови во станбените згради за колективно домување ќе ги обезбедат вкупните финансиски средства со висина од 100% од износот на вредноста на инвестицијата и по завршувањето на активноста истите ке бидат субвенционирани најмногу до 50%, но не повеќе од 500.000,00 денари.

**Начин и постапка за спроведување на субвенционирањето**
**Член 7**

За реализирање на средствата врз основа на критериумите и условите во овој Правилник, општината објавува Јавен повик во дневен весник, во електронска форма на веб страната на Општина Карпош, во печатена форма на сите јавни објекти во општината.
Рокот за поднесување на апликациите ќе трае до исцрпување на предвидените средства.
Повикот ке се одвива во 2 фази:
Прва фаза опфака комплетирање на документацијата за аплицирање по што се добива известување од страна на комисијата за продолжување кон натамошна реализација.
Втора фаза опфака доставување на остатокот од документи:
-Конечна фактура која што ке кореспондира со дадениот договор од страна на изведувачот
-Сертификат за техничка исправност.

**Член 8**

Јавниот повик за финансиска поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на постоечки лифтови или поставување нов лифт на станбени згради за колективно домување ќе ги содржи следните елементи:

- опис на објектите за колективно домување за кои што станарите можат да аплицираат,
- процентот на учество на корисниците кои сопственото учество ќе го обезбедат како дел со сопствени средства.
- услови кои станарите што аплицираат треба да ги исполнат.

По јавниот повик сите апликанти кои што ќе ги исполнат условите ќе бидат прифатени со првенство за барателите/апликантите кои што први ќе ја комплетираат документацијата, согласно одредбата од член 2 од овој Правилник.

Јавниот повик ќе трае до исцрпувањето на средствата предвидени во Буџетот на Општина Карпош за 2025 година за предметната намена.

**Начин на аплицирање и содржина на апликација**
**Евалуација на апликациите и начин на објавување на резултати**
**Член 9**

За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од овој Правилник, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија од 10 члена од кои еден е претседател, еден потпреседател и еден технички секретар кој админстративно ја води Комисијата, останатите се членови и заменици членови на комисијата. Комисијата доставува извештај за својата работа до Градоначалникот на Општина Карпош.

Комисијата има право и должност да ги провери податоците во Апликацијата, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни лица или овластени лица да направат увид на лице место, како и да бара друга дополнителна документација, при што за својата работа Комисијата составува Записник. Во Записникот се утврдува листа на потенцијални корисници за финансиската поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на постоечки лифтови или поставување нов лифт на станбени згради за колективно домување базиран на условите и критериумите кои се дефинирани во овој Правилник.

Првенство за субвенционирање ќе имаат апликантите кои што први ќе ја комплетираат документацијата.

**Член 10**

Листата на потенцијалните корисници се објавува на веб страната на Општината и на огласната табла на Општината, а се доставува и известување до секој апликант посебно со соодветни податоци за постапката и насоки за понатамошна постапка на реализација на поддршката за проектот финансиска поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на постоечки лифтови или поставување нов лифт на станбени згради за колективно домување.

Сите апликанти имаат право по објавата на потенцијалните корисници на субвенцијата да вршат увид во доставената документација и повлекување на истата.

Оваа листа има важност во тековната 2025 година, од денот на објавувањето, односно се до целосно искористување на средствата согласно финансиската рамка во Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

**Потпишување на договор за субвенционирање**

**Член 11**

По комплетирање на потребната документација, на предлог на Комисијата за имплементација на програмата за финансиска поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на постоечки лифтови или поставување нов лифт на станбени згради за колективно домување, а врз основа на Одлуката за објавување Јавен повик, Јавниот повик и Извештајот на Комисијата, Градоначалникот на Општина Карпош или овластен раководен службеник, потпишува Договор за одобрување на финансиски средства за предметната намена и донесува Решение за исплата на финансиски средства за предметната намена.

Исплатата на одобрените финансиски средства (исплата на субвенцијата) ќе се изврши по достава на Сертификат за техничка исправност на лифт во Општина Карпош, односно по извршување на технички прием и доставување на завршната ситуација за позициите наменети за поправка и санација на постоечки лифтови или поставување нов лифт на станбени згради за колективно домување, прегледани и потпишани од страна на надзорен орган, на сметката за резервен фонд на колективниот станбен објект.

Во договорите потпишани помеѓу Општина Карпош и заедниците на станари или овластениот управител на зградата ќе се утврди износот на средства за субвенционирање и поддршка од Општина Карпош врз основа на доставената техничка спецификација, која што ќе изнесува најмногу до 50%, но не повеќе од 500.000,00 денари за поправка и санација на лифтови.

**Завршни одредби**

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Карпош“.

Број 09-8851/23 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Датум 17.12.2024 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Скопје Бранко Ристов, с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2025 година**

1. Се објавува Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2025 година, донесен на педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9200/22**
**Датум:18.12.2024 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 67-а од Законот за градење (Сл. Весник на РМ 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20, 279/20 и 227/22и 111/23) и член 101 од Законот за домување, („Службен Весник на Република Македонија бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/20 и 150/22), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на уредување на градежно земјиште за 2025 година, Програма ГДО-Проекти за енергетска ефикасност за објавување Јавен повик и спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на стамбени згради за колективно домување во Општина Карпош на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година и Буџетот на Општина Карпош за 2025 година, Советот на Општина Карпош на 58 седница, одржана на 17 декември 2024 година, донесе

# ПРАВИЛНИК

**за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2025 година**

## Општи одредби

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат: условите, критериумите, видот и начинот на финансиската поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2025 година.

Финансиските средства се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2025 година, преку Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на уредување на градежно земјиште за 2025 година, Програма ГДО-Проекти за енергетска ефикасност за објавување Јавен повик и

спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош

**Член 2**

Корисници на финансиската поддршка се Заедниците на сопственици (ЗС) или Управители (УСЗ) на станбени згради за колективното домување и сопственици на индивидуални станбени објекти (куќи) (во понатамошниот текст: Корисници), кои аплицираат врз основа на јавен повик за финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални објекти (куќи) во Општина Карпош, преку:
- пополнување на апликација
- доставување на потребна документација
- исполнување на потребните услови

НАПОМЕНА: ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА ЌЕ СЕ ДОДЕЛУВА ПО ПРИНЦИПОТ ПРВ ДОЈДЕН-ПРВ УСЛУЖЕН, ДО ИСЦРПУВАЊЕ НА ПРЕДВИДЕНИТЕ СРЕДСТВА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2025 ГОДИНА, ЗА ТАА НАМЕНА, ДЕФИНИРАНИ ВО ЧЛЕН 1 ОД ОВАА ОДЛУКА.

**Член 3**

Процесот на субвенционирање ќе се заснова врз начелата на: јавност, објективност, недискриминација, транспарентност, ефикасност и економичност.

**Услови и критериуми за субвенционирање и категоризација на згради**

**Член 4**

**Општи услови** кои треба да бидат целосно исполнети од страна на потенцијалните Корисници на субвенцијата:

- **За станбени згради за колективно домување:**

1. Да се регистрирани како Заедници на сопственици или со заедницата да управува правно лице – Управител, согласно Законот за домување, за што се доставува решение од Централен регистар на РСМ или договор со правно лице – управител.

- Доколку колективниот станбен објект има повеќе влезови и истите се регистрирани како посебни правни лица, или имаат потпишано посебни договори со правно лице управител за застапување, потребно е секој влез – секое правно лице засебно да достави доказ – решение од ЦР на РСМ или да достави Договор со фирмата управител која ја застапува заедницата на колективниот станбен објект.

2. Да достават Имотен лист со кој се докажува сопственоста (не постар од 6 месеци) Појаснување: потребно е да се достави имотен лист за секој стан засебно, со кој ќе се потврди сопственоста на апликантите или листа на сопственици од АКН- Агенција за катастар на недвижности. Имотните листови да се доставаат во оригинал или нотарски заверена копија.

- Доколку колективниот станбен објект има повеќе влезови и истите се регистрирани како посебни правни лица или имаат потпишано посебни договори со правно лице управител за застапување, потребно е секој влез – секое правно лице засебно да достави доказ – Имотен лист/листови со кој се докажува сопственоста на секој стан засебно или да достави листа на сопственици од АКН- Агенција за катастар на недвижности.

- За индивидуални станбени објекти (куќи):

1. Да достават Имотен лист со кој се докажува сопственоста (не постар од 6 месеци). Имотните листови да се доставаат во оригинал или нотарски заверена копија.

Член 5

**Посебните услови** кои треба да бидат целосно исполнети од страна на потенцијалните Корисници за субвенционирање:

- За колективни станбени објекти:

1. Апликантите да не се претходни корисници на субвенција за иста намена
2. Станбените згради за колективно домување да се постари од 25 години
3. Доказ за старост на колективниот станбен објект се потврдува со Изјава заверена на нотар, или со достава на купопродажен договор за стан (доволен е купопродажен договор на еден од сопствениците).

4. Заедницата на сопственици/Управител на станбени згради да има донесено Одлука дека сопствениците на посебните делови се согласни да се изврши поправка и санација на кровен покривач и дека се согласни да учествуваат со сопствени средтсва за дел од вкупниот износ за санација-поправка на кровен покривач (во прилог кон одлуката да доставаат список со потписи од 50% плус еден сопственик), да е архивски заверена.

4.1.Одлуките се сметаат за усвоени доколку истите своерачно ги потпишале 50% плус еден сопственик од вкупниот број на сопственици на посебни делови на колективниот станбен објект.

5. Договор со Изведувачот за поправка или санација на кровниот покривач.
6. Договор со надзор

Одлуката се доставува во оригинален примерок и истата е потребно да бидат заверени со архивски број и потпишани од страна на овластено лице и печат.

- **За индивидуални станбени објекти (куќи):**

1. Апликантите да не се претходни корисници на субвенција за иста намена
2. Носителот на Апликацијата да е носител на правото на сопственост врз објектот за кој се аплицира
3. Индивидуалните станбени објекти (куќи) да имаат постоечки азбестен кровен покривач
4. Изјава од сопственикот на индивидуалниот станбен објект дека е согласен да изврши замена на азбестен кровен покривач и дека е согласен да учествува со сопствени средства за дел од вкупниот износ за замена на кровен покривач (Изјавата да биде нотарски заверена)
5. Сопственикот на индивидуалниот станбен објект да достави Договор со Изведувачот за замената на азбестниот кровен покривач.

**Забелешка 1:** Доколку површината на индивидуалниот станбен објект е помала од 300 метри квадратни, Изведувачот на замената на азбестниот кровен покривач доставува Изјава заверена на нотар дека работите се изведени согласно позитивните законски прописи и нормативи за тој вид работа

Забелешка 2: Доколку површината на индивидуалниот станбен објект е поголема од 300 метри квадратни, сопственикот на индивидуалниот станбен објект има обврска да достави до Комисијата Договор за изведен надзор над изведбата за замена на азбесетен кровен покривач. Договорот се доставува во оригинал или нотарски заверена копија.

Забелешка 3: Документите се доставуваат во оригинален примерок или нотарски заверена копија.

НАПОМЕНА: **Апликантите мора прво да добијат писмено известување дека се потенцијални корисници, потоа да почнат со промена на кровниот покривач.**

### Висина на субвенционирање
### Член 6

Субвенционирањето ќе биде поддржано со финансиски средства од буџетот на Општина Карпош за 2025 година, Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на уредување на градежно земјиште за 2025 година, Програма ГДО-Проекти за енергетска ефикасност за објавување Јавен повик и спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош,по принципот прв дојден-прв услужен до исцрпување на предвидените финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2025 година, за таа намена, со тоа што финансирањето во однос на замената на кровните покривачи ќе биде извршена во целост од сопственикот на објектот, а субвенционирано од страна на Општина Карпош, во висина од:

- **За колективни станбени објекти:**

- najмногу до 50%, но не повеќе од 350.000,00 денари од вкупниот износ на вредноста на поправка и санација на кровен покривач за секоја одобрена апликација, поднесена од Заедница на станари или Управителот на станбената зграда врз основа на доставената најприфатлива понуда за материјали и работни позиции.

Сопствениците на станови во станбените згради за колективно домување ќе ги обезбедат преостанатите финансиски средства во висина од најмалку 50% од вкупниот износ од вредноста на инвестицијата и истото ќе го потврдат со Одлуки дефинирани во член 5 од овој Правилник.

- **За индивидуални станбени објекти (куќи):**

- najмогу до 60%, но не повеќе од 120.000,00, денари од вкупниот износ на вредноста на замената на азбестниот кровен покривач за секоја одобрена апликација.
Сопствениците на индивидуалните станбени објекти (куќи) ќе ги обезбедат преостанатите финансиски средства во висина од најмалку 40% од вкупниот износ од вредноста на инвестицијата и истото ќе го потврдат со Изјави заверени на нотар, дефинирани во член 5 од овој Правилник.

**Начин и постапка за спроведување на субвенционирањето**

**Член 7**

За реализирање на средствата врз основа на критериумите и условите во овој Правилник, општината објавува Јавен повик во дневен весник, во електронска форма на веб страната на Општина Карпош, во печатена форма на сите јавни објекти во општината.

Рокот за поднесување на апликациите ќе трае до исцрпување на предвидените средства.

**Член 8**

Доколу апликантот се одлучи да го промени стариот кровен покривач со користење на субвенција од Општина Карпош, **се обврзува да користи исклучиво бел или сив (силвер) лим за кровен покривач.**

**Член 9**

Постапката за субвенционирање ќе се одвива во 2 (две) фази.

- **За колективни станбени објекти:**

**Првата фаза** се состои од достава на следните документи:

- Пополнета Апликација – образец, потпишан од станбен управител
- Решение од Централен регистар на РСМ или договор со правно лице – управител.
- Имотен лист оригинал или нотарски заверена копија, не постар 6 месеци за секој стан засебно или листа на сопственици од АКН- Агенција за катастар на недвижности
- Доказ за старост на колективниот станбен објект

- Одлука дека сопствениците на посебните делови се согласни да се изврши поправка и санација на кровен покривач и дека се согласни да учествуваат со сопствени средтсва за дел од вкупниот износ за санација-поправка на кровен покривач
- Договор со Изведувачот за поправка или санација на кровниот покривач.
- Договор со надзор.
- Фотографии од постоечката состојба

НАПОМЕНА: ПО КОМПЛЕТИРАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ ОД ПРВАТА ФАЗА, АПЛИКАНТОТ ЌЕ ДОБИЕ ПИСМЕНО ИЗВЕСТУВАЊЕ ДЕКА Е ПОТЕНЦИЈАЛЕН КОРИСНИК, СО ШТО ЌЕ ПРЕМИНЕ КОН ВТОРА ФАЗА И АПЛИКАНТОТ МОЖЕ ДА ОТПОЧНЕ СО ЗАМЕНА НА КРОВНИОТ ПОКРИВАЧ.

Втората фаза се состои од достава на следните документи:
- Завршна ситуација со спецификација (фактура во оригинален примерок заверена од изведувачот)
- Извештај од надзор
- Фотографии од новата состојба на кровниот покривач

• **За индивидуални станбени објекти (куќи):**

Првата фаза се состои од достава на следните документи:
- Пополнета Апликација – образец, потпишан од сопственикот на индивидуален станбен објект (куќа)
- Изјава од сопствникот на индивидуалниот станбен објект дека е согласен да изврши замена на азбестен кровен покривач и дека е согласен да учествува со сопствени средства за дел од вкупниот износ за замена на кровен покривач (Изјавата да биде нотарски заверена)
- Имотен лист со кој се докажува сопственоста (не постар од 6 месеци), во оригинал или нотарски заверена копија.
- Договор со Изведувачот
- Фотографии од постоечката состојба

НАПОМЕНА: ПО КОМПЛЕТИРАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ ОД ПРВАТА ФАЗА, АПЛИКАНТОТ ЌЕ ДОБИЕ ПИСМЕНО ИЗВЕСТУВАЊЕ ДЕКА Е ПОТЕНЦИЈАЛЕН КОРИСНИК, СО ШТО ЌЕ ПРЕМИНЕ

КОН ВТОРА ФАЗА И АПЛИКАНТОТ МОЖЕ ДА ОТПОЧНЕ СО ЗАМЕНА НА КРОВНИОТ ПОКРИВАЧ.

**Втората фаза** се состои од достава на следните документи:

- Изјава од изведувач за завршена работа заверена од нивна страна
- Фактура во оригинален примерок заверена од изведувачот
- Фотографии од новата состојба на кровниот покривач

**Член 10**

Јавниот повик за финансиска поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на кровен покривач на станбени згради за колективно домување и замена на азбестен кровен покривач на индивидуални станбени објекти (куќи) ќе ги содржи следните елементи:

- опис на објектите за колективно домување/индивидуален станбен објект за кои што сопствениците можат да аплицираат,
- висина на процентот на субвенционирање,
- услови кои станарите што аплицираат треба да ги исполнат.

По јавниот повик сите апликанти кои што ќе ги исполнат условите ќе бидат прифатени со првенство за барателите/апликантите кои што први ќе ја комплетираат документацијата, согласно одредбата од член 2 од овој Правилник.

Јавниот повик ќе трае до исцрпувањето на средствата предвидени од Буџетот на Општина Карпош за 2025 година, за предметната намена.

**Начин на аплицирање и содржина на апликација**
**Евалуација на апликациите и начин на објавување на резултати**

**Член 11**

За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од овој Правилник, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија од 10 члена од кои еден е претседател, еден потпретседател, еден технички секретар кој админстративно ја води Комисијата, а останатите се членови и заменици членови на комисијата. Комисијата доставува извештај за својата работа до Градоначалникот на Општина Карпош.

Комисијата има право и должност да ги провери податоците во Апликацијата, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни лица или

овластени лица да направат увид на лице место, како и да бара друга дополнителна документација, при што за својата работа Комисијата составува Записник. Во Записникот се утврдува листа на потенцијални корисници за финансиската поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на оштетени кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи), базиран на условите и критериумите кои се дефинирани во овој Правилник. Првенство за субвенционирање ќе имаат апликантите кои што први ќе ја комплетираат документацијата.

НАПОМЕНА: Апликантите се должни во прилог на Апликацијата да ги достават сите документи наведени во Јавниот повик. Доколку Апликацијата не е комплетна ќе бидат писмено известени за дополнување на истата во рок не подолго од 10 (десет) дена за индивидуални станбени објекти (куќи) и не подолго од 20 (дваесет) дена за станбени објекти, во спротивно Апликацијата ќе биде одбиена.

### Потпишување на договор за субвенционирање

### Член 12

По комплетирање на потребната документација, на предлог на Комисијата за имплементација на програмата за финансиска поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и за замена на азбестни кровни покривачи во индивидуални станбени објекти (куќи), а врз основа на Одлуката за објавување Јавен повик, Јавниот повик и Извештајот на Комисијата, Градоначалникот на Општина Карпош или овластен раководен службеник потпишува Договор за одобрување на финансиски средства за предметната намена и донесува Решение за исплата на финансиски средства за предметната намена.
Исплатата на одобрените финансиски средства (исплата на субвенцијата) ќе се врши:

- За колективни станбени згради:

- по достава на Завршна ситуација за позициите наменети за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување, прегледани и потпишани од страна на Надзорен орган.
Општина Карпош ќе ги префрли одобрените средства на жиро сметка за резервен фонд на колективниот станбен објект

- За индивидуален станбен објект (куќа):

- по достава на Завршна ситуација за позициите наменети за замена на азбестен кровен покривач на индивидуален станбен објект, прегледани и потпишани од страна на Надзорен орган, доколку површината на индивидуалниот станбен објект е поголема од 300 метри квадратни и/или
- по достава на Изјава од Изведувачот на замената на азбестниот кровен покривач дека работите се изведени согласно позитивните законски прописи и нормативи за тој вид работа, доколку површината на индивидуалниот станбен објект е помала од 300 метри квадратни.

Во договорите потпишани помеѓу Општина Карпош и заедниците на станари или овластениот управител на зградата или сопственикот на индивидуалниот станбен објект (куќа), ќе се утврди износот на средства за субвенционирање и поддршка од Општина Карпош врз основа на доставената техничка спецификација, која што ќе изнесува:
- 50%, но не повеќе од 350.000,00 денари за поправка и санација на кровни покривачи во колективни станбени објекти, од вкупната инвестиција на база на утврдената техничка спецификација за секој проект посебно, а врз основа на доставената најприфатлива понуда за материјали и работни позиции, согласно член 2 од овој Правилник и
- најмногу до 60%, но не повеќе од 120.000,00 денари за замена на азбестен кровен покривач, од вкупната инвестиција на база на утврдената техничка спецификација за секој проект посебно, а врз основа на доставената најприфатлива понуда за материјали и работни позиции, согласно член 2 од овој Правилник.

**Напомена:** Ви напоменуваме дека отстранувањето и одложувањето на азбест- цементните плочи и останатиот градежен шут да биде согласно постоечките законски прописи.

**Завршни одредби**

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Карпош“.

Број 09-8851/24
Датум 17.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање Комисијата за доделување на еднократна парична помош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година**

1. Се објавува Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање Комисијата за доделување на еднократна парична помош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година, донесена на педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9200/23**
**Датум:18.12.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 22, став 1,точка 7, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024); а во врска со Глава 2,- Проектни активности, точка 3 – Парична помош за лица/семејства во социјален ризик, лекување и поплава или пожар од Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.21/2024) Советот на Општина Карпош, на 58. седница, одржана на 17 декември 2024 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање Комисијата за доделување на еднократна парична помош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година**

1. Советот на Општина Карпош, од своите редови именува-верификува членови на Советот , за членови во Комисијата за доделување на еднократна парична помош (составена од 7 члена, од кои 4 члена претставници на Советот на Општина Карпош и 3 члена вработени во администрацијата на Општина Карпош ) и тоа:

- Добрила Андоновска
- Владимир Бислимовски
- Татјана Стојановска
- Ивана Петковска

2. Се овластува Градоначаникот на Општина Карпош при изготвување на Решението за формирање Комисија за доделување еднократна парична помош, за претседател на Комисијата да ја именува Добрила Андоновска.

3. Составот на Комисијата да се верификува со решение донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

4.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Карпош “.

Број 09-8851/25 ПРЕТСЕДАТЕЛ

Датум 17.12.2024 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,

Скопје Бранко Ристов, с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисија за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година**

1. Се објавува Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисија за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година, донесено на педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9200/24**
**Датум:18.12.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и 9; член 36 став 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со Програмата за активности на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 година, Глава II Проектни активности, Точка 8. Финансиска поддршка за проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита (Службен гласник на Општина Карпош бр.21/2024) Советот на Општина Карпош, на 58. седница, одржана на 17 декември 2024 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисија за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година**

1. За реализација на активностите од Глава II, точка 8, од Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 година, се формира Комисијата во следен состав:

Татјана Стојановска – член на Совет на Општина Карпош,

- Јахји Мемедов– член на Совет на Општина Карпош,

- Ивана Петковска – член на Совет на Општина Карпош,

- Зоран Краљевски – член на Совет на Општина Карпош

- Дејан Лазаревски - член на Совет на Општина Карпош

2. Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе Решение за формирање Комисија, во која покрај членовите од точка 1 на ова решение ќе именува 2 члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош

3. Комисијата од точка 1 на ова решение е должна доставената документација за доделување на еднократна парична помош претходно да ја проверува, да подготвува мислење и истите да ги доставува до Градоначалникот на Општина Карпош.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Карпош “.

Број 09-8851/26
Датум 17.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Решение за верификација-именување членови на Советот на Општина Карпош за членови во Комисијата за Карпошово културно лето 2025, Еднократна финансиска поддршка за културни активности и Финансиска поддршка за проекти од културата за 2025 година**

1. Се објавува Решение за верификација-именување членови на Советот на Општина Карпош за членови во Комисијата за Карпошово културно лето 2025, Еднократна финансиска поддршка за културни активности и Финансиска поддршка за проекти од културата за 2025 година, донесено на педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9200/25<br>
**Датум:18.12.2024 година**<br>
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>
НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 5; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), Советот на Општина Карпош, на 58. седница, одржана на 17 декември 2024 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Решение за верификација-именување членови на Советот на Општина Карпош за членови во Комисијата за Карпошово културно лето 2025, Еднократна финансиска поддршка за културни активности и Финансиска поддршка за проекти од културата за 2025 година**

1.Со оваа решение, Советот на Општина Карпош, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања ги верификува - именува членовите на Советот на Општина Карпош, за членови во Комисијата за Карпошово културно лето 2025 и Уметничко творештво – Конкурс за поддршка на проекти од областа на културата (составена од 5 члена, од кои 3 члена претставници на Советот на Општина Карпош и 2 члена вработени во администрацијата на Општина Карпош) и тоа:

Бранко Ристов – член на Советот на Општина Карпош

Гордана Ивановска Велковска – член на Советот на Општина Карпош

Славко Митевски – член на Советот на Општина Карпош

2.Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош при изготвување на Решението за формирање Комисија за Карпошово културно лето 2025, Еднократна финансиска поддршка за културни активности и Финансиска поддршка за проекти од културата за претседател на Комисијата да го именува Славко Митевски.

3. Примерок од решението да се достави до Градоначалникот на Општина Карпош и до Секторот за дејности од јавен интерес – Одделение за култура и спорт, на понатамошно постапување.

4. Составот на Комисијата да се верификува со решение од Градоначалникот .

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-8851/27 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Датум 17.12.2024 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Скопје Бранко Ристов, с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Решение за именување - верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисија за Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение, Еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација и Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**

1. Се објавува Решение за именување - верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисија за Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение, Еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација и Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош за 2025 година, донесено на педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9200/26
Датум:18.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Карпош, на 58. седница, одржана на 17 декември 2024 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за именување - верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисија за Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение, Еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација и Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**

1. Со оваа решение, Советот на Општина Карпош, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања ги верификува - именува членовите на Советот на Општина Карпош, за членови во Комисијата за Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение, Еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација и Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош (составена од 5 члена, од кои 3 члена претставници на Советот на Општина Карпош и 2 члена вработени во администрацијата на Општина Карпош) и тоа:

Дејан Лазаревски
Невена Георгиевска
Славко Митевски

2. Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош при изготвување на Решението за формирање Комисија за Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение, еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација и Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош за претседател на Комисијата да го именува Дејан Лазаревски.

3. Примерок од решението да се достави до Градоначалникот на Општина Карпош и до Секторот за дејности од јавен интерес – Одделение за култура и спорт, на понатамошно постапување.

4. Составот на Комисијата да се верификува со решение од Градоначалникот.
5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-8851/28 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Датум 17.12.2024 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Скопје Бранко Ристов, с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2025 година**

1. Се објавува Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за активности на Општина Карпошод областа на образованието за 2025 година, донесено на педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9200/27**
**Датум:18.12.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2025 година, II. Проектни активности, точка 6. Стипендии за талентирани ученици од основните училишта на територија на Општина Карпош, точка 8. Еднократна финансиска поддршка од областа на образованието, точка 9. Финансиска поддршка за проекти од областа на образованието, точка 11. Хорски натпревар меѓу училиштата во Општина Карпош, точка 16. „Карпош има талент“ и точка 15. Избор на најдобра литературна творба („Службен гласник на Општина Карпош“ бр .21/2024 ) Советот на Општина Карпош, на 58. седница, одржана на 17 декември 2024 година, донесе

РЕШЕНИЕ

**за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2025 година**

1. Со оваа решение, Советот на Општина Карпош, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избор и именувања ги верификува-именува членовите на Советот на Општина Карпош, за членови на Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2025 година за II. Проектни активности, точка 6. Стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта, точка 8. Еднократна финансиска поддршка од областа на образованието, точка 9. Финансиска поддршка за проекти од областа на образованието, точка 11. Хорски натпревар меѓу училиштата, тока 16. „Карпош има талент“ и точка 15. Избор на најдобра литературна творба, во следниот состав:
2.

<u>Членови на Комисијата, именувани од Советот на Општина Карпош</u>

Добрила Андоновска

Ивана Петковска

Невена Георгиевска

Наталија Спировска

Мартин Димоски

3. Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе Решение за формирање Комисија, во која покрај членовите од точка 1 на ова решение ќе именува 2 члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош во следниот состав:

   Членови на Комисијата, вработени во општинската администрација

   -Емилија Арсовска - член од општинската администрација

   -Гордана Јовановска - член од општинската администрација

   -Карина Ѓ.Ивановска – заменик член, од општинската администрација

   -Љупка Трајчевска – заменик член од општинската администрација

4. Примерок од решението да се достави до Градоначалникот на Општина Карпош и до Секторот за дејности од јавен интерес- Одделение за образование, на понатамошно постапување.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

Број 09-8851/29
Датум 17.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за награда за најдобро уреден ЕКО училишен двор/катче за 2025 година**

1. Се објавува Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за активности на Општина Карпош
од областа на образованието за награда за најдобро уреден ЕКО училишен двор/катче за 2025 година, донесена на педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9200/28
Датум:18.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2025 година, II. Проектни активности, точка 10. Награда за најдобро уреден ЕКО училишен двор/катче („Службен гласник на Општина Карпош“ бр 21/2024 ) Советот на Општина Карпош, на 58. седница, одржана на 17 декември 2024 година, донесе

РЕШЕНИЕ

**за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за активности на Општина Карпош**
**од областа на образованието за награда за најдобро уреден ЕКО училишен двор/катче за 2025 година**

1. Со оваа решение, Советот на Општина Карпош, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избор и именувања ги верификува-именува членовите на Советот на Општина Карпош, за членови на Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2025 година за II. Проектни активности, точка 10. Награда за најдобро уреден ЕКО-училишен двор/катче во следниот состав:

Членови на Комисијата, именувани од Советот на Општина Карпош

Добрила Андоновска
Ивана Петковска
Татјана Стојановска
Наталија Спировска
Гордана Ивановска Велковска

2. Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе Решение за формирање Комисија, во која покрај членовите од точка 1 на ова решение ќе именува 2 члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош во следниот состав:

Членови на Комисијата, вработени во општинската администрација

- Марина Филипоска - член од општинската администрација
- Мирјана Велниќ Цуниќ - член од општинската администрација

3. Примерок од решението да се достави до Градоначалникот на Општина Карпош и до Секторот за дејности од јавен интерес- Одделение за образование, на понатамошно постапување.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

Број 09-8851/30
Датум 17.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за прифаќање движни ствари на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија - Министерство за образование и наука за потребите на ООУ „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош Скопје**

1. Се објавува Одука за прифаќање движни ствари на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија - Министерство за образование и наука за потребите на ООУ „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош Скопје, донесена на педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9200/29
Датум:18.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 202/24); член 18 и член 44, став 4 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21), врз основа на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош бр.41-2991/5 од 18.04.2023 година донесена од Влада на Република Северна Македонија, Советот на Општина Карпош, на 58. седница, одржана на 17 декември 2024 година, донесе

## ОДЛУКА
**за прифаќање движни ствари на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија - Министерство за образование и наука за потребите на ООУ „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Карпош ги прифаќа на трајно користење без надомест движните ствари, како следи:

| Ред. број | Назив на движните ствари | Опис на движните ствари | Количина (Парче) |
|---|---|---|---|
| 1. | Уред за мрежна безбедност | Производител: Фортинет<br>Модел: Fortigate 101F<br>Сериски број: FG101FTK23002811 | 1 |
| 2. | Комутатор | Производител: Фортинет<br>Модел: FortiSwitch 124F-FPOE<br>Сериски број: S124FFTF23041059 | 1 |
| 3. | Комутатор | Производител: Фортинет<br>Модел: FortiSwitch 124F-FPOE<br>Сериски број: S124FFTF23041416 | 1 |
| 4. | Бежична пристапна точка | Производител: Фортинет<br>Модел: FortiAP 231F<br>Сериски број: FP231FTF2309DT7R | 1 |
| 5. | Бежична пристапна точка | Производител: Фортинет | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Модел: FortiAP 231F<br>Сериски број: FP231FTF2309DTCX | |
| 6. | Бежична пристапна точка | Производител: Фортинет<br>Модел: FortiAP 231F<br>Сериски број: FP231FTF2309DTCX | 1 |
| 7. | Бежична пристапна точка | Производител: Фортинет<br>Модел: FortiAP 231F<br>Сериски број: FP231FTF2309DRX9 | 1 |
| 8. | Бежична пристапна точка | Производител: Фортинет<br>Модел: FortiAP 231F<br>Сериски број: FP231FTF2309DRWK | 1 |
| 9. | Бежична пристапна точка | Производител: Фортинет<br>Модел: FortiAP 231F<br>Сериски број: FP231FTF2309DS6L | 1 |
| 10. | Бежична пристапна точка | Производител: Фортинет<br>Модел: FortiAP 231F<br>Сериски број: FP231FTF2309DRX5 | 1 |
| 11. | Бежична пристапна точка | Производител: Фортинет<br>Модел: FortiAP 231F<br>Сериски број: FP231FTF2309DTP6 | 1 |
| 12 | Бежична пристапна точка | Производител: Фортинет<br>Модел: FortiAP 231F<br>Сериски број: FP231FTF2309D9NR | 1 |
| 13 | Бежична пристапна точка | Производител: Фортинет<br>Модел: FortiAP 231F<br>Сериски број: FP231FTF2309D9RF | 1 |
| 14 | Бежична пристапна точка | Производител: Фортинет<br>Модел: FortiAP 231F<br>Сериски број: FP231FTF2309D9R4 | 1 |
| 15 | Бежична пристапна точка | Производител: Фортинет<br>Модел: FortiAP 231F<br>Сериски број: FP231FTF2309D9QR | 1 |
| 16 | Бежична пристапна точка | Производител: Фортинет<br>Модел: FortiAP 231F<br>Сериски број: FP231FTF2309D9QQ | 1 |
| 17 | Бежична пристапна точка | Производител: Фортинет | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Модел: FortiAP 231F<br>Сериски број: FP231FTF2309D9PC | |
| 18 | Бежична пристапна точка | Производител: Фортинет<br>Модел: FortiAP 231F<br>Сериски број: FP231FTF2309D9R0 | |
| 19 | Бежична пристапна точка | Производител: Фортинет<br>Модел: FortiAP 231F<br>Сериски број: FP231FTF2309DTLR | |
| 20 | Бежична пристапна точка | Производител: Фортинет<br>Модел: FortiAP 231F<br>Сериски број: FP231FTF2309D9QP | 1 |
| 21 | Уред за непрекинато напојување | Производител:Вертив<br>Модел:LIEBERT itON 2000VA | 2 |
| 22 | Оптички врски | Производител: Телколајн<br>Модел:F FTTX FLAT,G657 A1 | 1 |
| 23 | Оптички модул | Производител:ФС<br>Модел: 10 GE SFP +SMF | 4 |
| 24 | Рак орман | Производител :Формак<br>Модел : GLD-12U600 19” | 1 |
| 25 | Рак орман | Производител :Формак<br>Модел : GLD-7U600 19” | 1 |
| 26 | Модуларен панел за 24 приклучоци | Производител :Дигитус<br>Модел : Modular Patch Panel 24 Ports | 2 |
| 27 | Компјутерска приклучница | Производител :Примо<br>Модел :RJ45-Keystone KS-130F-C6 | 18 |
| 28 | Приклучен кабел | Производител :Дигитус<br>Модел :Patch Kabel 1M Cat 6 | 18 |
| 29 | Кабел за диреkно поврзување | Производител :Фортинет<br>Модел :10GE SFP+Passive Direct Attach Cable | 2 |
| 30 | Двоен приклучен кабел | Производител :Дигитус<br>Модел:DIGITUS SM DX SC (APC)To LC(PC)1m | 4 |
| 31 | Кутија со конектори | Производител :Алл4Нет<br>Модел :Indoor 2 SC SX box | 2 |
| 32 | Струјна табла | Производител :Шарк | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Модел :наградна табла со 12 позиции | |
| 33 | Склопка | Производител :Шарк<br>Модел :FID склопка 40А 0,03 | 1 |
| 34 | Автоматски осигурувачи | Производител :Шарк<br>Модел :Schrack Automatic C25A,3p | 1 |
| 35 | Автоматски осигурувачи | Производител :Шарк<br>Модел : Schrack Automatic B16A | 4 |
| 36 | Изолирана собирница | Производител :ФТГ<br>Модел : вилушка | 1 |
| 37 | Струен приклучок | Производител :Шнајдер<br>Модел : ОГ-Шуко | 4 |
| 38 | Оптички кабел | Производител :Телколајн<br>Модел :SM4 влакна-SC конектор на двете страни<br>Должина:1 метар | 90 |
| 39 | Мрежен кабел за поврзување од комутатор до бежична пристапна точка | Производител :Драка<br>Модел :DRAKA uc400 s23 c6 u/ftp<br>Должина:1 метар | 510 |
| 40 | Мрежен кабел за поврзување од уред за мрежна безбедност до интерен приклучок | Производител :Драка<br>Модел :DRAKA uc400 s23 c6 u/ftp<br>Должина:1 метар | 100 |
| 41 | Пластични канали за монтирање на оптички,електрични и мрежни кабли | Производител :Драка<br>Модел :DRAKA uc400 s23 c6 u/ftp<br>Должина:1 метар | 30 |
| 42 | Пластични канали за монтирање на оптички,електрични и мрежни кабли | Производител :Акис<br>Модел :Пластични канали за монтирање на оптички,електрични и мрежни кабли 25x25<br>Должина:1 метар | 612 |
| 43 | Струен кабел | Производител :Про Зденка Кабли<br>Модел :NYM J 5x4<br>Должина:1 метар | 24 |
| 44 | Струен кабел | Производител :Про Зденка Кабли<br>Модел :NYM J 3x2.5<br>Должина:1 метар | 141 |
| 45 | Штрафови | Производител :Алл4Нет | 20 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Модел :Штрафови за поставување за мрежна опрема | |

**Член 2**

Движните ствари наведени во член 1 од оваа Одлука Општина Карпош ги прифаќа на трајно користење, без надомест, а за потребите на општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“ Општина Карпош Скопје.

**Член 3**

Примопредавањето на недвижната ствар од член 1 на оваа Одлука ќе се изврши помеѓу Министерството за образовние и наука и Општина Карпош и за таа цел Градоначалникот на Општина Карпош и Министерот за образование и наука ќе потпишат договор.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да склучи Договор за прифаќање за трајно користење на движни ствари без надомест со Министерството за образование и наука, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-8851/31
Датум 17.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р

СОДРЖИНА

1. Заклучок, со Решение за објавување
2. Програма за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година, со Решение за објавување
3. Програма за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетската ефикасност за 2025 година, со Решение за објавување
4. Програма за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2025 година, со Решение за објавување
5. Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година, со Решение за објавување
6. Програма за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година, со Решение за објавување
7. Програма за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2025 година, со Решение за објавување
8. Програма за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година, со Решение за објавување
9. Програма за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година, со Решение за објавување
10. Програма за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2025 година, со Решение за објавување
11. Програма за активностите во областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2025 година, со Решение за објавување
12. Програма за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2025 година, со Решение за објавување
13. Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2025 година, со Решение за објавување
14. Програма за одбележување на 49-годишнината од формирањето на Општина Карпош, со Решение за објавување
15. Програма за уривање на објекти кои се бесправно изградени на територија на Општина Карпош и асистенција за 2025 година, со Решение за објавување
16. Буџет на Општина Карпош за 2025 година, со Решение за објавување

17. Одлука за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година, со Решение за објавување
18. Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2025 година, со Решение за објавување
19. Одлука за вредноста на бодот на платите на државните службеници за 2025 година, со Решение за објавување
20. Буџетски календар за 2025 година, со Решение за објавување
21. Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош за 2025 година, со Решение за објавување
22. Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2025 година, со Решение за објавување
23. Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за доделување на еднократна парична помош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година, со Решение за објавување
24. Решение именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисија за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година, со Решение за објавување
25. Решение за именување-верификација членови на Советот на Општина Карпош за членови во Комисијата за Карпошово културно лето 2025, Еднократна финансиска поддршка за културни активности и Финансиска поддршка за проекти од културата за 2025 година, со Решение за објавување
26. Решение за именување - верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за членови во Комисијата за Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение, Еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација и Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош за 2025 година
27. Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2025 година, со Решение за објавување

28. Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за награда за најдобро уреден ЕКО училишен двор/катче за 2025 година, со Решение за објавување
29. Одлука за прифаќање движни ствари на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија - Министерство за образование и наука за потребите на ООУ „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош Скопје, со Решение за објавување

Издавач:
Општина Карпош
Уредува: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот
Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци

Број 22 Година XVIII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, декември 2024

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055-902*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување на Програма за урбанистичко планирање за 2025 година**

1. Се објавува Програма за урбанистичко планирање за 2025 година, донесена на педесет и деветта седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9368/1** ГРАДОНАЧАЛНИК
**Датум:25.12.2024 година** НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Скопје** **Стевчо Јакимовски, с.р.**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018



Врз основа на член 22, став 1, точка 1, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и Член 40 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), Советот на Општина Карпош, на 59. седница, одржана на 24 декември 2024 година, донесе:

# ПРОГРАМА ЗА
# УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ЗА 2025 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Со донесување на системските закони кои се однесуваат на локалната самоуправа, а во контекст на процесот на децентрализација, општините добиваат и надлежност која се однесува на спроведување на постапка за донесување на Детални урбанистички планови. Основен услов за развој на една општина е урбанизација на просторот. Согласно законската регулатива се прифаќаат и иницијативи од граѓани за усогласување со урбанистичките планови и можност на решавање на имотно правни работи.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на Програмата на Општина Карпош од областа на Урбанистичките планови:

1. **Изготвување на Детален урбанистички план**

- Основни мотиви за изготвување на Деталните урбанистички планови е усогласување на предметниот простор со основните поставки со Генералниот урбанистички план на Град Скопје. Основа на изготвување на планската документација е документационата основа во која се систематизирани податоци за постојната состојба во рамките на планскиот опфат, анализа на можностите за просторен развој и програмските проекции на подрачјето на планскиот опфат.

2. **Граници на територијалните единици за планирање на просторот**

Во Генералниот урбанистички план се одредени границите на териоријалните единици за планирање и тоа:

- Граници на подрачјата на градските четврти
- Граници на подрачјата на планските опфати на деталните урбанистички планови со кои Генаралниот урбанистички план ќе се спроведува.
- Градската четврт по правило се состои од повеќе плански опфати на детални урбанистички планови кои се предходно дефинирани со Блокови согласно регулациски план на ГУП на град Скопје

Во согласност со одредбите на Член 22 и Член 40 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), стручните служби од Одделението за просторно и урбанистичко планирање при Општина Карпош пристапија кон изработка на Анализа на степенот и начинот на спроведување и реализација на урбанистичките планови на територијата на Општина Карпош за 2024 година.

Анализата е концепирана согласно Член 18, став (6) и Член 19 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и е дадена како прилог на оваа Програма.

Цел на анализата е добивање на целосен сумиран преглед за состојбите во просторот, како би можеле да оформат стратегии и да се преземат правилни мерки за одржлив развој на општината.

## III. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 01 - СРЕДНО НЕРЕЗИ, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
2. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 03, БЛОК 01, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
3. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 03, БЛОК 02, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
4. ДУП ЗА БЛОК Ј 03.04, ДЕЛ ОД ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј03, ОПШТИНА КАРПОШ.
5. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј03 – ТРН ДОЛ, БЛОК 5, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.

6. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЛОК Ј 03.06, ДЕЛ ОД ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 03, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
7. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј03, БЛОК Ј03.09, ОПШТИНА КАРПОШ.
8. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј03, БЛОК Ј03.11, ОПШТИНА КАРПОШ.
9. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 02, ПОТЕГ ПОМЕЃУ ЖДАНЕЦ И НЕРЕЗИ, ЛОКАЛИТЕТИ А, Б И В, ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ.
10. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З02, БЛОК З02.02, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
11. ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БЛОК 8 ОД ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 05, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.
12. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 06, БЛОК 02, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
13. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З06, БЛОК 03, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.
14. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 06, БЛОК 5, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
15. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 06, БЛОК 6, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
16. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З06, БЛОК 08, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
17. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З06, БЛОК 10 - ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ.
18. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 06, БЛОК 11, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
19. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 07, БЛОК 01, ОПШТИНА КАРПОШ .
20. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 07 , БЛОК 3, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ .
21. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 19, ОПШТИНА КАРПОШ.
22. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 26 БЛОК 01, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
23. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 26, БЛОК СЗ 26.02, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.

24. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ26, БЛОК СЗ 26.05, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.
25. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 03, БЛОК 06, ОПШТИНА ЧАИР, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.
26. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01, БЛОК 03, ОПШТИНА КАРПОШ (ПО НОВ РПЧ).
27. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01, БЛОК ССЗ 01.04, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
28. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 02, БЛОК 04, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.
29. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 02, БЛОК 05, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.
30. ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 15, Блок 02.
31. ДУП ЗА БЛОК 4 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС15 - КРИВИ ДОЛ, КО КАРПОШ, ОПШТИНА КАРПОШ.
32. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 15 – КРИВИ ДОЛ, БЛОК 8, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
33. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З04, БЛОК З04.04, ОПШТИНА КАРПОШ.
34. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З04, БЛОК З04.03 ОПШТИНА КАРПОШ.
35. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З04, БЛОК З04.06 ОПШТИНА КАРПОШ.
36. ДУП ЗА БЛОК ССЗ 01.10, ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.
37. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 01 БЛОК 03 ВО ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.
38. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј04, ОПШТИНА КАРПОШ.
39. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ "З 08" ОПФАТ ПОМЕЃУ БУЛ. ИЛИНДЕН, УЛ. ФРАНКЛИН РУЗВЕЛТ, БУЛ. ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ И БУЛ. 8-МИ СЕПТЕМВРИ.
40. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 09, ПОМЕЃУ БУЛ. ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ, УЛ. ФРАНКЛИН РУЗВЕЛТ, БУЛ. М.Т.ГОЛОГАНОВ И БУЛ. 8-МИ СЕПТЕМВРИ, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.
41. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ01, БЛОК 06, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.

42. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01, БЛОК 5 ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.
43. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01, БЛОК 2 ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.

## V. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО

1. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БАРДОВЦИ, РАЗРАБОТКА НА БЛОК 42, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
2. ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПС БАРДОВЦИ – РАЗРАБОТКА НА БЛОК 10, КО БАРДОВЦИ, ОПШТИНА КАРПОШ.
3. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БАРДОВЦИ, ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА БЛОК 12, ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ.
4. ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА БЛОК 2 И БЛОК 3 ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ССЕЛО БАРДОВЦИ, РАЗРАБОТКА НА БЛОКОВИ 1, 2, 3, 4 ,5 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 И 18.

## VI. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ

1. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ СОГЛАСНО ЧЛЕН 63 ОД ЗАКОН ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ (СЛ. ВЕСНИК НА РСМ БР. 32/20, 111/23 и 171/24 И 224/24).
2. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ СОГЛАСНО ЗАКОН ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ (СЛ. ВЕСНИК НА РСМ БР. 32/20, 111/23 и 171/24), СО ИСКЛУЧОК НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ СОГЛАСНО ЧЛЕН 58 СТАВ 2 И ЧЛЕН 58 СТАВ 6 ОД ПРЕТХОДНО НАВЕДЕНИОТ ЗАКОН.

## VII. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 2.000.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

Определени финансиски средства можат да бидат обезбедени и од приватни иницијативи на заинтересирани граѓани.

Програмата генерира отворени можности за почнување нови постапки за изработување и донесување на детални урбанистички планови, односно нивно изменување и дополнување. Утврдувањето на потребата е уредена во член 22 став (4) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20, 111/23 и 171/24) врз основа на анализа на начинот на спроведување на плановите, а вредноста за изработка на детален урбанистички план ќе се пресметува во согласност со Тарифникот, што е обврска вградена во член 81 од цитираниот Закон (форматиран како калкулатор за пресметка на вредност на Детален урбанистички план со детална регулација од 1 до 100 хектари).

## VIII. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Во текот на годината, во зависност од потребите оваа Програма може да претрпи измени и дополнувања.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од јануари 2025 година.

**Број 09-9184/3**
**Датум 24.12.2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за одржување Бадникови поворки во с.Бардовци**

1. Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за одржување Бадникови поворки во с.Бардовци, донесена на педесет и деветта седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9368/2**
**Датум:25.12.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024) како и Барањето бр.11-9235/1 од 19.12.2024 година, Советот на Општина Карпош, на 59. седница, одржана на 24 декември 2024 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА
## за одобрување финансиски средства за одржување Бадникови поворки во с.Бардовци

### Член 1

Со оваа одлука се усвојува барањето бр.11-9235/1 од 19.12.2024 година поднесено од Црковен одбор Св.Троица с.Бардовци со која се одобруваат финансиски средства за одржување Бадникови поворки.

### Член 2

За реализација на барањето од член 1 се одобруваат финансиски средства во износ од 100 000,00 (стоилјади) денари плус данок.

### Член 3

Финансиските средства од член 2 се обезбедуваат од Буџетот на Општина Карпош за 2024 година.

### Член 4

Се задолжува Градоначалникот да ја спроведе оваа одлука.

### Член 5

Се задолжува барателот до Општина Карпош да поднесе детален финансиски извештај за потрошените средства, кој во прилог ќе содржи фискални сметки или фактура.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-9184/4
Датум 24.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за давање на согласност за издавање под закуп на објект во сопственост на Општина Карпош, на улица Разловечко востание бб**

1. Се објавува Одлука за давање на согласност за издавање под закуп на објект во сопственост на Општина Карпош, на улица Разловечко востание бб, донесена на педесет и деветта седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9368/3**
**Датум:25.12.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 10; член 62; член 64 и член 67 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024) како и согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Советот на Општина Карпош, на 59. седница, одржана на 24 декември 2024 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА
## за давање на согласност за издавање под закуп на објект во сопственост на Општина Карпош, на улица Разловечко востание бб

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за издавање под закуп на објект запишан во Имотен лист бр.46996, КП бр.770, КО Карпош, објект означен како објект бр.1, со вкупна површина од 698 м2, кој се наоѓа на улица Разловечко востание бб.
Објектот од став 1 на овој член е евидентиран во Имотниот лист како сопственост на Општина Карпош.

**Член 2**

Недвижниот имот од член 1 на оваа одлука ќе се даде под закуп за вршење јавна дејност – детска градинка.

**Член 3**

Недвижниот имот од член 1 на оваа одлука ќе се даде под закуп по пат на јавно наддавање со објава на јавен оглас во согласност со Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост. Недвижниот имот од член 1 на оваа одлука ќе се даде под закуп за период до 10 години.

Член 4

На јавниот оглас ќе може да учествуваат сите заинтересирани правни лица, кои ќе ги исполнуваат условите дефинирани во јавниот повик.

Член 5

Начинот на спроведување на постапката, критериумите за учество, содржината на понудата и почетната цена на закупнината ќе бидат дефинирани во јавниот повик.

Член 6

Почетната цена не смее да биде помала од 0.5% од проценетата вредност утврдена согласно Извештајот за процена на недвижен имот.

Член 7

Основен критериум за избор на најповолен наддавач ќе биде највисоката понудена месечна закупнина.

Член 8

Постапката за елекртонското јавно наддавање за издавање под закуп на објектот од член 1 на оваа одлука да ја спроведе Комисија за спроведување на постапка за издавање под закуп на деловен простор во сопственост на Општина Карпош за јавно наддавање, формирана од страна на градоначалникот на Општина Карпош.

Член 9

Градоначалникот на Општина Карпош ќе склучи договор за давање под закуп на недвижниот имот опишан во член 1 од оваа одлука, со најповолниот понудувач, заради регулирање на правата и обврските што произлегуваат од закупот на недвижниот имот.

Договорот да содржи извршна клаузула и да се направи потврда на приватната исправа – солемнизација пред надлежен нотар.

Член 10

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-9184/5 
Датум 24.12.2024 година 
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за прифаќање на донација од КАМ ДОО Скопје**

1. Се објавува Одлука за прифаќање на донација од КАМ ДОО Скопје, донесена на педесет и деветта седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9368/4**
**Датум:25.12.2024 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), врз основа на одредбите од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности ( „ Службен весник на Република Македонија “ бр.47/06,86/08, 51/11, 28/14 и 153/15 ) и Предлог за донација бр.54-9253/1 од 19.12.2024 година од КАМ ДОО Скопје, Советот на Општина Карпош на 59. седница одржана на 24 декември 2024 година, донесе

## ОДЛУКА
## за прифаќање на донација од КАМ ДОО Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Карпош во својство на примател на донација ја прифаќа понудата за донација бр.54-9253/1 од 19.12.2024 година од КАМ ДОО Скопје во материјални добра – кои се состојат од производи дел од асортиманот во сопственост на давателот на донацијата:

| Детско новогодишно пакетче | | | | |
|---|---|---|---|---|
| шифра | опис | Количина | Цена единечна | Цена вкупно со ДДВ |
| 1251 | пакетче | 300 | 199 | 59.700,00 |

Пакетчињата се со состав:

- Гаја млечно чоколадо 90гр ;
- Крем банани Алпико 90гр ;
- Кроасан Лулу 80гр ;
- Чоко тортица -поп кејк Бифа 40гр ;
- Сок праска Таково 200мл ;
- Бонбони Цевитана 27гр ;
- Салути флипс 80гр ;
- Ричи корнет Бифа 25гр .

Вкупна вредност на донацијата на материјалните добра изнесува 59.700,00 денари.

**Член 2**

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Предмет на оваа одлука е давање донција заради поддршка на дејности од јавен карактер.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-9184/6
Датум 24.12.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, аво врска со член 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), согласно со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Решение за утврдување на престанок на мандатот на директор на основно општинско училиште „Лазо Трповски“ – Општина Карпош – Скопје**

1. Се објавува Решението за утврдување на престанок на мандатот на директор на основно општинско училиште „Лазо Трповски“ – Општина Карпош – Скопје, бр.11-9270/1 од 20.12.2024 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9368/5**
**Датум:25.12.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Број: 11-9270/1
Датум: 20.12.2024 год.
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 ) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24 ) а во согласност со член 109, став 6 и став 7 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/20 и бр.229/20), Градоначалникот на Општина Карпош го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

**за утврдување на престанок на мандатот на директор на основно општинско училиште „Лазо Трповски“ – Општина Карпош – Скопје**

1. Со ова решение се утврдува престанок на мандатот на директорот СОЊА ЈОВАНОВСКА во основното општинско училиште „Лазо Трповски“, Општина Карпош-Скопје, поради истек на мандат на директор во општинското основно училиште „ Лазо Трповски “ Општина Карпош, Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.

Изготвил: Емилија Арсовска
Раководител на одделение за образование
Одобрил: Весна Стефанова
Секретар на Општина Карпош

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски, с.р.

**Доставено до:**

- ООУ „Лазо Трповски“ ,
- Именуваната,
- Сектор за дејности од јавен интерес и
- Архивата

Врз основа на член 50, аво врска со член 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), согласно со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Решение за именување вршител на должноста на директор во општинското основно училиште ,,Лазо Трповски“ – Општина Карпош – Скопје**

1. Се објавува Решението за именување вршител на должноста на директор во општинското основно училиште „Лазо Трповски“ – Општина Карпош – Скопје , бр. 11-9270/2 од 20.12.2024 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9368/6**
**Датум:25.12.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Број: 11-9270/2
Датум: 20.12.2024 год.
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 ) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24 ) а во согласност со член 118, став 4 и став 5 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/20 и бр.229/20), Градоначалникот на Општина Карпош го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

**за именување вршител на должноста на директор во општинското основно училиште „Лазо Трповски“ – Општина Карпош – Скопје**

1. Поради истек на функцијата директор во ООУ„Лазо Трповски“, за вршител на должноста директор од редот на вработените во ООУ „Лазо Трповски,“ , СЕ ИМЕНУВА лицето СОЊА ЈОВАНОВСКА.

2. Функцијата вршител на должноста на директор именуваната од точка 1 на ова решение ќе ја врши до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од неговото именување.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 21.12.2024 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 109, став 6 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19 и 229/20), функцијата директор на основно општинско училиште „Лазо Трповски“-Скопје на Соња Јовановска со Решение за именување бр.11-6910/8 од 18.12.2020 година, истекува на ден 20.12.2024 година.
Соглсно член 118, став 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19 и 229/20 по истек на функцијата директор во ООУ„Лазо

Трповски“,се именува вршител на должноста директор од редот на вработените во ООУ „Лазо Трповски“- Скопје.

Врз основа на горе изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.

Изготвил: Емилија Арсовска
Раководител на одделение за образование
Одобрил: Весна Стефанова
Секретар на Општина Карпош

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски, с.р.

Доставено до :
- Именуваната,
- Одделение за образование
- ООУ Лазо Трповски и
- Архивата

СОДРЖИНА

1. Програма за урбанистичко планирање за 2025 година, со Решение за објава
2. Одлука за одобрување финансиски средства за одржување Бадникови поворки во с.Бардовци, со Решение за објава
3. Одлука за давање на согласност за издавање под закуп на објект во сопственост на Општина Карпош, на улица Разловечко востание бб, со Решение за објава
4. Одлука за прифакање на донација од КАМ ДОО Скопје, со Решение за објава
5. Решение за утврдување на престанок на мандатот на директор на основно општинско училиште „Лазо Трповски“ – Општина Карпош – Скопје, со Решение за објава
6. Решение за именување вршител на должноста на директор во општинското основно училиште „Лазо Трповски“ – Општина Карпош – Скопје, со Решение за објава

Издавач:
Општина Карпош
Уредува: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот
Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци